ISO 9001:2008
FS 549642

СТОПАНСКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА АКТИВНОСТИТЕ
# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА
# НА МАКЕДОНИЈА
# ВО 2011 ГОДИНА

*Јануари 2012 година*
*С к о п ј е*

# ВОВЕД КОН ИЗВЕШТАЈОТ

## Некои фактографски податоци:

Во периодот од 01.01.2011 до 30.12.2011 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:



- 1256 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 10.362 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 320 АТА-карнети;
- 28 потврди за ексклузивитет;
- 3 потврди за слободна продажба;
- 40 потврди за производител;
- 16 потврди за членство во Комората;
- 287 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 9 мислења за исполнување на економските услови.

Во периодот од 01 - 12. 2011 година во организација на Стопанската комора на Македонија, одржани се следниве настани:

- **Саеми:** учество на 28 меѓународни саеми во странство со вкупно 252 македонски фирми во следниве земји: Турција, Хрватска, Оман, Србија, Италија, Косово, Словенија, Бугарија, Грција, Романија, Индонезија и Швајцарија
- **Бизнис форуми:** - вкупно 18 бизнис форуми, со 291 присутни компании со следниве земји: Хрватска, Косово, Србија, Унгарија, Романија, Грција, Русија, Турција и Италија
- **Презентации** - вкупно 8 со 367 присутни компании;
- во Апликацијата на Регистарот на компании внесени се 1056 странски компании и врзани за сервисот со објава на понуда/побарувачка;
- внесени се и извршени се корекции во контакт-податоците на македонски компании нови членки 107 (на три јазика - македонски, англиски и албански, објавени се нивни понуди),кои побарале услуги од сервисот понуда/побарувачка и на тој начин станале нови членки на Комората. Од нив, во грчкиот проект Агрополис од областа на земјоделството внесени се во електронскиот регистар 26 компании;
- во периодот од 12 месеци обработени се 280 барања од македонските амбасади во Хрватска, Турција, Германија, Грција, Бугарија, Италија, Босна и Херцеговина,Словенија, Србија, Кина, Израел, Романија, Чешка, Индија, Црна Гора, Албанија, Белгија, Пакистан, Полска, Холандија, Сирија, Словачка, Швајцарија, Бангладеж, Велика Британија, Египет, Естонија, Казахстан, Канада, Латвија, Финска, Шпанија, Шри Ланка**,** испратени се одговори по електронска пошта до амбасадите од каде што доаѓаа барањата, до Министерството за надворешни работи и компанијата за соработка во соодветната земја, по ИСО-стандарди за секоја испратена е-порака;
- во периодот од 12 месеци одговорено е на 472 електронски барања и има записи по ИСО стандарди по месеци;
- во периодот од 12 месеци обработени се 76 барања од коморите во Словенија, Хрватска, Србија, Романија, Грција, Полска, Бугарија. Барањата се состојат во барање на контакт-податоци на македонски компании- членки на Комората, потврдување дали се` уште се активни фирмите, што е нивната дејност, кој е бонитетот, колку е нивниот капацитет за извоз и друго;
- македонските компании кои користеле сервиси во Комората се вклучени во Инфо Пултот 2011, вкупно 71, се внесени во електронскиот систем на Агенцијата за претприемништво, изработени се 7 детални извештаи, а 70 анкетни листови се пополнети за видот на услугите кои ги барале, со завршен извештај, и истите се доставени до Агенцијата за претприемништво на Република Македонија.
- Во извештајниот период, Стопанската комора на Македонија ја посетија дипломатско-конзуларни претставници на Грција, Франција, Молдавија, Португалија, Белгија, Индонезија, Лаос, Холандија, Аргентина, Бугарија, Романија, Турција, Србија, Хрватска и БиХ во Република Македонија.
- Новоименуваните дипломатско-конзуларни претставници на Република Македонија во Израел, Италија, САД, Кина, Индија, Катар, Данска, Египет и во Турција беа запознати со Стопанската комора на Македонија и брифирани за потребите за унапредување на стопанската соработка со земјите во кои се назначени.
- На трговските промотори на Република Македонија во САД, Велика Британија, Турција, Белгија, Канада, Франција, Србија и Хрватска им беше овозможено промовирање и средби со компании-членки на Комората.

# ОД РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ
# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Стопанската комора на Македонија го одбележа значајниот датум - 89 години од своето постоење - ЗА ИЗЛЕЗ ОД КРИЗАТА НАЈВАЖНИ СЕ ИНИЦИЈАТИВИТЕ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР!**

На грандиозна свеченост во скопскиот хотел „Холидеј Ин“, во присуство на најголемите бизнис и коморски лидери во регионот, на преку 300 членки, претставници од владини институции, претставници на партнерските институции, дипломатскиот кор, како и на најголемите странски инвеститори во државава, Стопанската комора на Македонија го одбележа значајниот датум - 89 години од своето постоење (18.2.2011 година).



- Ние имаме јасна визија. Наша стратешка цел, како најстара и најбројна бизнис-асоцијација, оваа година е да наметнеме дискусија за **промена на досегашниот модел на економски развој.** Не претендираме дека нашата вистина е единствена, туку сакаме да ги убедиме сите носители на економска политика дека она што го прави Турција е можно и во нашата земја, дека само таков раст може да го подигне нивото на животниот стандард и на стандардот на компаниите, истакна Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија.Според Бранко Азески, Комората покажува и докажува и испраќа јасна порака дека ќе ги поддржува сите активности во државата што ќе бидат во насока на нејзин развој, **пред се`, на зголемувањето на инвестициите, извозот и развојот на инфраструктурата.** На собирот се обрати Рифат Хисарџиолу, заменик-претседател на Асоцијацијата на европските комори, Eurochambres, и претседател на Унијата на турските комори и стоковни берзи – ТОББ, кој зборуваше за движењата во светската, односно европската економија во посткризниот период.




- Се` уште има многу непознати во поглед на правецот на справувањето со силната криза која го потресува целиот свет. Потребно е да се редизајнираат темелите на реформите кои се применуваат во пракса, бидејќи очигледно има незнаење и неснаоѓање кај клучните инсituции во светот и кај владите и на најразвиените економии. За излез од тешката економска состојба најважни се иницијативите на приватниот сектор. Истовремено многу е битно да се запре трошењето на јавните пари, – посебно подвлече Рифат Хисарџиолу. Според неговото мислење, излезот од големата економска криза не може да се оствари со поединечни мерки на земјите, туку е неопходно да се воспостави соработка на сите заедно, на сите институции на глобално ниво.

Д-р Слободан Милосављевиќ, министер за трговија и услуги во Владата на Република Србија и поранешен претседател на Стопанската комора на Србија, зборуваше за Балканот како заеднички економски простор, а посебно се осврна на економските релации меѓу Република Македонија и Република Србија, која е втор најголем надворешно-трговски партнер на земјава. Економиите во регионот се мали, а токму ЦЕФТА-Спогодбата, но без бариери, е развојната шанса за сите овие држави во правец на привлекување на странските инвестиции

кои треба да бидат двигател на нивниот развој. Според д-р Слободан Милосављевиќ, единствено земјите кои имаат производ имаат шанса за настап на пазарите на Европската унија и воопшто на глобалниот пазар. Затоа е неопходно да се креираат и заеднички производи и со нив да се настапува на трети пазари. Меѓу нив, тој ги спомена дел од државите на некогашниот СССР, со кои Србија има склучено договори за слободна трговија (Казахстан, Белорусија...), пазарите на Северна Африка, регионот на земјите од Голфот, или некои трети пазари.

Традицијата на претставување на најуспешните компании и бизнис-лидери во Комората продолжи и годинава. Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија донесе Одлука за доделување награди на компании за 2010 година, за бизнис-лидери и специјални признанија. Нив им ги врачи м-р Владимир Пешевски, потпретсадетел на Владата на Република Македонија. „Игм - Трејд" ДОО – Кавадарци ја доби наградата за компанија со најголем пораст на производството во 2010 година. „Фени индустри" АД – Кавадарци, ја доби наградата за компанија со најголем пораст на нето-извозот во 2010 година. АД „Електрани на Македонија" ја доби наградата за компанија со најголема инвестициона активност во 2010 година. „Алкалоид" АД - Скопје ја доби наградата за компанија со најголема инвестициона активност во научно-технолошки развој во 2010 година.„Македонски телеком" АД - Скопје ја доби наградата за најпрофитабилна компанија во 2010 година. Штерјо Наков, генерален директор и претседател на Управниот одбор на „Фершпед" АД - Скопје, ја доби наградата за долгогодишна коморска активност. Минчо Јорданов, како претседател на Одборот на директори на „Макстил„ АД - Скопје, ја доби наградата за најголема донаторска активност во 2010 година.„РЕНОВА" од с. Џепчиште доби специјално признание и од Стопанската комора на Македонија за најдобра средна компанија од Македонија во изборот на Eurochambres во 2010 година. „Макпрогрес" ДОО – Виница доби специјално признание за компанија која во 2010 година извезе во најмногу земји во светот, а „Технички гасови" АД – Скопје доби и специјално признание за компанија која присуствуваше на најголем број едукативни настани во Комората во 2010 година. Честитајќи им ги признанијата, потпретседателот на Владата на Република Македонија, Владимир Пешевски, посебно ја нагласи добрата соработка меѓу извршната власт и Стопанската комора на Македонија.



# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**2.02.2011 година**

**Шеста седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

**На седницата на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија беше извршена презентација на најновите измени на Царинскиот закон и новините во царинското работење - ЦЕЛОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Измените на Царинскиот закон во делот на прилагодувањето на домашното законодавство со правото на Европската унија ќе имаат финансиски импликации врз компаниите, - предупредуваат стопанствениците и најавуваат дека е можно да побараат пролонгирање на овие одредби чие процесуирање е предвидено за 31 март 2011 година. Не е исклучено бизнисмените да побараат старт на измените истовремено со почетокот на преговорите на Македонија за членство во ЕУ.  - Се работи за многу сериозно прашање кое треба така и да се третира, посебно одредбите кои се однесуваат на потребата од 100 процентна гаранција за изозните трошоци и трошоците на царинската постапка. Има и низа други што значат однапред обезбедување на сите можни финансиски ризици во траењето на царинската постапка. Зборувам само за делот на усогласувањата со законските прописи на ЕУ, другите одредби не се спорни и може да бидат затворени во тој рок, - изјави Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, по презентацијата на измените на Царинскиот закон.




- Да не беше финансиската криза, сами ќе баравме овие измени побрзо да се спроведат, но во вакви услови на неликвидност која се` уште владее во македонската економија, може отежнувачки да влијаат на вкупната позиција на фирмите, - нагласи Бранко Азески. По сериозна анкета во текот на месецов стопанствениците ќе излезат со конкретен предлог - дали ќе прифатат примена на одредбите веднаш или ќе препорачаат Владата и Собранието тоа да го сторат подоцна. Инаку, главните цели на измените на Царинскиот закон, кои беа презентирани пред членките на Стопанската комора на Македонија, се состојат во натамошно усогласување на одредбите на македонското царинско законодавство со царинското законодавство на ЕУ, како и еднообразна употреба на стандардната терминологија која се користи во Царинскиот закон на Европскта унија.Во текот на презентацијата, Артур Лиман од Финската царина оцени дека усогласувањето на македонското царинско законодавство со европското засега оди добро и треба да продолжи, пред се` заради неминовната потреба на Република Македонија, како земја-кандидат за членство во ЕУ, полесно да пристапи и да се вклучи во посебната комуникациска мрежа на земјите-членки, во делот на царинската постапка. Со предложените измени и дополнувања на овој закон се врши целосно усогласување на одредени одредби од Законот кои се однесуваат на постапката која се применува при внесување на стоката во царинското подрачје до одредување на царински дозволеното постапување или употреба, транзитната постапка, како и постапката за обезбедување, настанување, евидентирање и наплата на царинскиот долг, со Царинскиот закон на Заедницата. Исто така, се врши и допрецизирање на одредени одредби од Законот, со цел да се овозможи изедначување на

употребата на вообичаената терминологија која се користи во Царинскиот закон на Заедницата. Со предложените измени и дополнувања на одредбите на овој закон се врши целосно усогласување со одредби од регулативата на Заедницата 01992R2913.Имено, со предложените измени и дополнувања на одредбите од Законот, се уредуваат начинот и постапката за обезбедување, настанување, евидентирање и наплата на царинскиот долг и каматата, со што оваа постапка целосно се усогласува со одредбите од Царинскиот закон на Европската унија со кои е уредена, а истовремено се врши усогласување со поединечни одредби од модернизираниот Царински закон на Европската унија. Воедно, извршени се измени и дополнувања со кои се врши целосно усогласување на транзитната постапка, бидејќи во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година, во делот на Поглавјето 29: Царинска унија, тоа е наведено како неусогласен дел.Во поголемиот дел на предложените измени и дополнувања се вршиотстранување на разликите во употребените термини, формулацијата и суштината на истите во однос на легислативата на Европската унија од областа на царината.

**20.4.2011 година**

**Седма седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Информација за законските прописи од значење за стопанството;
- Утврдување на Статутот на Стопанската комора на Македонија (заради усогласување со Законот за стопанските комори („Службен весник на РМ“ бр. 187/2011).

**20.4.2011 година**

**Осма седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Одлука за именување извршен директор на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за именување членови на претседателството на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија.

**5.9.2011 година**

**Деветта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Одлука за именување претседател, потпретседатели и почесен претседател на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија

**26.10.2011 година**

**Десетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Правила за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија

**30.11.2011 година**

**Единаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Соработка на бизнис- заедницата со Управата за јавни приходи;
- Информација за новите законски прописи од значење за стопанството;
- Листи на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија.

**30.11.2011 година**

**Средба на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија со Горан Трајковски, директор на УЈП и неговите соработници - ЗАЕДНИЧКА ЗАДАЧА Е ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА И ОТСТРАНУВАЊЕ НА „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА**

Нелојалната конкуренција нанесува голема штета на легалната економија, а дел од неа произлегува од затајувањето на даночните обврски или од неевидентираните учесници во бизнисот од Управата за јавни приходи. Повикувајќи се на Повелбата за правата на даночните обврзници, покрај професионална и коректна услуга, за бизнис-заедницата најважно е УЈП да обезбеди сите даночни обврзници да го платат само оној износ што го

должат согласно законот, ни повеќе ни помалку. Ова беше побарано на седницата на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, на која се расправаше за соработката на бизнис-заедницата и Управата за јавни приходи. Членовите на Управниот одбор имаа средба со Горан Трајковски, директор на Управата за јавни приходи на РМ и со неговите соработници. Стопанската комора на Македонија, во интерес на своите членки, ќе оствари активна соработка со УЈП за успешна реализација на проектите, предвидени со Програмата за работа на Владата на РМ за периодот 2011-2015 година, во делот на реформите во даночната политика и практика, а пред се` во обезбедувањето финансиска дисциплина. Стопанската комора на Македонија се залага за зајакнување на финансиската дисциплина и во тие рамки ги поддржува активностите и мерките на УЈП за доследно спроведување на одредбите од Законот за фискализација на плаќањата и издавање на фискални сметки, во функција на почитување на принципите на конкурентност на пазарот од страна на сите стопански субјекти. За градежништвото, и за неколку други гранки, меѓу кои и за откупот на секундарни суровини, ќе се воведе системот „еден потфат – еден даночен обврзник“, – истакна само дел од измените кои ги очекуваат даночните обврзници во 2012 година и натаму. Членките на УО повторно побараа пребивање меѓу даночните обврски и даночните побарувања во моментот на царинењето. Со тоа ќе се даде значаен придонес во премостувањето на финансиските проблеми во тековното работење, а посебно во кризни услови на стопанисување. На седницата беше нагласено дека Стопанската комора на Македонија ќе се вклучи во реализацијата на проектите кои се во функција на бараното поедноставување на постапките, со цел намалување на административните трошоци. Тоа се однесува на: - Е-даноци - доставување на даночните пријави, увид во даночните картички, преглед на евиденцијата за платените даноци и слично; - Е-ДДВ - воспоставување систем на нумерирани фактури со што ќе се намали потребата за инспекциски надзор во делот на контрола на веродостојноста на ДДВ-фактурите; - Е-регистарот за статусна промена за даночни цели - можност електронски да се пријават статусни промени во УЈП; - GPRS во фискализацијата - воведување систем за следење во реално време на готовинските плаќања и прометот, со што ќе се намалат теренските контроли (реализација: јуни 2012 година, пилот-фаза со вклучување на големите трговски синџири, бензински пумпи и казина и обложувалници, а целосна реализација до крајот на 2014 година); - Е-аукции - продажба на запленета стока эа наплата на даночните долгови (декември 2011 година); - потсетници за плаќање и индивидуални даночни сметки за забрзување на наплатата - доставување на СМС-пораки или известувања по електронска пошта за даночните обврски (март 2012 година) и слично.




## СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**20.4.2011 година**

**Петта седница на Собранието**

- Монетарната политика во функција на намалување на каматните стапки;
- Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2010 година;
- Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2010 година;

- Одлука за усогласување на работењето на Стопанската комора на Македонија со Законот за стопанските комори („Сл. весник на РМ“ бр. 17/2011);
- Статут на Стопанската комора на Македонија (заради усогласување со Законот за стопанските комори („Службен весник на РМ“ бр. 17/2011);
- Правилник на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија.

**15.12.2011 година**

**Шеста седница на Собранието**

- Програмски насоки на активностите на Стопанската комора на Македонија во 2012 година;
- Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2012 година;
- Одлука за избор на двајца членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за верификација на мандатот на ново предложениот претставник од ЕВН Македонија за член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за верификација на мандатот на новиот претставник од Здружението за енергетиката, црната и обоената металургија во Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за изменување и дополнување на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
- Пречистен текст на Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија.

## Законот за стопанските комори - ЗАКОНСКА РАМКА ЗА СОВРЕМЕНО РАБОТЕЊЕ И ЗАЕДНИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НАДВОР ОД ДРЖАВАТА

Подобра организираност, координираност и заштита на интересите на деловните субјекти-членки на стопанските комори, како и нивно заедничко претставување, настапување и соработка со други бизнис-заедници, организации и институции надвор од Република Македонија се целите на усвоениот Закон за стопански комори, донесен на 135.седница на Собранието на Република Македонија, со кој своето работење го усогласи и Стопанската комора на Македонија, донесувајќи го новиот Статут на Комората. Новиот Статут, усогласен со Законот за стопанските комори беше донесен на Петтата седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија. Досегашниот начин на уреденост на основањето, организацијата и работењето на стопанските комори во Република Македонија и непостоењето на заедничко тело кое сите нив еднакво ќе ги застапува и презентира во земјава и странство, не ги даваше посакуваните ефекти во нивното работење, што беше причина за изготвување на овој закон од страна на Министерството за економија. Со цел да се надмине постојната состојба во Република Македонија, се донесе овој закон кој ќе се однесува на работењето на стопанските комори кај нас и ќе го уреди начинот на нивното меѓусебно здружување и поврзување, со цел нивно заедничко и координирано настапување на домашен и меѓународен план. Законот за стопански комори содржи одредби со кои се уредува предметот, целите, статусот и начинот на регистрација на коморите, членството во коморите кое е доброволно, основање на коморите, актите и органите на Комората, нивниот состав и начин на работење, како и формите на нивно организирање и работење (здруженија според дејности, регионални комори и други форми на организирање и работење). Исто така, Законот го регулира и работењето на Комората, со што е дадена можност Комората да врши јавни овластувања кои се утврдени со закон, како начините на финансирање, решавање на настанатите недоразбирања од работењето преку Судот на честа, како независен орган и Постојаниот избран суд - Арбитража при Комората, кој ќе носи одлуки што се конечни и имаат сила на правосилна пресуда. Новина во Законот се одредбите кои се однесуваат на договор за

соработка, а се' со цел заедничко настапување на коморите пред надлежните домашни и меѓународни институции и органи.

## СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**18.02.2011 година**

**Трета седница на Надзорниот Одбор**

- Елаборат на Централната пописната комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2010 година со извештаите на пописните комисии.

**25.03.2011 година**

**Четврта седница на Надзорниот Одбор**

- Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2010 година

**30.11.2011 година**

**Петта седница на Надзорниот Одбор**

- Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2012 година;
- Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2011 година;
- Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансико-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2011 година;
- Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друшво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2011 година;
- Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2011 година.

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ:

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2011

1. **Одржани 40 редовни прес конференции**

2. **Новоформирани 3 Асоцијации и 4 Групации**

3. **ОДРЖАНИ 96 СОСТАНОЦИ И РАСПРАВИ ЗА КОМПАНИИТЕ**

4. **НАД 30 АКТИВНОСТИ НА РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ**

5. **23 МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ НА КОМОРАТА ВО РАМКИ НА ПРОГРАМИ, ПРОЕКТИ И ИНИЦИЈАТИВИ**

6. **ОРГАНИЗИРАНИ БИЗНИС ФОРУМИ, САЕМСКИ МАНИФЕСТАЦИИ И ПРЕЗЕНТАЦИИ ВО ЗЕМЈАТА**

7. **ОДРЖАНИ БИЗНИС ФОРУМИ И САЕМСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО СТРАНСТВО**

8. **ПОСЕТИ НА ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО КОМОРАТА**

9. **Издадени 44 електронски изданија на „Бизнис Инфо“ во просек на околу 40 страници**

10. **РЕАЛИЗИРАНИ 47 СЕМИНАРИ ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ЕДУКАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

11. **ВКУПНО 29 ПОКРОВИТЕЛИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

12. **ИЗДАДЕНИ ДОКУМЕНТИ:**
    - **1256 сертификати за потекло на производите (Форм А);**
    - **10.362 сертификати за потекло на производите (Оригин);**
    - **320 АТА-карнети;**
    - **28 потврди за ексклузивитет;**
    - **3 потврди за слободна продажба;**
    - **40 потврди за производител;**
    - **16 потврди за членство во Комората;**
    - **287 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);**
    - **9 мислења за исполнување на економските услови.**

# ЗА ЧЛЕНКИТЕ

## ОДРЖАНИ 40 ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ:

**10.01.2011 година**

**На прес-конференција претставена Програмата за работа на Стопанската комора на Македонија и промовиран Центарот за имплементација на развојните идеи - ЦИРИ - ПОМОШ ЗА ПОЛЕСЕН ПРИСТАП ДО ЕВРОПСКИТЕ ПАРИ**

Во Стопанската комора на Македонија, на редовна прес-конференција, беше претставена Програмата за работата за годинава. Главен приоритет на делувањето на најстарата и најбројната асоцијација во земјава ќе биде ставен на подобрување на бизнис-климата со цел поголемо производство и повеќе извоз. За таа цел, Комората активно ќе се залага за задржување на макроекономската стабилност, благ пораст на економските активности, интензивирање на јавното приватно партнерство, целосна реализација на капиталните инвестиции, надминување на проблемот со неликвидноста кај компаниите и пребивање на долговите кон фирмите од страна на државата. Тоа се, всушност, клучни очекувања на стопанствениците за оваа година.Стопанската комора на Македонија ќе се фокусира и на интензивирање на соработката со коморите од регионот и Европската унија. Посебен акцент Стопанската комора на Македонија става на поттикнувањето на компаниите да ги користат средствата од европските фондови. Искористеноста на парите од ЕУ-фондовите е многу мала и овој број треба да се зголеми најмалку трипати, доколку се споредуваме со земјите од ЕУ. Во делот на еко-иновациите само Македонија и Црна Гора не аплицирале со проекти. Во таа насока во Стопанската комора стартува со работа Центарот за имплементација на развојните идеи – ЦИРИ, чија цел е да се зголеми бројот на претпријатијата што ќе аплицираат за ЕУ-средствата, зошто на компаниите им е неопходна институционална помош. Немањето доволно финансии и некомпетентноста остануваат главните причини поради кои македонските претпријатија многу малку аплицираат за средствата од ЕУ-фондовите.

**17.01.2011 година**

**Прес во Комората: Унапредување на извозната клима, поддршка на извозот и освојување нови пазари – фокус на Стопанската комора на Македонија во 2011 година - ВО ПОТРАГА ПО ПАРТНЕРИ ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ И КАЈ БРЗОРАСТЕЧКИТЕ ЕКОНОМИИ**

Функцијата на Стопанската комора на Македонија, меѓу другото, е да дава и логистичка поддршка на компаниите во интернационализација на деловните активности со краен резултат - зголемување на извозот. Токму од тие причини, унапредувањето на извозната клима, поддршка на извозот и освојување нови пазари – е во фокусот на Стопанската комора на Македонија во нејзините активноти во 2011 година. Ова го нагласи Љубица Нури, директор на Дирекцијата за меѓународна активност, промовирање и информирање на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија. При моделирањето на активностите се имаше предвид дека: споредбено 11-те месеци 2010/2009 година, вкупната надворешна трговија на Република Македонија е поголем за 12,7% (2009 година во однос на 2008 изнесуваше - 31,2%,) извозот за +22,8% (2009 година во однос на 2008 изнесуваше -35%), а увозот за +6,5% (2009 година во однос на 2008 изнесуваше -29%). Во првите единаесет месеци од оваа година покриеноста на увозот со извозот изнесува 61,8% а трговскиот дефицит изнесува 1,854 милиони САД долари. Процесот на ЕУ-интеграција продолжува, односно либерализацијата на трговијата со ЕУ, како и со ЕФТА - од 2011 година таа целосно ќе се либерализира. Истиот процес продолжува и во рамките на ЦЕФТА. Либерализацијата е постигната, покрај инпутите од ЕУ во рамките на ЦЕФТА како во извозот, така и во увозот со ЕУ и размента на производи во рамките на ЦЕФТА,и во однос на имплементацијата на дијагоналната кумулација на потеклото со Турција, ЕУ, Македонија, Црна Гора и Србија. И во 2011 година фокусот ќе биде насочен кон зајакнување на интернационализацијата на регионалните бизниси, односно поттикнување и поддржување на регионалните комори да воспоставуваат соработка со регионите во други држави, пред се` во земјите од ЈИЕ и ќе се охрабруваат да ја унапредат прекуграничната соработка.Освен унапредувањето на

соработката со ЕУ, ЦЕФТА и со други земји од Југоисточна Европа, во 2011 година особено внимание ќе се посвети на промоција на соработката со земјите од Медитеранската унија, Руската Федерација и земјите од Голфот.

**24.01.2011 година**

**Прес-конференција: Биоразградливите кеси изземени од забраната за употреба на пластични кеси - ЗА ДВЕ ГОДИНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ ЌЕ СЕ ОБЛЕЧАТ ВО ЗЕЛЕНО**

Последните две години употребата на пластичните кеси во Македонија е намалена за 40 до 50 отсто. Наместо нив, некои од поголемите маркети веќе ги користат биоразградливите кои се помалку штетни. Како што беше речено на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија, намерата е многу скоро биоразградливите кеси целосно да ги заменат пластичните иако нивното производството е поскапо и засега само две до три фабрики кај нас се занимаваат со оваа дејност. Според Мирко Јакимовски, претседател на Групацијата за производство и преработка на пластични кеси при Стопанската комора, до 2013 година биоразградливите кеси треба целосно да ги заменат пластичните. Еден тон биоадитиви кои се користат при производството на биоразградливите кеси, чини 10.000 евра. Со оглед дека биодативите се додаваат до три отсто при продукцијата на биоразградливите кеси, вложувањата во однос на пластичните би биле 100 до 300 евра поголеми. До пред 15 години Македонија беше голем увозник на кеси, но денес, освен што ги задоволува своите потреби, остварува и значителен извоз. Увозот е сведен на минимум. Во Македонија околу 25 фабрики произведуваат пластични кеси и нивното пренасочување кон продукција на биоразградливи нема да претставува проблем, сметаат од Стопанската комора.

**31.01.2011 година**

**Прес во Стопанската комора на Македонија за извозот на виното во 2011 година - НЕОПХОДЕН ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА СВЕТСКИТЕ ПАЗАРИ**

На редовната прес конфернција во Стопанската комора на Македонија, Марија Митева, претседател на Групацијата на производители на гројзе и вино, зборуваше за извозот на македонското вино во 2011 година. Стопанската комора на Македонија во координација со Министерството за надворешни работи на РМ, Сојузот на стопанските комори и Комората на Северозападна Македонија уште пред 3 месеци започна интензивни подготовки за презентација на македонското вино во Стокхолм, Шведска. Во организацијата уште од самиот почеток беа вклучени македонската Амбасада во Стокхолм, како и владиниот промотор за Нордискиот регион. Во меѓувреме, се приклучија Аг-Биз, кој ја поддржа презентацијата на домашните винарници, како и Министерството за земјодлство, шумарство и водостопанство преку директно учество и на министерот Љупчо Димовски. Од македонска страна беа пријавени 10 винарници, и тоа: Бовин, Дудин, Тиквеш АД, Сковин, Стоби, ВИК Анџело, Попов, Џумајлија, Лозар и Попова кула. Додека Македонија се обидува да го промовира домашното вино на старо-новите пазари, проблемот со географското потекло од страна на Грција останува нерешен. Квотите за оваа година се високи и доколку се јави проблем со името на етикетите, истите можно е да останат нереализирани. Во досегашните преговори се регулираа квотите за наливно вино и заштитните називи, освен индикациите за регионот зашто е констатирано дека двете страни имаат заштитен ист регион. Наместо досегашните ознаки за контролирано географско потекло, на етикетите ќе се користат кратенките ПДО и ПГИ.

**7.02.2011 година**

**Прес-конференција во Стопанската комора на Македонија за енергетската ефикасност на компаниите - ЗАШТЕДИТЕ КРЕИРААТ КОНКУРЕНТЕН ПРОИЗВОД**

Енергетската ефикаснот добива се` поголемо значење за економскиот и севкупниот живот во државата, поради нагласената потреба од рационално користење на енергијата и зачувување на животната средина. Ова посебно доаѓа до израз во услови на зголемување на цените на енергесните. За ублажување на овој трошковен удар врз инсутријата, како најпогодно можно решение е зголемување на енергетската ефикасност, обновување на технологијата која ќе ги намали трошоците за енергија во производните процеси во индустријата, а со тоа ќе придонесе за зголемена профитабилност и конкурентност – ова беше истакнато на редовната средба со новинарите во Стопанската комора на Македонија.

Стопанската комора на Македонија, преку Групацијата за климатизација, греење, ладење и провертување е посветена на оваа потреба на индустријата, а една од последните активности е семинарот кој имаше за цела да ја прикаже важноста на енергетската ефикасност за зголемување на профитабилноста, како и да ги презентира можностите за финансирање на проекти од енергетска ефикасност во индустријата во Македонија.

**14.02.2011 година**

**Прес-конференција во Стопанската комора на Македонија за состојбите во индустријата на заштитни врати - КИНЕСКИТЕ ВРАТИ ЌЕ ГО ЗАТВОРАТ ДОМАШНОТО ПРОИЗВОДСТВО**




Основен проблем со којшто се соочуваат производителите на безбедносни врати во државата е нелојалната конкуренција од увоз на вакви производи, за кои не постои сигурност за нивниот квалитет и безбедност. Имено, во РМ не постои овластена и акредитирана лабораторија и тела за оценка на сообразноста (за означување на ЦЕ-ознаки согласно Законот за безбедност на производите) со кои би се проверил квалитетот на увезените производи. Сознанијата во Групацијата на производители на заштитни врати се дека ваквата состојба доведува до увоз на заштитни врати со низок квалитет, – беше нагласено на редовната прес-конферeнеција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Анализа на состојбите во производствената индустрија на заштитни врати - донесување правна регулатива за заштитните врати“. Од вкупно реализираниот увоз на заштитни врати во 2010 година во земјава во износ од 2,1 мил. САД долари, половината, односно над 50% се увоз од Кина, 10% од Турција, а останатите се од Чешка, Италија и Германија. Производите увезувени од НР Кина се означуваат со ЦЕ-ознаки, но прашање е дали истите се означени од овластени лаборатории од ЕУ кои се објавени во службените весници на ЕУ.

**21.02.2011 година**

**Прес-конференција во Стопанската комора на Македонија за најновите измени во Законот за трговија и за добивање лиценци за алкохол - НОВИТЕ ДАВАЧКИ ЌЕ ГО „ИСПИЈАТ“ ЌАРОТ НА МАРКЕТИТЕ**

Лиценците за продажба на алкохол да се вадат само еднаш, не секои две години, да чинат 5.000 денари наместо 15.000 и да се укине обврската за плаќање 0,05 отсто од вкупниот годишен промет, бара Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија.Последните измени на Законот за трговија кои предвидуваат трговците со повеќе од три маркети во кои се продава алкохол да плаќаат 0,05 проценти од вкупниот годишен промет, ќе предизвикаат дополнителен финансиски товар, а тоа индиректно, преку зголемување на цените, најмногу ќе го почувствуваат потрошувачите, истакна Елизабета Ицева, член на Управниот одбор на Здружението на трговијата на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија. Според проценките, поголемите маркети, годишно, по основ на оваа законска обврска ќе треба да исплаќаат 40.000 до 50.000 евра. Тоа ќе не` натера да размислиме дали да продолжиме со продажба на алкохол. Воедно сме обесправени и со цената за лиценците од 15.000 денари која помалите трговци ја плаќаат 5000 денари, додаде Ицева.

**28.02.2011 година**

**Прес-конференција: Иницијатива за сертифицирање на шумите во земјава - ЗАФАТ ОД КОЈ ЗАВИСИ ОПСТАНОКОТ НА ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА**

Да почне сертификацијата за квалитет на македонските шуми согласно европските директиви зашто само така домашната дрвна индустрија ќе може да биде конкурентна и

рамноправна на пазарот, е апелот што беше испратен од редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија.Од 2013 година Европската унија предвидува воведување регулатива за дрвни сортименти која посебно ќе се однесува на мебел, цврста граѓа, иверка, хартија и картон. Сите земји-членки и кандидати за влез во ЕУ се обврзани да спроведат сертификација во шумарството и дрвната индустрија. Ја повикуваме Владата да преземе соодветни мерки за реализација на ова прашање. Во спротивно, доколку македонските шуми не се сертифицираат, околу 6000 семејства или 25.000 лица може да останат без приходи или со намалени примања, а дел од компаниите да се затворат, предупреди на прес-конференцијата Ванчо Спасески, од Здружението на индустријата за преработка на дрво и производство на мебел при Стопанската комора на Македонија.Ако Македонија не ги сертифицира шумите, компаниите, освен што нема да бидат конкурентни, ќе бидат и принудени да купуваат суровина (сертифицирано дрво) од соседството, што директно ќе се одрази врз нивното финансиско работење. Сертификатот за квалитет го издава Советот за управување со шуми (ФСЦ) со седиште во Бон, Германија, рокот на важење му е две години, а чини 8 до 10 САД долари по хектар. Целта на сертифицирањето е еколошки, општествено корисно и економски одржливо користење на шумите и нивните ресурси. Во Македонија надлежни за сертификација се министерствата за земјоделство, шумарство и водостопанство, за економија и за финансии, а реализатор треба да биде „Македонски шуми“.Македонија располага со околу 1,1 милион хектари шуми погодни за стопанисување. Од нив, 88 до 90 отсто се во сопственост на државата и со нив раководи Јавното претпријатие „Македонски шуми“, а останатите се во приватна сопственост.

**7.3.2011 година**

**Прес-конференција: Мелничарите ја поздравија Одлуката за интервенција на пазарот со 40.000 пченица - ДОБАР ВЛАДИН ПОТЕГ ДА СЕ АМОРТИЗИРА НЕДОСТИГОТ**

Владата многу професионално и квалитетно ја реши ситуацијата што непредвидено се наметна. Иако баравме 25.000 тони пченица, ни овозможи откуп на речиси двојно повеќе. Со тоа воедно се намали и тензијата од немањето доволно суровина, - истакна Благој Стојчев, претседател на Групацијата за мелничко-пекарската индустрија и сопственик на компанијата „Млин Стојчев“ на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија (7.3.2011 година). И покрај владината Одлука за интервенција со 40.000 т пченица од државните резерви, цената на лебот останува иста. Според мелничарите, кои на прес-конференцијата го поддржаа ваквиот владин потег, сегашната цена на лебот, од 25 до 27 денари, е реална и граѓаните и производителите треба да бидат задоволни. Домашното производство на пченица задоволува околу 50 отсто од потребите и секоја година преработувачите увезуваат лебно жито најчесто од Србија и Бугарија. Ланскиот род е откупен, по 8 до 12 ден. за килограм, а почетна цена на пченицата од државните резерви ќе биде 15,5 денари.

**14.3.2011 година**

**Прес-конференција: Текстилната и кожарската индустрија со зголемен обем на работа и нарачки од странство, но и со барања - ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАБАВКИТЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СТАПКИ ЗА РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ**

Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија, и покрај евидентниот пораст што го бележи текстилната индустрија од средината на октомври 2010 година, повторно бара плаќање на придонесите врз основа на остварената плата, а не врз минимално одредената плата во државава. Покрај тоа, Здружението бара и подобри услови за финансирање на набавката на репроматеријали и намалување на царинските стапки за увоз на репроматеријали од Кина. Од почетокот на октомври лани се зголеми бројот на нарачки во конфекциите во државава за разлика од 2009 и почетокот на 2010 година, кога имаше намален извоз, помалку работа и договорени нарачки и намалување на бројот на вработените во текстилната индустрија. Како главни причини за позитивниот тренд во текстилната индустрија во Македонија се зголемената внатрешна побарувачка во Кина како резултат на зголемувањето на стандардот и избегнувањето на производство во помали серии. Настаните во арапските земји, исто така позитивно влијаат врз текстилната индустрија во Македонија и има најави од странски компании за префрлање на производството од Египет и Мароко во земјава. Многу е битно да се намали царината за увоз

на репроматеријали од Кина и да се доделуваат кредитни линии со поповолна каматна стапка за таа намена. Кон барањата на Здружението на текстилците се приклучува и Здружението на кожарската индустрија при СКМ, кое бара и намалување на нелојалната кокуренција при увоз на обувки од Кина и спречување на набавката на обувки по цена од две евра по парче од Кина.

**21.3.2011 година**

**Предлог на Стопанската комора на Македонија -УКИНУВАЊЕ НА ДАВАЧКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ВО ТЕКОВНАВА 2011**

Стопанската комора на Македонија, на редовната прес-конференција, соопшти дека предлага укинување на давачката за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за годинава за индустриските капацитети и за земјоделството. Со нејзиното укинување, според пресметката на Стопанската комора на Македонија, државната помош на индустриските капацитети би изнесувала околу 830.000 евра, а за земјоделството околу 80.000 евра. Стопанската комора на Македонија најави и дека ќе ја актуелизира минатогодишната иницијатива за целосно ослободување од давачките при увоз на гас  и за примена на повластена даночна стапка од 5 проценти кај тој енергенс. Високата цена на гасот во најголем дел е заради малите количини што Македонија ги набавува и недоволната инфраструктура.

**28.3.2011 година**

**Прес-конференција на новоформираната Асоцијација на  секундарни суровини и рециклатори во Комората - НОВА РЕГУЛАТИВА СО ЕДНА ЛИЦЕНЦА ЗАРАДИ УПРАВУВАЊЕ СО СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ ПО ЕВРОПСКИ ТЕРК**

Успешно управување со секундарниот отпад врз основа на квалитетна законска регулатива и подигање на нивото на дејноста согласно нејзиното место во вкупните стопански движења во државата се едни од основните правци на делување на новоформираната Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори.Во неа членуваат стопански субјекти, вклучени во циркулацијата на секундарните суровини, односно кои вршат откуп, третман, складирање и транспортот на секундарниот отпад, како и претставници на индустриските капацитети-рециклатори на секундарни суровини. Секундарните отпадни суровини се значајни од повеќе аспекти и тоа: од потребата на индустриските капацитети чии развојни концепти се` повеќе се базираат на користење на секундарни суровини со оглед дека во светски рамки природните ресурси од ден на ден се поограничени, аспектот на зачувување на животната средина, како и економскиот и социјалниот аспект.

**4.4.2011 година**

**Прес-конференција на новоформираната Асоцијација за здравство при Стопанската комора на Македонија - СЕРИОЗЕН ПАРТНЕР ЗА ЕКОНОМСКИТЕ АСПЕКТИ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ**

Обединување на стопанските субјекти кои работат со производство и промет на лекови, со медицинска опрема, лабораториски материјали и обезбедување услуги преку приватни здравствени организации е целта на новоформираната Асоцијација за здравство при Стопанската комора на Македонија. Претседателот на Асоцијацијата, Владимир Индов, на конференцијата за печат (4.4.2011), посветена на економските аспекти на здравствената и фармацевтската дејност, истакна  дека Асоцијацијата брои околу 25 членки кои се значајни репрезенти во здравствената и фармацевтската дејност во Р. Македонија. Тој најави дека Асоцијацијата ќе соработува со други здруженија и комори, како што се Лекарската комора и Фармацевтската комора за прашања од заеднички интерес. На 30 март 2011 година се одржа конститутивна седница на Асоцијацијата.

**11.4.2011 година**

**Конференција за печат во Стопанската комора на Македонија на тема: Транспарентноста во доделувањето на концесиите - поттик за отворање нови или проширување на старите рудници**

Македонската асоцијација за рударство - МАР оценува дека поголемиот број концесии за детални геолошки истражувања што се доделени по подолг застој се добар чекор и предуслов за отворање нови рудници во Македонија. Ова беше истакнато на редовната конференција за

печат во Стопанската комора на Македонија на тема: „Транспарентноста во доделувањето на концесиите – поттик за отворање нови или проширување на старите рудници”. Според претседателот на Асоцијацијата и извршен директор на рудникот „Бучим“, Николајчо Николов, со доделувањето на поголемиот број концесии реално може да се очекува за две до три години отворање на нови руднички капацитети во земјава, посебно во експлоатција на металите. - За среќа, сега сме на пат за да можеме да очекуваме за две - три години отворање на нови рудници со значителен капацитет, особено метални. Најкарактеристични се потенцијалните рудници за бакар бидејќи се доделени три концесии за бакарна руда. Едниот локалитет е Иловица кај Струмица, втората Боров Дол во близина на Радовиш и Кадивица во околината на Пехчево, рече Николов, додавајќи дека досега се издадени преку 300 концесии за експлоатација и за детални геолошки истражувања за помали и поголеми концесии, од разни видови минерални суровини. Ставот на Асоцијацијата е дека македонското рударство полека излегува од кризата во која западна кон крајот на 2008 и почетокот на 2009 година и во сите сегменти се бележи зголемен обем на производство. Асоцијацијата се залага за максимална контрола на надлежните органи при експлоатацијата на неметалите заради неконтролирано користење, посебно кај песокот и чакалот. Од овој вид на експлоатација најмногу штета се прави на речните корита, бидејќи тие се деградирани, а од друга страна се создава и нелојална конкуренција кај овие минерлани суровини.

**18.4.2011 година**

**Нов конкурс за европски пари од ЦИП-Програмата - ПРОЕКТИ ЗА ЕКО-ИНОВАТИВНОСТ ДО СЕПТЕМВРИ ГОДИНАВА**

Од 28 април 2011 година почна рокот за поднесување барања по Програмата за конкурентност и иновативност ЦИП Еко-иновации на Европската комисија, беше обелоденето на редовната конференција за печат во Стопанската комора на Македонија. Фирмите ќе имаат можност да ги доставуваат апликациите во следните пет месеци, до септември. Програмата предвидува вкупно 40 милиони евра, средства за кофинансирање исклучиво иновативни проекти чија имплементација ќе значи подобрување на животната средина, технолошки решенија за поквалитетно производство... Половина од сумата е практично инвестиција на самата компанија, - истакна Јадранка Аризанковска. Од мај 2011 година, информира Стопанската комора, Македонија може да се вклучи и во ЕУ-Програмата за интелигентна енергија која за 2011 година изнесува 58 милиони евра, а кофинансирањето е 75 отсто. Освен фирмите, може да конкурираат и државни институции. Услов е проектите да се однесуваат на искористување обновливи извори енергија и на енергетска ефикасност. Програмата за интелигентна енергија се базира на еден од клучните ЕУ-постулати според којшто до 2012 година 20 отсто од енергијата мора да биде намалена и да се добива од алтернативни извори.

**3.5.2011 година**

**Прес-конференција за скорешното потпишување на Регионална конвенција за пан-евромедитерански правила за потекло - ПОТРЕБНО Е ЗАБРЗУВАЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ЕКОНОМСКО ПОВРЗУВАЊЕ**

Од прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија на тема: „Регионална конвенција за пан-евроамедитеранско потекло - нов квалитет во евроинтеграцискиот процес“, беа испратени четири клучни пораки: неопходно е подготвување измени на постојните договори за слободни трговии со цел замена протоколите за потекло со Регионална конвенција за пан-евромедитерански правила за потекло; информирањето за процесот на измени на правилата на потеклото треба значајно да се зголеми, учеството во Работната група за Западен Балкан треба да биде активно, а усогласувањето меѓу другите четири работни групи да биде навремено и во консултации со приватниот сектор, бидејќи евентуалните предлози ќе ги засегаат сите земји со оглед на „ерга омнес“ примената; потребно е да се започнат преговорите за преференцијална трговија со земјите од Барцелонскиот процес, приоритетно со Египет, Тунис и Израел. Регионалната конвенција за пан-евромедитерански правила за потекло ќе влијае врз зголемувањето на размената на стоки во евромедитеранскиот економски простор, а тоа значи дека стоките ќе треба да одговараат на техничките и други стандарди на ЕУ. Тоа треба да биде поттик за да се определат приоритетите во апроксимацијата за оние стоки што се носители на македонскиот извоз со цел нивното движење да се одвива без пречки. Земјава ќе мора да ги

укине досегашните протоколи за потекло на стоки во рамките на билатералните договори за слободна трговија затоа што од 2012 година почнува примената на единствената Регионална конвенција за пан-евромедитерански правила за потекло. Конвенцијата, чија цел е економско интегрирање на земјите од ЕУ, Западен Балкан, ЕФТА и Барцелонскиот процес (Сирија, Јордан, Либан, Газа, Палестинската Влада, Египет, Тунис, Мароко и Алжир), практично ќе ги замени сите 60 билатерални протоколи за потекло што Унијата ги има со трети земји, вклучувајќи ја и Македонија. Примената на Регионалната конвенција генерално ќе ја поттикне трговијата на ЕУ и ќе стимулира поголема конкурентност на компаниите. За Македонија, пак, ќе значи и влијание во делот на евроинтегрирањето. Потеклото на стоки ќе влијае врз развојот на индустријата. Компанијата може да има предлог што ќе ја зголеми нејзината корпоративна конкурентност, но прашање е дали тој предлог ќе се вклопи во генералниот план за економски развој на државата. Затоа е неопходно да има неколку фази на разгледување. Стопанската комора сугерира Македонија во однос на новото, проширено економско поврзување, приоритет да им се даде на Египет, Израел и Тунис.

**9.5.2011 година**

**Прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Образованието на возрасните во функција на потребите на стопанството“ - ТЕОРЕТСКИТЕ ЗНАЕЊА ДОМИНИРААТ И НА ПАЗАРОТ НА ТРУД**

Стопанството бара квалификувана работна сила, конкретни струки и практично, а не теоретско знаење. На пазарот на труд во Македонија се нудат кадри што речиси не се потребни, а недостигаат оние за кои бизнисот реално има потреба. Голема е и бројката на невработени со четиригодишно средно образование - гимназија кои не се квалификувани речиси за ништо одредено. Бизнисите денес немаат време, ниту финансии да им овозможат практична обука на нововработените. Ги притискаат рокови и барања за квалитет. Компаниите треба да кажат каков кадар им е потребен за да се организираат соодветни обуки или едукации, а тоа го овозможува Законот за образование на возрасните донесен во 2008 година. Согласно Законот, преку посебни, флексибилни програми што ги спроведуваат т.н. понудувачи на услуги, кандидатите стекнуваат знаења и вештини, се доквалификуваат или преквалификуваат. Потоа добиваат и сертификати признати од државата. - Токму тука е нашиот фокус, сертификатите во кои точно ќе стои кои вештини ги стекнал учесникот во програмата, да ги препознаат и признаат и фирмите, - напомена директорката на Центарот за образование на возрасните, Светлана Пинева. Стопанската комора на Македонија преку Центарот за едукација кој функционира веќе пет години, е вклучена во образованието на возрасните.




**16.5.2011 година**

**Прес-конференција „ Како до поквалитетно вложување од пензиските фондови”**

**Двата задолжителните пензиски фонда бараат - НОВИ ОПЦИИ ЗА СИГУРНО ВЛОЖУВАЊЕ**

Да се емитуваат долгорочни хартии од вредност (корпоративни, локални или пак државни обврзници) и да се емитуваат годишни еврообврзници, порачуваат задолжителните пензиски фонда, со цел да може квалитетно и со поголем принос да се вложат парите собрани од осигурениците од пензискиот придонес. Досега се акумулирани вкупно 224 милиони евра во двата фонда. Дека станува збор за сериозна сума пари со која располагаат пензиските фонда говори и фактот што ова е износ колку што вреди и една средна банка во земјата, - изјави на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија директорката во НЛБ Нов пензиски фонд Мира Шекутковска. Првиот човек на КБ Прво пензиско друштво, Јанко Тренковски, посочи дека според проекциите за 4 години парите на осигурениците треба да се зголемат за 300%, за 25 години да достигнат ниво на годишен бруто домашен производ на




земјата. Оттука и значењето на нивното работење и постоење на пазарот на капитал. Директорите на двата пензиски фонда констатираа дека во изминатите 5 години колку што функционираат, средствата на осигурениците се оплодени за 5% во просек. Ваквиот раст го оценија како добар имајќи предвид дека токму во првите пет години од реформата двата фонда се соочија и со големата светска финансиска криза. Според последните официјални податоци објавени од страна на МАПАС (април 2011 година), во задолжителните пензиски фондови членуваат над 276 илјади осигуреници, а нето-вредноста на средствата на двата задолжителни фонда изнесува 13,8 милијарди денари или околу 224 милиони евра. Во двата доброволни пензиски фонда членуваат 8.790 членови, при што поголемиот дел или 70% се членови во пензиска шема со професионална сметка, за кои уплатите ги вршат работодавачите, останатите околу 30% се членови со доброволна индивидуална сметка. Вредноста на акумулираните нето-средства во двата доброволни пензиски фонда изнесува 60,4 милиони денари, односно нешто помалку од 1 милион евра. Бројноста на членството во задолжителните пензиски фондови е релативно мала во однос на вкупниот број на жители во Република Македонија (околу 13%), што во основа се должи на релативно краткиот период на постоење на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

**23.5.2011 година**

**Примената на новите правила „Инкотермс 2010“ во Република Македонија се` уште на ниски гранки - НЕПОЗНАВАЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ТРГОВСКИ ПРАВИЛА СКАПО СЕ ПЛАЌА!**

Фирмите во Македонија генерално, со чест на исклучоци, недоволно ги познаваат правилата Инкотермс, уште помалку последната осма верзија на „Инкотермс 2010“. Обично при изборот се раководат од принципот дали со избраното правило ќе се зголеми или не царинската вредност, притоа занемарувајќи ги суштествените обврски кои произлегуваат од правилата. Увозниците и извозниците се оние кои што најмногу користат несоодветни термини при потпишувањето договори за продажба на стоки, при што своето незнаење подоцна го плаќаат во пракса.Ова го истакна експертот Карло Змајшек, на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија, што се одржа на тема: „Ефектите од примената на новите правила Инкотермс 2010 во Република Македонија” (23.5.2011 година). Инкотермс се договорни меѓународни трговски правила, не и законска обврска. Олеснувањето се состои во прецизното дефинирање на обврските поврзани со испораката на стоките, како на пример, кои трошоци се на товар на продавачот, а кои на купувачот, кој е моментот на преминување на ризикот од продавачот на купувачот, чија обврска е извозното и увозното царинење, обврските со обезбедување на документација, превоз, осигурување на стоките за време на транспортот и сл. Овие правила ќе им помогнат на трговците да ги избегнат недоразбирањата со разјаснување кои трошоци, ризици и обврски ги имаат продавачот и купувачот.

**30.5.2011 година**

**Прес-конференција: До 30 јуни фирмите треба да одлучат како ќе се грижат за амбалажниот отпад - ОД1 ЈУЛИ ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Компаниите имаат уште 30 дена да одлучат како ќе се грижат за амбалажниот отпад. До 30 јуни мора да се усогласат со Законот за управување со пакување и отпад од пакување што стапи на сила пред шест месеци. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија (30.5.2011 година). Притоа, беше истакнато, дека обврска согласно Законот имаат и општините. Треба да се погрижат за поставување контејнери за селективно собирање на отпадот. - Законот предвидува три опции за фирмите: сами да го собираат амбалажниот отпад од крајните корисници и да го носат на рециклирање што е прилично скапа варијанта, да се здружат во една компанија или оваа обврска да ја препуштат на државата, но за тоа да и` плаќаат според предвидениот тарифник што исто така не е евтино, рече Филип

Ивановски, директор на „Пакомак“, засега единствена регистрирана компанија за собирање амбалажен отпад во земјава. Според него, разликата во цена за собирање отпад доколку оваа услуга ја прави државата или „Пакомак“ е огромна, за тон пластика 310 евра наспроти 26 евра или за хартија 101 евро наспроти 25 евра за тон. Во Македонија се проценува дека годишно има околу 100.000 тони амбалежен отпад. Државата може да го рециклира речиси целото количество и сите видови, освен стаклото. Филип Ивановски нагласи дека во рамки на предвидените активности ќе се направат напори за формализирање на досегашните „диви“ собирачи, чија бројка е околу три до пет илјади.

**20.6.2011 година**

**Македонското оранжериско производство трпи големи штети поради појавата на Escherichia Coli - ЗАГУБИТЕ МОЖЕ ДА ДОСТИГНАТ И ДО 10 МИЛИОНИ ЕВРА!**




Од пет до десет милиони евра финансиска загуба ќе претрпи македонското оранжериско производство поради појава на бактеријата Escherichia Coli. Ова ќе биде дополнителен удар по минатогодишното енормно покачување на цената на мазутот. Ова беше предупредено на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија, на која беа изнесени првите проценки за настанатите штети од појавата на Escherichia Coli (20.6.2011 година). Освен драстично намалената побарувачка и пласман на зеленчукот, драстично паѓаат и цените. Просечната цена на доматите во сезона е 34 до 42 денари за килограм, а сега не е ниту 18. Краставиците пак обично се продаваа од 30 до 32 денара, а сега не одат ниту за десет, - истакна Тодор Черепналковски, претседател на Групацијата за оранжериско производство при Стопанската комора на Македонија. Тој напомена дека состојба е исклучително алармантна поради фактот дека 80 отсто од стакленичкото производство отпаѓа токму на домати и краставици. Ситуацијата дополнително ја влошија одлуките на Русија за забрана на увоз на зеленчук од Западна Европа и на Шведска, за забрана на каков било увоз на зеленчук. Стана неисплатливо да се прават трошоци за берба и пакување, но се правеа дополнителни трошоци за фрлање на родот во депонии, - рече Черепналковски. Владата покажала разбирање за репрограмирање на субвенциите во оранжериското производство. Компензација за енормно високата цена на мазутот, користење повластени петгодишни кредити со пониски камати и една година грејс период исключиво за отплата на банкарските заеми на земјоделците кои се со многу висока камата и краток рок на доспевање, користењето на наменските средства за поддршка на земјоделството од компензациските фондови да не се лимитира на 100.000, туку на 600.000 евра, се дел од барањата на производителите.

**27.6.2011 година**

**Стопанска комора на Македонија - СИСТЕМСКИ МЕРКИ ЗА ПОВИСОКА КОНКУРЕНТНОСТ - ПОНИСКИ ЦЕНИ НА ТУРИСТИЧКИТЕ УСЛУГИ**

Стопанската комора на Македонија, на 27.6.2011 година организираше конференција за медиумите на тема: „РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ - ВО ПАРТНЕРСТВО СО БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА“. Притоа беше истакнато дека досега туристичката политика е ограничена само на внатрешното регулирање на секторот, кој без државна поддршка (со незначителни средства од околу 600.000 евра во 2010 година и 800.000 евра во 2011 година- за развој на туризмот), без потребната пропратна инфраструктура, беше препуштен само на приватните домашни и стихијни иницијативи, поради што се` уште нема ни сила, ни конкурентност во меѓународни рамки. Поради тоа, пред присутните медиуми беше истакнато значењетото на најавените системски мерки во функција на развој на македонскиот туризам, како што се: 1. реализацијата на зацртаната определба на идната Влада, развојот на туризмот да се одвива во соработка со

бизнис-заедницата;2. очекуваната најава за реорганизација на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Македонска национална туристичка организација, чија единствена




цел ќе биде спроведување на стратегијата за развој на македонскиот туризам во соработка со Владата, деловната заедница и локалната самоуправа;3. потребата од, согласно можностите, поитна реализација на барањето за НАМАЛУВАЊЕ НА ДДВ ОД 18% НА 5% за туристичките услуги, како би била ефективна од тековнава туристичка сезона;4. значењето на субвенционирањето на каматите за малите и средните претпријатија кои дејствуваат во гранката туризам, преку посебна кредитна линија на МБПР, со што ќе се намалат каматните стапки за купување, изградба, доизградба, адаптација и доуредување на мали сместувачки капацитети – хотели и мотели до 50 легла, со стандард не повеќе од три ѕвезди;5. продолжување со субвенционирањето на странскиот организиран туристички промет (од 20 до 70 евра по турист, во зависност од земјата, за гостин над три дена). Како аргумент беше истакнато дека ефектот од намалувањето на стапката на ДДВ за туристички услуги од 18% на 5% (врз основа на остварениот промет во 2009 и 2010 година) би изнесувал 7-9 милиони евра поголема профитабилност на годишно ниво за стопанските субјекти кои се занимаваат со оваа дејност, што би дал простор за намалување на цените на туристичките услуги, односно пораст на степенот на конкурентност.

**4.7.2011 година**

**Прес-конференција „Македонска берза на хартии од вредност во првата половина од годинава - НАПРАВЕН ПРОМЕТ ОД 6,3 МИЛИЈАРДИ ДЕНАРИ, НАЈМНОГУ СО БЛОК-ТРАНСАКЦИИ"**

Во првите шест месеци од годинава прометот на Македонската берза изнесува околу 6,3 милијарди денари или нешто повеќе од 103 милиони евра, што е пораст од 250 отсто во однос на истиот период лани. Како што соопшти главниот извршен директор на Македонска берза АД Скопје, Иван Штериев, на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија (4.7.2011 година), најголемо учество во прометот имаат блок-трансакциите - 55,3 отсто, официјалниот пазар 25 проценти и јавните понуди 14,6 отсто. Тргувањето со некотирани хартии од вредност е многу мало, неполни четири проценти. Јасно е дека годинава има подобрување. За шест месеци е надминат ланскиот вкупен годишен пораст за 8,5 отсто, - истакна Штериев. Според него, изминативе шест месеци значителен е порастот на блок-трансакциите. Пријавени се 32 за разлика од лани кога имало 11, а реализирани се 3,5 милијарди денари. Во сегментот јавни берзански аукции, каде минатата година немаше активност, се остварени 70 милиони денари, а реализирани се и 927,5 милиони денари преку јавната понуда на хартии од вредност на Комерцијална банка во февруари. Најголем промет е остварен во април, јуни и февруари. На Берзата се` уште се најзастапени компаниите од финансискиот сектор. Индексот на Македонската берза (МБИ10) во првото шестмесечје заврши со 2.594,10 индексни поени, што претставува седум отсто зголемување за период од една година или 13,83 проценти пораст во однос на 31.12.2010 година. Директорот информира и дека се зголемува бројот на компании што исплаќаат дивиденда. Од 33 котирани лани, 11 исплатиле дивиденда од 1 милијарда денари, што е 20 отсто пораст во однос на 2009 година.

**11.7.2011 година**

**Прес-конференција „ПОВРАТ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД СТРАНСТВО "**

Врз основа на согледувањата на Стопанската комора на Македонија, кои беа изнесени на редовната прес конференција (11.7.2011 година), можноста за поврат на ДДВ од странство многу малку се користи во пракса. Причините за тоа, според спроведената анкета, главно се: дел од македонските компании, не се запознати со можностите и условите за поврат на ДДВ од странство, искажан на девизните фактури од странските компании; значаен дел се запознати,

но според нив, постапката и достапноста на странските даночни управи ги одвраќа од преземање активности за поврат на ДДВ, кој поврат соодветно ќе ги намали трошоците за работењето. Најчесто се работи за услуги кои компаниите ги искористиле во странство при посета на семинари, конгреси, обуки, закуп на саемски штандови, ноќевања, како и разни трошоци кои го пратат транспортот. За да ги охрабриме македонските компании на тој план, затоа што законодавство во овој сегмент е усогласено со европското, повратот на ДДВ може да се реализира од сите земји-членки на Европската унија, како и од државите на поранешна СФРЈ, - истакна на прес-конференцијата Мирко Винцетиќ, застапникот на швајцарската фирма „CASH BACK“. Тој соопшти дека „CASH BACK“, отвори своја фирма во Македонија „ ДДВ СЕРВИС ИМО ДООЕЛ„, со канцеларија во Стопанската комора на Македонија. На средбата со новинарите, Мирко Винцетиќ накратко укажа на можноста и потребната документација за поврат на ДДВ, како и за тоа дека стапките на ДДВ во државите на ЕУ се движат од 17 до 25 отсто, што практично значи дека со враќање на данокот од странство се заштедува една петина од трошоците.

**18.7.2011 година**

**Прес-конференција ФОРМИРАНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ОСИГУРИТЕЛНО-БРОКЕРСКИ ДРУШТВА**

Со цел унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми, осигурително-брокерските друштва на 06.07.2011 година формираа Асоцијација на осигурително-брокерски друштва како форма на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Македонија. Како што изјави претседателот на Асоцијацијата, Фарук Абедини, извршен директор на WIASS Брокер а.д, Скопје, Асоцијацијата на брокерските друштва е неминовно потребна заради усогласување на интересите во рамките на дејноста, како и потребата да учествува и да разгледува предлози на закони и други прописи, да дава мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите на Асоцијацијата и да покренува иницијативи за донесување на закони и за измена и дополнување на истите, да иницира и остварува соработка по прашања од заеднички интерес на членовите со други асоцијации и здруженија во рамките на Комората, како и да остварува меѓународна соработка.

**29.8.2011 година**

**Прес-конференција ЕФЕКТИТЕ ОД НАМАЛУВАЊЕТО НА ЦАРИНСКАТА СТАПКА ПРИ УВОЗ НА БЕЛ ШЕЌЕР ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА**

Ефектите од намалувањето на царинската стапка при увозот на рафинираниот шеќер, беше темата на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија (29.8.2011 година). Имено, врз основа на законската можност за примена на автономни мерки за намалување или укинување на увозни давачки кои се наплаќаат при увозот на одредена стока, Владата на РМ, на 18.01.2011 година, донесе Одлука за намалување на увозните давачки на бел шеќер, со која царинската стапка при увозот на истиот се намали од 30% на 5%, за период од девет месеци (1.02.- 31.10.2011 година). На оваа прес-конференција беа презентирани ефектите од намалувањето на царинската стапка, согласно коморските првични согледувања.Тие се следни: Според податоците од 20 анкетирани фирми, кај 60% производството забележа пораст од 5-15%, а кај 30% е на истото ниво во однос на истиот период лани, со укажување дека доколку не се донесеше наведеното намалување на царинската стапка, ќе забележеа негативни деловни резултати, ако се земе предвид порастот на берзанската цена на шеќерот и соодветно на истиот повисоките увозни давачки во однос на истиот период лани. Во надворешно-трговската размена, забележан е раст на извозот кај слатките бисквити, вафлите и колачитеза (36 отсто), како и намалување на увозот за 15%, во првите шест месеци годинава во однос на истиот период лани. Останатите производи од шеќер, во наведениот период, забележаа пораст од 2% во извозот, а на страната на увозот, како и чоколадите, се на исто ниво како лани. Кај овошните сокови увозот е намален за 30%, при намален извоз за над 35%, што значи производителите на истите при намалена побарувачка во странство, ја искористија можноста за пораст на пласманот на домашниот пазар. Според анкетираните фирми, резултатите од наведента привремена мерка, ќе беа далеку повисоки доколку важеше во периодот од октомври претходната - до јуни тековнава година, поради значително повисоката потрошувачка во тој период. Но, со оглед на фактот што увозот на бел шеќер со 5% царинска

стапка, согласно Одлуката, завршува на 31.10.2011 година, до трајното намалување на истата, белиот шеќер ќе се увезува со 30%, што се совпаѓа со период во кој потрошувачката на истиот за производство на кондиторски производи и сокови е највисока во тековната година (новогодишни, верски празници, намалена консумација на овошје и зеленчук согласно далеку пониската и поскапа понуда на истите за разлика од летниот период).

**12.9.2011 година**

**Прес во Стопанската комора на Македонија - БРОЈНИ АКТИВНОСТИ ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА И МЕДИУМСКА ПОДДРШКА НА „ДНЕВНИК“**

Бизнис-форуми, проекти, едукативни настани, семинари и саемски манифестации се само дел од активностите што ќе ги организира Стопанската комора на Македонија до крајот на годинава. Планираните активности ги поделивме во пет групи: меѓународни форуми и билатерални средби, активности во рамките на Центарот за имплементација на развојни идеи (ЦИРИ) при Комората, едукативни настани, саемски манифестации и активности во рамките на европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕЕН). Поради големиот интерес на нашите членки за интензивирање на соработката со фирми од регионот, Европа и светот, програмата не е конечна и постојано се дополнува, истакна на прес-конференција извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева. Фокус на претстојните настани, како што потенцира извршниот директор Георгиева, е регионалното поврзување, односно интензивирање на партнерството меѓу домашните компании и фирмите од соседството. На прес-конференцијата, беше најавен почетокот на соработката меѓу Стопанската комора на Македонија и дневниот весник „Дневник“. Таа соработка ќе овозможи печатеното издание на Стопанската комора на Македонија “Бизнис-инфо” да излегува секоја среда во дневниот весник “Дневник”, додека пак секој четврток на порталот на „Дневник“ ќе излегува е-верзијата на коморскиот „Бизнис инфо“. Исто така, ќе се прошири соработката и во други области од заеднички интерес, поврзани со развојот на т.н. корпоративен портал на „Дневник“, кој нуди содржини за стопанствениците, вклучувајќи корпоративна библиотека, размена на експертски мислења, пристап до тендери и аукции во земјата, ЕУ и други земји итн.

**16.9.2011 година**

**Прес-конференција: Нова организациона поставеност на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија - ВНЕСЕТЕ ЈА АРБИТРАЖНАТА КЛАУЗУЛА, ШТЕДИ И ВРЕМЕ И ПАРИ**

Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија е постојана арбитражна институција основана согласно со Законот за стопанските комори и Статутот на Стопанската комора на Македонија. Арбитражата при Стопанската комора на Македонија е надлежна за решавање спорови за права со кои странките можат слободно да располагаат и за кои со закон не е пропишана исклучива надлежност на судовите на Република Македонија, доколку странките ја договорат нејзината надлежност. Ова беше истакнато на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија, на која беше претставена новата оргазнизациона поставененост на Постојаниот избран суд – Арбитража и избраното Претседателство. (16.9.2011 година). Претседател на Постојаниот избран суд (Арбитража) при Стопанската комора на Македонија е проф. д-р Арсен Јаневски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” - Скопје. Како институција надлежна за арбитражно решавање на



домашни спорови и на спорови со меѓународен елемент, Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, функционира од 1993 година. На 20 април 2011 година е донесен нов Правилник за работата на Постојаниот избран суд - Арбитража, со цел осовременување на арбитражното решавање на споровите и имплементирање на актуелните трендови во оваа сфера. Договарањето на надлежноста на арбитражата се врши со писмен договор, кој може да биде во вид на арбитражна клаузула предвидена во основниот договор или во вид на посебен договор со кој на недвосмислен начин се утврдува дека надлежност за решавање на одреден спор ќе има Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, во согласност со утврдените правила на постапката. За договарање на надлежноста на Арбитражата за решавање на евентуалните спорови меѓу деловните партнери, се препорачува во договорите да се внесува следнава клаузула: "Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, вклучувајќи ги споровите за неговара полноважност, ќе се решаваат пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, во согласност со одредбите на Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража". Покрај тоа, договорните страни во арбитражната клаузула можат да го договорат составот на арбитражниот суд (арбитер поединец или арбитражен совет од тројца арбитри), јазикот или местото на арбитражата. Арбитражата при Стопанската комора на Македонија има склучено спогодби за соработка со арбитражите при коморите на Словенија, Хрватска, Бугарија, Украина, Руската Федерација, Србија, Црна Гора и Косово.

**26.9.2011 година**

**Прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Субвенции во функција на развој на рибарството“**

Групацијата за рибарство оценува дека финансиските средства за поттикнување на рибарството во 2010 и 2011 година беа на задоволително ниво, што се потврдува со постигнатите резултати. Но, поради зголемениот број на регистрирани рибници (само регистриран рибник може да користи средства според Програмата за финансиска поддршка на земјоделството), потребно е соодветно зголемување на нивото на поддршка во програмата за 2012 година. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Субвенции во функција на развој на рибарството“ ( 26.9.2011 година). Сашо Дранго, претседател на Групацијата за рибарство, ги информира присутните новинари дека во делот на законската регулатива се иницира барањето за донесување на посебен Закон за аквакултура, бидејќи истата во актуелнава правна регулатива е третирана во Законот за рибарство. Наведеното барање е во согласност со ЕУ-регулативата и истото е согласно потребата од нејзино соодветно уредување. Вкупниот лов на риба од отворени води постојано се намалува, додека производството на риба во вештачките езера и во рибниците бележи пораст (од 868 тони во 2005 година, во 2010 година достигна 1.665 тони).

**3.10.2011 година**

**Прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: Актуелности во врска со спроведувањето на Законот за надзор на пазарот.**

Интензивираните активности за поефикасна контрола на квалитетот и сообразноста на увозот на индустриските производи согласно Законот за надзор на пазарот се во функција на потрошувачите и на спречување на нелојалната конкуренција на пазарот. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција, што во Стопанската комора на Македонија се одржа на 3.10.2011 година, на тема: „Актуелности во врска со спроведувањето на Законот за надзор на пазарот“. Во функција на презентирање на активностите што Владата на Република Македонија ги има донесено за поефикасна контрола и координација на надзорот на пазарот од аспект на олеснување на размената на податоци и информации меѓу органите на надзорот, свое обраќање пред медиумите имаше м-р Елизабета Чингаровска, директор на Државниот пазарен инспекторат и координатор на Координативното тело за надзор на пазарот. Зборувајќи за законските прописи врз основа на кои се темелат активностите за надзор на пазарот, беше даден посебен акцент на надлежностите на Координативното тело што го сочинуваат 12 члена

од ораните на надзор на пазарот. Беше нагласено дека предмет на царинскиот и инспекцискиот надзор на пазарот претставуваат непрехранбени производи од точно определени глави од Царинската тарифа, од аспект на контрола на нивната сообразност со законите и подзаконските акти, односно од аспект на контрола на квалитетот и безбедноста на тие производи кои се внесуваат на пазарот во Република Македонија. Координативната соработка меѓу Царинската управа на Република Македонија и Координативното тело за надзор на пазарот е суштински елемент за успешно спроведување на овие активности, за која цел Царинската управа и органите на надзорот имаат склучено меморандум за соработка. Посебно беше нагласено дека со цел постапката за надзор на пазарот да не претставува причина и кочница за забавување на царинската постапка, царинскиот орган може да ја пушти стоката во слободен промет, доколку во рок од 3 дена од денот на доставеното известување до соодветниот надзорен орган за спречување на пуштање на одредена стока во слободен промет, надзорниот орган не даде свое соодветно мислење.

**10.10.2011 година**

**Прес-конференција „ОКРУПНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ПОСЕД ПРЕКУ КОМАСАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО„**

Обработка на мали обработливи површини од најмногу 1,6 хектари во просек и нивната поделеност на 6 до 7 засебни парцели е главна структурна слабост на македонскиот земјоделски сектор и причина за неисплатливост на примена на агротехнички мерки, ограничена продукција и недоволен приход. Оттука, подобрувањето на земјишната структура во насока на нејзино окрупнување е меѓу приоритетите на аграрна политика на земјата, изјави денеска на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија Перица Иваноски, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (10.10.2011 година). Тој најави дека до крајот на годинава ќе се донесе Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште со оперативен план од 2011 до 2020 година, ќе бидат изготвени измени на Законот за земјоделско земјиште со цел правно регулирање на размената на земјиштето, а ќе бидат завршени и постапките за окрупнување на земјиштето што се почнати во одредени региони. Преку стратегијата постепено ќе се воведуваат инструментите за окрупнување на земјиштето кои долго време се пракса во ЕУ. Принципот е доброволна размена на површините меѓу земјоделците, менување на големината на парцелите и вклучување инфраструктурни објекти што се од интерес за локалното население. Земјоделците кои ќе се вклучат во овој процес, ќе добијат поддршка од државата со 100% покривање на административните трошоци средства обезбедени од Програмата за рурален развој, потенцираше државниот советник од Министерството за земјоделство.

**17.10.2011 година**

**Прес-конференција „ИЗВОЗОТ НА ЦЕФТА-ПАЗАРОТ ПОТТИКНАТ ПРЕКУ НАМАЛЕНИТЕ НЕЦАРИНСКИ БАРИЕРИ„**

Земјите од регионот остануваат на определба дека ЦЕФТА е клучна за нивниот економски раст, а индиректно и чекор поблиску до членство во Европска Унија. Сепак се уште постојат многу пречки кои ја забавуваат размената меѓу земјите – членки на ЦЕФТА. Нетарифните бариери, се уште ја забавуваат размената, заклучиле претставниците на стопанските комори на земјите-членки на ЦЕФТА на состанокот што се одржал во Сараево минатата недела. Непризнавање на сертификатите на националните економии, пограничните задржувања со саати, непостоење стандардни лабаратории за испитување на квалитет, сето тоа ја отежнува меѓусебната трговија на земјите членки на ЦЕФТА, изјави Васко Ристоски на редовната прес конференција во Стопанската комора на Македонија (17.10.2011 година). На состанокот во Сараево било договорено, на порталите на сите Стопански комори да бидат објавени информации со карактеристиките на ЦЕФТА и на правилата за бизнис согласно оваа организација. На тој начин компаниите ќе имаат поедноставен увид во правилата и прописите на ЦЕФТА. Сепак според Ристовски проблем е што компаниите речиси и да не алармираат повеќе за проблемите со кои се соочуваат околу нетарифните бариери. Најголеми штети од влегувањето на Хрватска во ЕУ ќе имаат Босна и Херцеговина и Србија. Земјоделско-прехранбениот сектор од Македонија може да има проблеми само со извозот на месо и преработки од месо. Од почетокот на годинава во Хрватска сме извезле месо и месни

преработки во вредност од три милиони долари, а сме увезле за 1,5 милион долари, рече Сашо Деспотовски, од работната група за земјоделство и прехранбена индустрија.

**25.10.2011 година**

**Македонските производители на кафе-членки на Стопанската комора на Македонија со барање до државата - ОДАНОЧУВАЊЕТО НА ФИЛТЕР И НЕС-КАФЕТО ДА СЕ ЗГОЛЕМИ НА 18 ОТСТО!**




Македонските производители бараат филтер и инстант-кафињата да се оданочуваат по стапка од 18 отсто, исто како суровото кафе, со што ќе се соберат дополнителни средства за буџетот и ќе се елиминира нелојалната конкуренција од странство. Суровината при увозот се оданочува со 18 отсто ДДВ, а готовиот производ, филтер и инстант-кафињата, со пет проценти. Притоа, суровото кафе е дополнително оптоварено со пет отсто царина, додека за инстантот, ако доаѓа од земјите на ЕУ, ова не важи. Поради актуелните пет отсто данок на додадена вредност за филтер и инстант-кафињата, државата, како што пресметале производителите, губи околу половина милион долари годишно. Употребата на кафе годинава бележи благ пад, но вредноста расте зашто берзанските цени на суровото кафе само во последните 12 месеци се зголемени за 30 до 40 отсто. Кон крајот на ноември и почетокот на декември, кога треба да пристигнат новите берби, ќе се знае и дали ќе има какво било поскапување на кафето. Во Македонија се` уште најмногу се пие турско кафе, околу 75 отсто, потоа еспресо и капучино, 15 проценти, а најмалку нес и филтер-кафе, 10 отсто. Лани биле потрошени 7.000 тони турско кафе што е благо намалување во однос на 2009 година кога оваа бројка била 8.300 тони.

**7.11.2011 година**

**Прес-конференција „Задачите и целите на новоформираната Групација на приватни здравствени установи„**

Со цел ефикасно остварување на специфичните интереси на приватните здравствени установи во вршењето на дејноста, во рамките на Асоцијацијата за здравство при Стопанската комора на Македонија, на 22.9.2011 година, на иницијатива на приватните здравствени установи: Специјалната болница за хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје, Првата приватна општа болница „РЕ-МЕДИКА“ - Скопје, Клиничката болница „Систина“ - Скопје, „Неуромедика“ - Скопје и Европската очна болница – Скопје, беше формирана Групација на приватни здравствени установи. Прес-конференцијата ја водеше м-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанската комора на Македонија, а за целите и задачите на новоформираната групација зборуваа Андреја Арсовски, медицински директор на Првата приватна општа болница „РЕ–МЕДИКА“, Тања Анѓушева од Специјалната болница за хируршки болести „Филип Втори“, Емил Угриновски, генерален директор на „Неуромедика“ и Нејази Исмаил, менаџер на Европската очна болница. Групацијата, како што беше истакнато, има за цел да ги артикулира и координира потребите на приватните здравствени установи, во функција на остварување на што подобра заштита на пациентите и нивните права. Таа ќе биде партнер на Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, како и на другите




носители на здравствената политика, со цел активно вклучување, како заинтересирана страна, во подготовката на правната регулатива поврзана со здравствената дејност, како и преземање на други активности кои се во насока на подобрување на реалните состојби во здравствениот сектор. Анализирајќи ги проблемите од економско-правен аспект со кои се соочуваат приватните здравствени установи во Република Македонија, од една страна, и знаењето, потенцијалите и огромната волја за натамошен напредок на оваа дејност и во рамките на приватниот сектор, од

друга страна, за разрешување на клучните прашања што се претпоставка за успешно функционирање на овој сектор, неопходен е континуиран дијалог, постојана консултација со сите заинтересирани страни за сите правни и економски прашања поврзани со овој сектор и непосредна и постојана подготвеност на државата да ги земе предвид мислењата, забелешките и предлозите на приватниот сектор во областа на здравството. Токму поради овие причини, приватните здравствени установи во иднина ќе дејствуваат координирани и организирани во рамките на Групацијата на приватните здравствени установи при Стопанската комора на Македонија, – беше нагласено на прес-конференцијата.

**14.11.2011 година**

**Прес-конференција Императивот од „FSC цертификат за стопанисување со шумите“ во ЈП „Македонски шуми“ и неговото значење за дрвната индустрија**

Здружението на индустријата за преработка на дрво и за производство на мебел при Стопанската комора на Македонија, бара од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се одвојат околу 200.000 евра од вкупно предвиденте 4.200.000 евра за шумарството во Предлог-буџетот за 2012 година (од кои 1.650.000 евра се наменети за капитални расходи) за сертифицирање на македонските шуми. Овој заклучок на Здружението беше соопштен на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија. Императивот од сертифицирање на македонските шуми со FSC- стандардот произлегува од барањата на странските партнери - купувачи на мебел (веќе 50% од нарачките од ЕУ), мебелот од земјава да биде произведен со дрво од сертифицирани шуми. "FSC„ сертификацијата за стопанисување со шумите значи дека со шумата и шумското земјиште се стопанисува согласно строгите еколошки, социјални и економски стандарди, - истакна Стојмирка Тасевска од Стопанската комора на Македонија. Сертификатот може да го издадат само овластени организции од FSC - централата (The Forest Stewardship Council - FSC), меѓународно тело кое на одредени организации им дава дозвола за издавање на FSC-сертификат, со кој гарантира за автентичноста на нивните наоди. FSC-сертификатот се издава на пет години, а подлежен е на годишни мониторинг-посети. Сертифицирањето трае со месеци, затоа треба да почне најдоцна идната година. Во спротивно, македонските компании не ќе можат да извезуваат. Освен домаќинско стопанисување со шумите и спречување на уништувањето, сертифицирањето ќе овозможи и еколошка заштита. Тоа е воедно услов за добивање т.н. FSC-стандард кој потврдува дека шумите се технолошки чисти и обновливи, дека се уништува само она што не е добро. Без претходно обезбеден сертификат, не може да се стекне ниту еколошка ознака за мебел, исто така неопходна за извоз. Соседните земји веќе привршуваат со сертифицирањето на шумите, а трошокот е едно евро за хектар.

**21.11.2011 година**

**Прес-конференција ,,Имплементација на Програмата за индустриска политика за 2011 година“**

Во рамките на Програмата за имплементација на индустриската политика за 2011 година, Министерството за економија има на располагање буџет од 10.620.000 денари наменет како директна поддршка на компаниите. Намената на овие средства е надомест на дел од трошоците за деловните субјекти до 3.000 евра за: создавање конкурентни производи (продуктивност, комерцијализација на нови производи, воведување С- ознака) 3.000.000 ден.; развој на пазарот (истражување на пазари, развој на бренд, маркетинг-стратегија, прилагодување кон ЕУ-пазарите, сертификат) 2.500.000 ден.; технолошки развој (набавка на мерни уреди, инструменти, софтвер, обуки); обука за еко производство 500.000 ден.; вработување млади истражувачи (магистри и доктори на наука) 1.000.000 ден.; комерцијализација на патентирани иновации 600.000 ден.; примарно истражување на атрактивни пазари 350.000 ден.; обуки за учество во меѓународни проекти и програми 170.000 ден. Поради недоволната заинтересираност на компаниите за оваа поддршка, во 2011 година се искористени само 30% од буџетеките средства. Министерството за економија ги повикува компаниите да вложат напор да ги искористат преостанатите средства за оваа година.

**28.11.2011 година**

**Стопанската комора на Македонија со иницијатива за унапредување на соработката на бизнис-заедницата и Бирото за јавни набавки - ТРАНСПАРЕНТНОСТ, КОНКУРЕНТНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА ВОСПОСТАВЕНИОТ СИСТЕМ НА ЈАВНИ НАБАВКИ**




Јасно поставените односи меѓу јавниот и приватниот сектор е значаен сигнал на стопанствениците за зајакнување на нивната конкурентна способност за да имаат поголем успех во тендерските постапки, а јавниот сектор - во улога на претприемач, применувајќи го начелото на добар стопанственик и давајќи им на сите еднакви можности, добива прилика да избере оптимална пазарна понуда. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција на тема: „Електронскиот систем за јавни набавки – транспарентни и бесплатни информации за новообјавените огласи“ (28.11.2011 година). Со учество од 11-12% на јавните набавки во БДП, државата претставува значаен стопански „играч“ во Република Македонија. Нејзините активности, како и бројот и износот на финансиските трансакции, значајно влијаат на севкупната стопанска активност во земјата. Бизнис-заедницата ја потврди јавно изнесената оценка на Европската комисија, дека согласно препораките на ЕУ, како и одредбите на ЕУ-директивите за јавни набавки, имаме на високо ниво усогласена правна рамка за јавните набавки. Но, двете страни констатирале дека имаат заедно обврска и суштински да се обезбеди спроведување на конзистентен и ефикасен систем на јавни набавки, како и да се обезбеди јакнење на административниот капацитет како кај договорните органи, исто така и кај економските оператори. Согласно препораките на ЕУ, како и одредбите на ЕУ-директивите за јавни набавки, покрај усогласената правна рамка за јавните набавки, основното начело е дека постои обврска и суштински да се обезбеди спроведување на конзистентен и ефикасен систем на јавни набавки, како и да се обезбеди јакнење на административниот капацитет, за која цел институционалната соработка ќе биде на што е можно повисоко ниво на тој план.

**5.12.2011 година**

**Стопанската комора на Македонија и УНДП во акција за поголемо вработување на ранливите категории лица - РАБОТНИ МЕСТА ЗА ЖЕНИТЕ-ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**




Општествената одговорност на претпријатијата, што меѓу другото подразбира и вработување ранливи групи лица, кај нас не е нов концепт, но не се применува доволно. Само 14 компании од вкупно контактираните 470 годинава ангажирале жени-жртви на семејно насилство.Овабеше истакнато на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема “Корпоративната општествена одговорност на приватниот сектор кон ранливите групи во општеството“ (5.12.2011 година).Еден од проблемите е и несоодветната едукација на потенцијалните кандидатки за вработување поради што УНДП организира серија специјализирани обуки зависно од потребите на фирмите.- Со вработувањето ранливи категории лица фирмите ќе го подобрат својот имиџ зашто на надворешните пазари тоа е еден од минимум потребните стандарди. Воедно, овој тип општествена одговорност ќе им послужи и како промотивна алатка, позитивно да бидат прифатени од околината што, пак, би значело интензивирање на бизнисот, - нагласи Рамадани. Од ранливите категории лица во Македонија, 90 отсто отпаѓаат на жените-жртви на семејно насилство.

**12.12.2011 година**

**Прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Системската поддршка во функција на конкурентно агроиндустриско производство“**

Остварените резултати во физичкиот обем на производство во земјоделскиот сектор не забележаа подинамичен пораст и покрај системската поддршка. Но ако ја немаше буџетската поддршка, резултатите ќе беа многу понеповолни. Со нивна помош производството се задржа на постојното ниво. Едноставно, субвенциите покрија дел од неповолниот ценовен диспаритет во оваа дејност. На една страна е ценовниот притисок од конкурентно ниски цени и од далеку повисоко субвенционираното земјоделско производство во земјите-конкуренти, наспроти порастот на цените на индустриските производи, односно цените на суровините и репроматеријалите во производниот процес. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Системската поддршка во функција на конкурентно агроиндустриско производство“ (12.12.2011). Во тој контекст, Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија укажа на императивот од целосно искористување на системската поддршка во функција на конкурентно агроиндустриско производство. Притоа, беа акцентирани: 1. окрупнување на земјоделските поседи – како прв од приоритетите за зголемување на продуктивноста, односно конкурентноста на земјоделскиот сектор; 2. еднаквост на сите деловни субјекти (правни лица и регистрирани имоти) на единствениот македонски пазар, во остварувањето на сите форми на субвенции од земјоделскиот буџет;3. рационално и ефикасно користење на расположивите средства за системска поддршка, односно системска поддршка за потенцијално конкурентни производи на либерализираниот пазар, како и за стратешките производи за развој во производниот синџир за производство на прехранбени производи, по примерот на етапно спроведуваните реформи во ЕУ.

**19.12.2011 година**

**Прес-конференција: Достапните европски фондови за 2012 година преку програмите на Европската комисија и Предлог-мерки за нивна поголема искористеност - ФОРМИРАЊЕТО НАЦИНАЛЕН ГАРАНТЕН ФОНД ЌЕ ПОВЛЕЧЕ ПОВЕЌЕ ПАРИ**

Процесот на пристапување кон Европската унија, значи и отворен пристап на македонските институции и компании до фондовите на Заедницата. Тоа значи, добивање на неповратни средства во функција на подигање на внатрешните капацитети на институциите и компаниите, како и зголемување на конкурентноста и создавање на производи со висок квалитет и висока додадена вредност со цел полесен и рамноправен пристап на европските пазари, кои веќе ги имаат дефинирано стандардите на пазарната игра. Дополнително, овие фондови имаат за цел да им го олеснат патот на компаниите во имплементацијата на инвестициони проекти. Токму во таа функција беше и редовната прес-конференција во Комората на тема: „Достапните европски фондови за 2012 година преку програмите на Европската комисија и Предлог-мерки за поголема искористеност на средствата наменети за развој, конкурентност и иновативност“.Во рамките на целата Програма ЦИП најважна компонента за компаниите е повикот за екоиновации, која е наменета исклучиво за компании, конкретно за мали и средни претпријатија, коишто преку оваа програма можат да добијат грантови за развој на своите производствени процеси. Оваа програма особено го поттикнува учеството на компаниите коишто се занимаваат со производство на прехранбени производи, пијалаци, обработка на дрво и на метал, како и други области чиј процес на производство има потреба од дополнителна поддршка за подобрување на производството.

# Новоформирани 3 Асоцијации и 4 Групации при Стопанската комора на Македонија во 2011 година:

1. **Групација на производители на заштитни врати – конституирана на 28.01.2011**

   **Формирана Групација на производители на заштитни врати - АКЦЕНТ ВРЗ СПРАВУВАЊЕТО СО НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА**

   Во Стопанската комора на Македонија, на 28.01.2011 година, конституирана е Групацијата на производители на заштитни врати. Во Групацијата се здружија правни лица кои се занимаваат со производство на сите видови заштитни врати. Формирањето на Групацијата произлезе од потребата за заедничко разгледување на прашања за унапредување на работењето, заедничко разрешување на тековните проблеми, предлагање мерки од заеднички интерес, давање мислења и предлози по законски регулативи, соработка со надлежни органи, институции и организации и други прашања од заднички интерес. Активностите на Групацијата треба да бидат насочени кон разрешување на проблемите со кои се соочуваат компаниите од овие дејности, посебно активностите во правец на разрешување на проблемите на нелојалната конкуренција и неконтролираниот квалитет што се појавува при увозот на заштитните врати.

2. **Групација на клучари – конституирана на 17.03.2011**

   **Формирана Групација на клучари - КАЛАУЗОТ КАЈ НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА!**

   Во Стопанската комора на Македонија, на 17.3.2011 година, конституирана е Групацијата на клучари како стручен облик на организирање и работење на оваа дејност. Во Групацијата се здружија правни лица кои се занимаваат со трговија и изработка на клучеви. Формирањето на Групацијата произлезе од потребата за заедничко разгледување на прашања за унапредување на работењето, заедничко разрешување на тековните проблеми и предлагање мерки од заеднички интерес. Расправајќи на седницата, присутните истакнаа дека активностите на Групацијата треба да бидат насочени кон разрешување на проблемите со кои се соочуваат компаниите од овие дејности, посебно во правец на разрешување на проблемите на нелојалната конкуренција од нерегистрираните клучари, за што треба да се информираат државните институции и инспекциите за поголема контрола на истите.

3. **Асоцијација за секундарни суровини и рециклатори - конституирана на 23.03.2011**

   **Новоформирана Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори во Комората - НОВА РЕГУЛАТИВА СО ЕДНА ЛИЦЕНЦА ЗАРАДИ УПРАВУВАЊЕ СО СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ ПО ЕВРОПСКИ ТЕРК**

   Успешно управување со секундарниот отпад врз основа на квалитетна законска регулатива и подигање на нивото на дејноста согласно нејзиното место во вкупните стопански движења во државата се едни од основните правци на делување на новоформиранаta Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори. Во неа членуваат стопански субјекти кои се вклучени во циркулацијата на секундарните суровини, односно кои вршат откуп, третман, складирање и транспортот на секундарниот отпад, како и претставници на индустриските капацитети - рециклатори на секундарни суровини. Секундарните отпадни суровини се значајни од повеќе аспекти и тоа: од потребата на индустриските капацитети чии развојни концепти се` повеќе се базираат на користење на секундарни суровини со оглед дека во светски рамки природните ресурси од ден на ден се поограничени, аспектот на зачувување на животната средина, како и економскиот и социјалниот аспект.

4. **Асоцијација за здравство – конституирана на 30.03.2011**

   **Конституирана Асоцијација за здравство при Стопанската комора на Македонија - ФОКУСОТ ВРЗ ЕКОНОМСКИТЕ АСПЕКТИ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНКИТЕ**

   Повеќе од 20 стопански субјекти, значајни репрезенти во фармацевтската и здравствената дејност во Република Македонија, на основачкото собрание одржано на 30.3.2011 година, ја конституираа Асоцијацијата за здравство при Стопанската комора на Македонија. Целта на нејзиното основање е првенствено да ги третира економските аспекти од работењето на

членките. Со оглед дека Асоцијацијата ќе ги следи и ќе помага во економскиот дел од живеењето на стопанските субјекти, таа ќе оствари тесна соработка со стручните еснафски организации, комориите на фармацевти и на лекари во функција на остварување на целите и интересите од заеднички интерес, односно унапрдување на здравствената дејност. Асоцијацијата ќе делува како посебна форма на организирање на заинтересираните домашни и странски правни лица - членки на Стопанската комора на Македонија, кои во својата стопанска дејност вршат активности во: производството, увозот, прометот и користењето на фармацевтски производи, медицински помагала и медицинска опрема и вршат здравствени услуги во приватни здравствени установи. Треба да се одбележи податокот дека основачи на Асоцијацијата се претставници на: производителите на фармацевстки производи, најголемите дистрибутивни ланци на лекови – веледрогериите, претставници на трговија со лекови на мало, производители на хербални лекови, застапен е сегментот на дијагностика и лаборатории и што е особено значајно - приватните здраствени установи кои зеземаат значајно место во здравствениот систем во државата.

5. **Групација на приватни здравствени установи - конституирана на 22.09.2011**

   **Формирана Групација на приватни здравствени установи**

   Со цел ефикасно остварување на специфичните интереси на приватните здравствени установи во вршењето на дејноста, во рамки на Асоцијацијата за здравство, на 22.09.2011 година, по иницијатива на приватните здравствени установи: Специјална болница за хируршки болести, Филип Втори – Скопје, Прва приватна општа болница РЕ-МЕДИКА Скопје, Клиничка болница Систина-Скопје, Неуромедика-Скопје и Европска очна болница-Скопје се формираше Групација на приватни здравствени установи. Здружувањето во Групацијата е слободно и на доброволна основа. Притоа, Групацијата е отворена за членство за сите заинтересирани субјекти кои имаат интерес да членуваат во неа. За в.д.Претседател на Групацијата е избран д-р Андреја Арсовски од Првата приватна општа болница РЕ-МЕДИКА Скопје.

6. **Асоцијација на осигурително-брокерски друштва - конституирана на 06.07.2011**

   **Формирана Асоцијација на осигурително-брокерски друштва во рамките на Стопанска комора на Македонија**

   Со донесувањето на Законот за супервизија на осигурувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2002), се создадоа услови за основање на осигурително-брокерски друштва како друштва за посредување во осигурувањето. Од донесувањето на Законот до денес, на територијата на Република Македонија се регистрирани и работат 15 осигурително- брокерски друштва, кои на осигурителниот пазар се присутни со приближно 20% од вкупно пласираната премија на пазарот во Република Македонија. Со цел унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми, осигурително-брокерските друштва на 06.07.2011 година формираа Асоцијација на осигурително-брокерски друштва како форма на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Македонија. Во Асоцијацијата ќе членуваат сите 15 осигурително-брокерски друштва.

7. **Групација на обновливи извори на енергија – конституирана на 02.12.2011**

   **Конститутивна седница на Групацијата на обновливи извори на енергија во рамките на МЕА – Д-Р КОЧО АНЃУШЕВ ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ**

На 2.12.2011 година се одржа конститутивна седница на Групацијата на обновливи извори на енергија (ОИЕ) во рамките на МЕА. За претседател на Групацијата е избран д-р Кочо Анѓушев, сопственик на „Фероинвест“, и познавач на проблематиката од областа на обновливи извори на енергија како инвеститор и сопственик на мали хидроцентрали. Во Групацијата членуваат фирми кои се занимаваат со производство на енергија од соларни системи, мали хидроелектрани, ветерници, геотермална енергија и биомаса. Формирањето на оваа групација е пред се` здружување на фирмите кои оперираат во оваа област, со цел да се надминат проблемите при работењето како и давање мислења, сугестии и решенија за одредени законски прописи, како и унапредување и развој на дејноста.

## ОДРЖАНИ 96 СОСТАНОЦИ И РАСПРАВИ ЗА КОМПАНИИТЕ:

**20.01.2011 година**

**Со Одлука на Владата на РМ - ЦАРИНАТА ЗА УВОЗОТ НА БЕЛИОТ ШЕКЕР ОД 30 НА 5 ОТСТО**

Во наредните девет месеци царината за увоз на белиот шеќер ќе изнесува пет отсто. Одлуката да се намали царината од 30 проценти, колку што изнесуваше досега ја донесе Владата на седницата од 18.01.2011 година. Мерката е во насока на поддршка на домашната кондиторска индустрија и поддршка на македонското стопанство. Воведено е на барање на стопанството и соодветствува на условите на пазарот, односно заради зголемување на берзанската цена на шеќерот поради состојбите во земјите кои се главни производители на шеќер - Тајланд, Бразил и Австралија. Доколку се позитивни ефектите од оваа времена мерка, а Владата очекува да бидат, таа мерка ќе продолжи и натаму и ќе се трансферира во долгорочно намалување на царинската стапка.

**25.01.2011 година**

**Биоразградливите кеси изземени од забраната за употреба на пластични кеси - ЗА ДВЕ ГОДИНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ ЌЕ СЕ ОБЛЕЧАТ ВО ЗЕЛЕНО**

Последните две години употребата на пластичните кеси во Македонија е намалена за 40 до 50 отсто. Наместо нив, некои од поголемите маркети веќе ги користат биоразградливите што се во склад со интенциите на надлежните органи, а со целосна поддршка од Групацијата за производство и преработка на пластични маси, многу скоро биоразградливите кеси целосно да ги заменат пластичните. Дали биоразградливите кеси ќе бидат бесплатни или ќе се продаваат и колку ќе чинат, ќе одлучуваат трговските друштва што ги пуштаат во промет. Производителите релативно брзо ќе се прилагодат на нивното производство бидејќи дополнителна опрема во фабриките за производство на биоразградливи кеси не е потребна, неопходно е само да се купат биоадитиви.

**26.01.2011 година**

**Јавна расправа по текстовите на измените на законите за градење и просторно и урбанистичко планирање - ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ГРАДЕЊЕТО ВО ЧЕТИРИ ЧЕКОРИ**




Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски во Владата на Република Македонија, пред членките на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, ги презентираше новите предлог-измени на законите за градење и просторно и урбанистичко планирање, кои се согласно проектот за поедноставување на постаката за издавање одобренија за градење во нашата држава. Во прелог-измените се предлага постапката на одобрение за градење да биде во четири чекори, што значи намалување на времето при добивањето на одобрението, а сите согласности од другите институции, ќе бидат обезбедени по службен пат. Во расправата градежниците истакнаа дека се нуди подобрување на законската регулатива; но, дека во предлозите има неколку дилеми и прашања кои треба да се разгледаат повторно, посебно во делот на надзорот, потоа, потребата од проект на изведена состојба и друго.

**27.01.2011 година**

**Групација на инспекциските тела - работилници за тахографи и таксиметри – СЕ ПРИБЛИЖУВА РОКОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**

На седница на Групацијата на инспекциските тела - работилници за тахографи и таксиметри, одржана на 27.01.2011 година во Стопанската комора на Македонија, се расправаше за подготвеноста на инспекциските тела - работилници (сервисирање на аналогни и дигитални тахографи) за прилагодување на истите согласно одредбите на Законот за работно време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09). Се истакна дека според Законот инспекциските тела - работилниците за своето работење, односно сервисирањето на аналогните и дигиталните тахографи требаа да добијат лиценца од Министерството за транспорт и врски и да добијат акредитација од Институтот за акредитирање најдоцна до 31 март 2011 година. Со тоа се потврдува дека ги исполнуваат условите за сервисирање на тахографите. Доколку инспекциските тела не се акредитираат до наведениот датум, се дава рок од шест месеци за прилагодување на истите кон условите пропишани со законските и подзаконските акти, како по однос на просторните решенија и пропишаната опрема.

**28.01.2011 година**

**Работна средба со советници за енергетика на УСАИД – МОЖНОСТЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА УСАИД**

На средбата се направија согледувања на состојбите и енергетските потребите на одделни индустриски сектори, посебно на полето на енергетската ефикасност со цел негова поддршка преку можноста за воведување на енергетски менаџмент и намалување на трошоците за енергија. Претставниците на УСАИД беа запознати со досегашните активности на планот на енергетската ефикасност во индустриските и технолошките процеси, во повеќе индустриски гранки: текстилната, металопреработувачката, прехранбената и дрвната, односно на можностите за искористување на биомасата. Беше нагласена потребата за намалување на трошоците за енергија во индустриските капацитети, како кај технолошките процеси, така и во објектите, каде што исто така има голем потенцијал за заштеда на енергија.

**3.02.2011 година**

**Групацијата за електроиндустрија со став - ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ НЕ СЕ ДОВОЛНО МОТИВИРАЧКИ ЗА ИЗГРАДБА НА МАЛИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ**

На седницата на Групацијата за електроиндустрија, одржана на 3.02.2011 година во Стопанската комора на Македонија, се расправаше за покренување иницијативи за измени кои ја регулираат изградбата на мали хидроцентрали, измена на мрежни правила, заштита на домашното производство, јавните тендери и сл. За изградбата на мали хидроцентрали се истакна дека оваа област е регулирана со повеќе закони, како што е Законот за концесии, Законот за градба, Законот за води и други закони. Но, одредени законски решенија во овие закони недоволно ја стимулираат изградбата на малите хидроцентарали. Беше заземен став за овие проблеми да се информира Групацијата за мали хидроцентрали при Стопанската комора на Македонија за да се изгради заеднички став на инвеститорите на малите хидроцентрали за натамошните активности за покренување на измени и дополнувања на законската регулатива која ја регулира оваа област. Посебен акцент беше даден и на мрежните правила за уредување на услови за проектирање и изведба на приклучоци, за што се побара преиспитување на истите и прилагодување со Законот за енергетика.

**4.02.2011 година**

**Собранието на Република Македонија го усвои Законот за енергетика - СИГУРНО, БЕЗБЕДНО И КВАЛИТЕНО СНАБДУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА ПО ЕВРОПСКИ ТЕРК**

Сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти; создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор; поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари почитувајќи ги начелата на недискриминација, објективност и транспарентност; интегрирање на енергетските пазари на државата во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со

ратификуваните меѓународни договори; зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на искористувањето на обновливите извори на енергија и заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделни дејности од областа на енергетиката се целите кои ќе се постигнат со новиот Закон за енергетика. Во Законот се регулирани и надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ), особено во делот за мониторинг на пазарот, условите за прекугранична размена на енергија, пристапот до мрежите, сигурноста во снабдувањето со енергија, контролата во работата на регулираните компании, правното раздвојување на операторите на преносните и операторите на дистрибутивните системи од конкурентните дејности, создавање услови за целосно отворање на пазарот на електрична енергија и природен гас.

**7.02.2011 година**

**Соработка со Францускиот културен центар во Скопје - ОБУКА НА БИЗНИСМЕНИ ЗА ПОЗНАВАЊЕ НА ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК**

Стопанската комора на Македонија ја посети Жан Ив Лавоар, директор на Францускиот културен центар во Скопје со соработниците. Гостите разговараа со Љубица Нури и Ацо Спасовски. Целта на посетата беше да се воспостави соработка, посебно во делот на обуката на нашите бизнисмени со познавање на францускиот јазик за остварување на нивни контакти со француски компании и со компании од франкофонските земји. Предлогот за соработка е прифатен од страна на Стопанската комора на Македонија, со тоа што во иднина заеднички треба да се операционализира низ конкретни курсеви. Соработката треба да се одвива континуирано во текот на годината во рамките на одбележување и промовирање на целите на функционирање на франкофонијата.

**7.02.2011 година**

**Македонската енергетска асоцијација - МЕА по трет пат организираше расправа за граничните вредности на емисиите - КВАЛИТЕТНО ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**



Во организација на Македонската енергетска асоцијација, претставници на енергетските компании и на индустриските капацитети, на 3 февруари 2011 година, во Стопанската комора на Македонија го разгледаа текстот на Правилникот за формата и содржината на обрасците на доставување на податоците од емисиите во амбиентниот воздух од стационарни извори, начинот и временскиот период на доставување согласно капацитетот на инсталацијата, содржината и начинот на водење на дневникот на емисии во амбиентниот воздух. Понудениот Правилник стопанствнеиците го оценија како добар, а во дискусијата се поставија одредени прашања, како што е надлежноста за вршење на предвидените мерења, како и за сезонските загадувачи кои мерењата би ги вршеле во периодот кога работат, а извештаите ќе ги поднесуваат согласно одредбите од Правилникот - годишно, потоа за начинот на водење и доставување на дневникот, при што во интерес на избегнување на преголемото администрирање, беше побарано да се доставува само воелектронска форма.

**9.02.2011 година**

**Групацијата на пазари реагира на дополнителните финасиски товари**

Групацијата на пазари распараваше за состојбите и тековните проблеми во работењето на зелените пазари, за законската регулатива и нејзина имплементација, односно спроведување на Акциониот план за намалување на „сивата" економија во 2011 година. Во делот на нелегална трговија, претставниците на пазарите забележуваат дека е потребна поголема и координирана активност на инспекциските органи за да се елиминира трговијата на

црно што се врши надвор од пазарите кои се нелојална конкуренција на закупците на тезги кои работат согласно законите. На седницата на Групацијата на пазари за нов претседател беше избран Благој Дивитаров од ЈП „Пазари Битола", а за потпретседатели беа избрани Љупче Лазевски, ЈП „Дервен"- Велес и Димче Колев, ЈП „Исар" - Штип. Присутните на состанокот искажаа задоволство и благодарност до Драган Василески, досегашниот претседател на Групацијата за пазари, која доста активно работеше и постигна позитивни ефекти, посебно во делот на фискализација на зелените пазари и други законски прописи кои се однесуваат на нивното работење.

**10.02.2011 година**

**Групацијата за лифтови је потенцира нелојалната конкуренција како најголем проблем во работењето на монтажерите и сервисерите - НЕСТРУЧНОСТА ЗАКАНА ЗА ГРАЃАНИТЕ, НА ПОТЕГ ИНСПЕКЦИИТЕ И ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ**

Во изминатиот период еден од најголемите проблеми во работата на монтажерите и сервисерите на лифтови претставува нелојалната и нестручната конкуренција која се јавува со работењето на „дивите" монтажери на лифтови, беше истакнато на состанокот на членките на Групацијата за лифтови со претставниците наМинистерството за економија иинспекциските служби,одржан во Стопанската комора на Македонија. „Дивите" монтажери на пазарот пласираат производи-лифтови со небезбедни карактеристики кои не ги исполнуваат условите за безбедност на производите, без целосна техничка документација, особено монтирање на лифтови без проекти и надзор, преку што директно се загрозуват корисниците на лифтови. Исто така, на „дивите" монтажери во прилог оди и фактот дека во моментот не постои процедура и критериуми за пуштање на лифтови во работа.

**14.02.2011 година**

**Групацијата на авто-такси превозот на патници на Град Скопје со јасен став - ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ПРИСТАП ВО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ**




Институционалниот пристап е единствен начин за надминување на отворените прашања и проблеми во такси дејноста, - ова беше истакнато од страна на претседателот на Групацијата на авто-такси превозот на патници на Град Скопје, Сашо Рајчановски, на прес-конференцијата, што на 14.2.2011 година се одржа во Стопанската комора на Македонија. За такси станиците ставот на Групацијата е дека мора да постојат такси станици со поголем капацитет на места каде што граѓаните имаат потреба. Исто така, не смеат да се укинуваат постојните такси станици за кои постои интерес и им се потребни и на граѓаните и на таксистите и кои не го попречуваат нормалното одвивање на сообраќајот. Заложба на такси-компаниите е од денот на почнување со издавање на лиценци на сите лица кои вршат такси превоз и сакаат да продолжат да ја вршат оваа дејност (без разлика каков им бил досегашниот статус, односно имале или немале лиценци), да им се овозможи во рок од 8 месеци да ја комплетираат документацијата за добивање лиценца, за да можат за кратко време сите потенцијални такси-превозници во градот да бидат лиценцирани.

**24.02.2011 година**

**Потпишан Меморандум за соработка меѓу Здружението на банкарството и АФПЗРР - ВО ФУНКЦИЈА НА ПОГОЛЕМО КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПРЕТПРИСТАПНАТА ПОМОШ НА ЕУ**

Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Тони Димовски, и претседателот на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, Ѓорѓи Јанчевски, потпишаа Меморандум за соработка.Со склучувањето на овој документ се реализира мерка преземена од Владата, со што ќе се олесни постапката за добивање кредит за корисниците на финансиска поддршка кои склучиле договор за



финансирање со Агенцијата. Со тоа, земјоделците ќе добијат поедноставна постапка за аплицирање во Програмата ИПАРД, соработка меѓу банките и Агенцијата во однос на размена на информации и охрабрување и поддршка од институциите кон земјоделскиот сектор во однос на проектите од Програмата ИПАРД. Меморандумот е во функција на се` поголемо користење на средствата од претпристапната помош на Европската унија, бидејќи утврдивме дека постои простор за унапредување на состојбите во делот на финансирањето, односно обезбедувањето на потребните средства за реализација на инвестициите, со оглед дека принципот на користење на средствата од претпристапната помош значи кофинансирање, или поврат на средствата по нивната реализација. Според Ѓорѓи Јанчевски, целта е да се поедностават процедурите за земање кредити, да се направи унифициран деловен план кој ќе го прифатат и банките и побрзо да се дојде до средствата од ИПАРД-фондовите.

**25.02.2011 година**

**Македонската енергетска асоцијација за електричната енергија од обновливи извори - СЕ ПЛАНИРААТ ИНВЕСТИЦИИ, А РЕГУЛАТИВАТА НЕДОЗАОКРУЖЕНА**

Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија, на 25 февруари 2011 година, одржа тематска расправа за влијанието на производството на електрична енергија од обновливи извори врз регулацијата на електроенергетскиот систем во државата. Темата е значајна од два аспекта, се` поголемата актуелност и популарност на производството на електрична енергија од обновливи извори и вториот аспект, кој досега речиси и не беше третиран, е нејзиното влијание, кое може дури да биде и ограничувачко за стабилноста на електроенергетскиот систем во Република Македонија.Во интерес на стабилноста на електроенергетскиот систем, од аспект на безбедно приклучување на електричната енергија од обновливите извори, особено ветерната, Македонската енергетска асоцијација бара да се почитуваат роковите за донесување на секундарната регулатива која произлегува од Законот за енергетика. Како и Правилата за пазар на електрична енергија, особено значајни од аспект на балансирањето кое во актуелните услови може да биде особено голем трошок, како и да се донесе стратегијата на МЕПСО и мрежните правила, за кои свое стручно видување ќе даде и Македонската енергетска асоцијација.

**3.3.2011 година**

**Јапонскиот експерт Акихиро Иноуе во Стопанската комора на Македонија со порака до бизнис-секторот: КВАЛИТЕТЕН МЕНАЏМЕНТ И НОВИ БРЕНДОВИ - „ЛЕК“ ЗА КОНКУРЕНЦИЈАТА**



Создавање нови производи и брендови, фокусирање кон клиентите и обезбедување поголеми бенефиции за потрошувачите, како и поинаков начин на размислување особено во делот на маркетингот и менаџирањето се клучни предуслови за да може една компанија да опстане на странските пазари каде што конкуренцијата е огромна, - порача јапонскиот експерт Акихиро Иноуе на семинаротна тема: „Развој на нов производ – Концепт на генерирање нов производ”, одржан на 3 и 4 март 2011 година во Стопанската комора на Македонија. Според реномираниот професор, секоја фирма мора постојано да исфрла нови производи за да опстане на пазарот што не е толку лесно, особено кога станува збор за менаџирањето. Особено чувствително прашање се трошоците и цената при развојот на производот. Македонските фирми на тоа треба да обрнат поголемо внимание. Се работи за концепт т.н. ценовно лидерство кој, кога се воведува нов производ, е доволен сам по себе да ја

одржува цената, но една, две или максимум три години,потоа,конкуренцијата станува се` поголема.

**5.3.2011 година**

**Собрание на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори – МИФА - БРОЈНИ БЕНЕФИТИ ЗА БИЗНИС-СЕКТОРОТ**

Бенефитот од функционирањето на МИФА го почувствуваа не само шпедитерите и логистичките оператори, туку и поширока бизнис-заедница. Ова беше оценката на членовите на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори – МИФА при Стопанската комора на Македонија што ја дадоа на седницата на годишното Собрание на Групацијата, што се одржа на 5.3.2011 година и на која беше направен осврт врз бројните активности што беа реализирани во изминатиот среднорочен период. На седницата, којашто беше реализирана во два дела, конститутивен и работен дел, за нов претседател на МИФА во наредниот петгодишен период едногласно е избран Ѓино Шкријељ, од "Викторијашпед"- Скопје. Во расправата за бројните активности, што беа реализирани преку Групацијата во изминатиот петгодишен период, особено беа нагласени: успешното организирање на 9. Конгрес на меѓународните шпедитери и логистички оператори од Југоисточна Европа, што се одржа во Охрид; перманентната соработка со Царинската управа на Република Македонија, како значаен стратешки партнер на МИФА; реализирањето на серија едукативни семинари во поголемите стопански центри во земјата за разни актуелни теми од царинското и надворешно-трговското работење; активното учество во работата на Советодавното тело при Царинската управа, преку што се придонесе за покренување иницијативи за надминување на значајни актуелни проблеми и отворени прашања; измената на член 32 од Законот на трговија на иницијатива на Групацијата, на кој начин се издвои инспекциската контрола од претцаринската постапка, што придонесе за забрзување на царинските формалности; а како посебно значајна беше нагласена активноста што на иницијатива на Групацијата, Уставниот суд на РМ донесе Одлука за укинување на одредени членови од Законот за царина (член 4), со што се придонесе да се надминат одредени проблеми од законодавно-правна природа кои задираа во егзистенционалното функционирање на голем број шпедиции во земјата.

**9.3.2011 година**

**Мисијата на СИГМА за оценка на системот на јавните набавки во земјава во Стопанската комора на Македонија - ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПУСТИ И ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

Во Стопанската комора на Македонија престојуваше Мисијата на СИГМА на ОЕЦД за оценка на системот на јавните набавки и водеше разговори со претставници на домаќинот. Ова е вообичаена оценка за мисијата која има за цел да помогне во градењето на добар систем за јавни набавки во нашата држава. На разговорите претставниците на Комората ги запознаа гостите со функционирањето на системот на јавните набавки и на искуството од членките при апликациите за јавните набавки и практичните проблеми на кои наидуваат од страна на договорните органи. Притоа, беше укажано и на одредени законски пропусти кои треба да се отстранат, како и на фактот за поголема транспарентност на јавните набавки.

**10.3.2011 година**

**Здружението на комуналните дејности со барање - ИЛИ ИЗМЕНИ ИЛИ ПОДГОТОВКА НА НОВ ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА**

Управниот одбор на Здружението на комуналните дејности расправаше за проблемите во имплементацијата на Законот за гробишта. При тоа беше посочено дека Законот, кој е на сила од 1 јануари 2009 година, има многу недостатоци коишто создаваат проблеми во неговата примена. На состанокот беа посочени конкретни членови од Законот кои се спорни и го отежнуваат работењето на претпријатијата.На седницата учествуваа и претставници од Државниот комунален инспекторат. Заеднички беше констатирано дека актуелниот Закон за гробишта во некои членови тешко се применува и затоа е потребна измена на членови од Законот, па дури и креирање на комплетно нов закон. Управниот одбор одлучи да се формира комисија од неколку фирми кои ќе изработат иницијатива за измена на Законот за гробишта.

**14.3.2011 година**

**Групација за производство и преработка на пластични маси - ПЛАСИЧНИТЕ КЕСИ ЗАБРАНЕТИ, БИОРАЗГРАДЛИВИТЕ БЕСПЛАТНИ!**

Во „Службен весник на РМ“ број 29 од 8 март 2011 година, се објави Наредбата за забрана за ставање во употреба на кеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси во продавници, деловни простории, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи и во продавници и киосци каде се врши трговија на мало на ситни производи за лична потрошувачка.Новина во Наредбата е дека биоразгдарливите кеси, произведени соодветно пропишаните стандарди за биоразградливост може да се ставаат во употреба без плаќање надомест од страна на потрошувачите.Согласно Наредбата, управителите на продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи кои ставаат во употреба биоразградливи кеси произведени соодветно пропишаните стандарди за биоразградливост, на видно место во своите простории треба да истакнат известување дека кесите кои ги ставаат во употреба се биоразградливи кеси произведени соодветно пропишаните стандарди за биоразградливост.Измената на Наредбата ја иницираше Групацијата за производство и преработка на пластични маси при Стопанската комора на Македонија.

**15.3.2011 година**

**Одржан семинар на Групацијата на автомобилската индустрија - ОСНОВИ НА ПРОДАЖБА НА ДЕЛОВИ ЗА ПРВО ВГРАДУВАЊЕ ВО АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА**

На 15.3.2011 година, во организација на Групацијата на автомобилската индустрија при Стопанската комора на Македонија, а во соработка со Автомобилскиот кластер на Македонија, беше одржан Првиот семинар на тема: “Основи на продажбата на делови за прво вградување во автомобилската индустрија“. Семинарот се организираше со поддршка на Проектот “Промоција на инвестициите и извозот“, кој се спроведува од страна на Германското друштво за интернационална соработка (GIZ) по препорака на германското сојузно Министерство за економска соработка и развој (BMZ). На семинарот од страна на Олаф Хенкер, консултант на GIZ, кој е специјализиран за проблематиката на автомобилската индустрија, беа презентирани и обработени преку практични примери процесите на набавка кај производителите и добавувачите, начините на соработка со европските компании, како и новите трендови во автомобилската индустрија.

**17.3.2011 година**

**Тематска расправа за имплементација на усвоените европски стандарди во градежништвото и производството на градежни материјали во земјава - ТЕШКО ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА БЕТОН**



Во организација на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите и Институтот за стандардизација на Република Македонија – ИСРМ, беше организирана расправа за хармонизација на националната со европската стандардизација и имплементација на усвоените европски стандарди во градежништвото и производството на градежни материјали. Согласно Директивата за градежни производи (CPD) 89/106 EEC, донесени се законските и подзаконските акти, во завршните одредби е наведено дека до пристапување на РМ во ЕУ или до влегувањето во сила на соодветен протокол за оценка на сообразноста со Европската заедница (АКА), за производот што е произведен во Република Македонија и наменет за домашниот пазар пред негово пуштање на пазарот или ставање во употреба треба се да обезбеди сертификат за сообразност издаден од овластено тело. Сертификатот за сообразност ја заменува CE-ознаката. Министерството за економија (во зависност од опсегот на акредитацијата) им има издадено решенија за именување на тело за атестирање на сообразност на три лаборатории за испитување на градежните

материјали и тоа на: Градежниот институт „Македонија“ АД - Скопје, Универзитетот „Св.Кирил и Методиј„ - Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје„ АД - Скопје и на „Евро консалтинг“ ДОО - Скопје.

**25.3.2011 година**

**Групацијата на производители на заштитни врати не знае на која врата да тропне заради заштита на домашното производство - НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ИНТЕНЗИВНО УВЕЗУВА, ИНСПЕКЦИИТЕ МОЛЧАТ**

Во рамките на Групацијата на производители на заштитни врати при Стопанската комора на Македонија, во изминатиот период на неколку наврати се актуелизирани одредени прашања и проблеми сврзани со налојалната конкуренција од увоз на безбедносни врати со сомнителен квалитет. За да се надмине ваквата состојба, а имајќи ги предвид несаканите последици кои можат да ги предизвикаат заштитните врати со неадекватен или низок квалитет, Групацијата ја истакнува потребата од донесување на правна регулатива со која ќе се обезбеди зајакната контрола на квалитетот во нивното производство и увоз. За таа цел, на 25.3.2011 година, во Стопанската комора на Македонија се одржа седница на Групацијата на производители на заштитни врати со претставници на државни институции (Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Царинската управа на РМ, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспекторат за техничка инспекција) и Организацијата на потрошувачите на Македонија. На седницата се расправаше за начинот на делување за спречување на нелојалната конкуренција и заокружување на правната регулатива.

**30.3.2011 година**

**Експертот за атомска енергија Никола Попов со „Приказ на случувањата во нуклеарната електрана Фукушима“ и со порака - МАКЕДОНИЈА ТРЕБА ДА ГИ СЛЕДИ СВЕТСКИТЕ ТРЕНДОВИ ВО НУКЛЕАРНАТА ЕНЕРГИЈА**

Професорот на МакМастер Универзитетот во Хамилтон, Канада, д-р Никола Попов во излагањето во рамките на Македонската енергетска асоцијација истакна дека во Македонија нема да има никакви последици од хаваријата во Нуклеарната централа Фукушима во Јапонија. Тој на заинтересираните им ги презнетирашпе состојбите со нуклеарната енергија во светски рамки. - За Македонија е многу важно да биде правилно информирана за тоа што се случува во Фукушима и кои би биле можните последици за државата, имајќи ги предвид краткорочните потенцијални негативни ефекти што може да се јават, но и какви импликации ќе има вкупно на Енергетската стратегија на Македонија, - изјави вицепремиерот Пешевски пред почетокот на предавањето. Тој прецизира дека се` уште не е донесена одлука дали во Македонија ќе се гради нуклеарна централа иако тоа се предвидува во едно од сценаријата на Стратегијата за енергетика, која е веќе донесена.




**7.4.2011 година**

**Групација на пазари со реакција - ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЈА ПОПРЕЧУВА МОДЕРНИЗАЦИЈАТА**

Групацијата на пазари расправаше за состојбите и тековните проблеми во работењето на зелените пазари. Беа посочени два проблема со кои пазарџиите континуирано се соочуваат. Во делот на нелегална трговија забележуваат дека е потребна поголема и координирана активност на инспекциските органи, Министерството за економија и за внатрешни работи за да се елиминира трговијата на „црно“ што се врши надвор од пазарите кои се нелојална конкуренција на закупците на тезги кои работат согласно законите. Претставникот на Здружението на тезгаџии посочи дека дел од корисниците на тезги се` уште не се регистрираат според постојниот закон бидејќи чекаат Владата да ја исполни Одлуката, донесена по

разговорите со нив, а според која ќе биде донесен закон за трговија од мал обем.Второ, претставниците на Групацијата на пазари на состанокот посочија дека се соочуваат со неусогласеност на законската регулатива. Иако, според Законот за комунални дејности нивното постоење и работење значи осовременување и модернизација, сепак, не се во можност тоа да го реализираат бидејќи други закони кои функционираат во државата го попречуваат нивниот развој. Поради тоа бараат да седнат на заедничка маса со претставници на ЗЕЛС и Здружението на корисници на тезги за да разговараат за статусот на пазарите и можноста истите да се модернизираат.

**11.4.2011 година**

**Македонската асоцијација на рударството - МАР ја пофали транспарентната распределба на концесиите за деталните геолошки истражувања - ПОТТИК ЗА ОТВОРАЊЕ НОВИ ИЛИ ПРОШИРУВАЊЕ НА СТАРИТЕ РУДНИЦИ**



Македонската асоцијација на рударството - МАР оценува дека поголемиот број концесии за детални геолошки истражувања што се доделени по подолг застој се добар чекор и предуслов за отворање нови рудници во Македонија. Ова беше истакнато на редовната конференција за печат во Стопанската комора на Македонија на тема: „Транспарентноста во доделувањето на концесиите – поттик за отворање нови или проширување на старите рудници" (11.4.2011 година). Според претседателот на Асоцијацијата и извршен директор на рудникот „Бучим", Николајчо Николов, со доделувањето на поголемиот број концесии реално може да се очекува за две до три години отворање на новируднички капацитети во земјава, посебно во експлоатција на металите. Најкарактеристични се потенцијалните рудници за бакар бидејќи се доделени три концесии за бакарна руда. Едниот локалитет е Иловица кај Струмица, потоа Боров Дол во близина на Радовиш и Кадивица во околината на Пехчево. Ставот на Асоцијацијата е дека македонското рударство полека излегува од кризата во која западна кон крајот на 2008 и почетокот на 2009 година и во сите сегменти се бележи зголемен обем на производство. Асоцијацијата се залага за максимална контрола на надлежните органи при експлоатацијата на неметалите заради неконтролирано користење, посебно кај песокот и чакалот.

**19.4.2011 година**

**Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа - ПРЕПИСКАТА СО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ТРАЕ, НЕУСОГЛАСЕНАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ОПСТОЈУВА!**



На седницата на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа, одржана на 19.4.2011 година, се расправаше за активностите кои беа реализирани во текот на 2010 година, односно за покренатите иницијативи за изменување и дополнување на Правилникот за задолжителна ПП-опрема во возилата. Притоа, беше истакнато дека за реализирање на овие активности Групацијата преку Стопанската комора на Македонија со писмени дописи на неколку наврати се обрати до Министерстводо за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување, за организирање работни средби за разгледување на иницијативата и давање конкретни предлози. По

овие иницијативи Министерството за внатрешнии работи достави информација дека не се надлежни по Правилникот за противпожарна заштита, додека Дирекцијата за заштита и спасување не достави одговори за реализирање на средба со претставници на Групацијата.

**21.4.2011 година**

**Поддршка на бизнис-заедницата за активно пристапување кон Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло - КОНКРЕТНИТЕ ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО 6 МАЈ ГОДИНАВА**




Во Стопанската комора на Македонија се одржа информативна средба на компаниите со претставници на Царинската управа на Македонија и Министертвото за економија заради информирање за процесот на пристапување на Република Македонија кон Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански правила за потекло (21.4.2011 година). Регионалната конвенција ќе ги замени 60-те протоколи за потекло на стоки, кои се составен дел од билатералните спогодби за преференцијална трговија, што ги има склучено ЕУ заради нивната хармонизација, поедноставување и либерализација. Со оваа промена ЕУ ќе ја поддржи политичката одлука, промовирана во 2007 година во Лисабон. На овој начин земјите од југоисточен Медитеран, учесниците во Барселонскиот процес, Алжир, Египет, Израел, Јордан, Либан, Мароко, Палестнската самоуправа, Сирија, Тунис, Турција, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Србија и Косово, ЕФТА, ЦЕФТА и Фарските Острови се консолидираат во заеднички трговски простор преку можност на имплементација на дијагоналната кимулација на потеклото.

**27.4.2011 година**

**Семинар за новиот Закон за хемикалии и европската регулатива REACH - ДОЛГО, ПОСТЕПЕНО И СКАПО ПРИСПОСОБУВАЊЕ**

Република Македонија го донесе новиот Закон за хемикалии кој е комплетно усогласен со европското законодавство во таа област. Целта на тие директиви е да се користат хемикалиите онаму каде што треба, но при тоа да се заштити здравјето на населението, животната средина, воздухот, водата, почвата и да се спречи контаминација од какви било хемикалии. Ова го истакна директорот на Бирото за лекови, Илчо Захариев во обраќањето пред учесниците на еднодневниот семинар на тема „Новиот Закон за хемикалии и европската регулатива REACH“ во организација на Бирото во соработка со Стопанската комора на Македонија. Хемикалиите ги има и во земјоделството и во рударството, текстилната индустрија, металургијата, козметичкото производство, градежништвото и секаде мора да бидат исполнети овие стандарди, што ќе значи издвојување на многу финансиски средства, но крајниот ефект ќе биде позитивен - поздрава средина, помала контаминација и ќе нема услови да се каже дека хемикалиите влијаат лошо врз здравјето на населението.

**3.5.2011 година**

**Работна група на Здружението на трговијата расправаше за контрола на диоксинот во производите од животинско потекло увезени од Германија - ПОЧНАТА ПОСТАПКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТРОГА КОНТРОЛА**

Работната група на Здружението на трговијата, одржа работен состанок со директорот на Агенцијата за храна, Дејан Рунтевски и неговиот заменик Абдулазис Догани, раководител на Секторот за гранична ветеринарна инспекција. Состанокот беше организиран на иницијатива на Стопанската комора на Македонија, со цел да се олесни постапката за задолжително

лабораториско испитување на полихронирани бифенлии (диоксин) во месо, производи од месо, производи од млеко, јајца и други артикли по потекло од Република Германија кои се наменети за исхрана на луѓе. По доставената иницијатива од Стопанската комора на Македонија, Агенцијата за храна веќе ја започнала постапката за укинување на решението. Трговците и увозниците на месо во разговорите со директорот на Агенцијата за храна и неговиот заменик побараа и поголема регулација во делот на услугите што ги нудат лабораториските институции. Рунтевски на работниот состанок ги информираше трговците и увозниците за месо дека, согласно законските прописи, со формирањето на Агенцијата за храна, сите трговски објекти ќе мора да се пререгистрираат или да се регистрираат (ако се нови правни субјекти) во Агенцијата.

**5.5.2011 година**

**Обуки за конкретна изработка на апликации за проекти во рамките на ЦИП-програмата - ЕВРОПСКИТЕ ПАРИ ЧЕКААТ ИДЕИ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАТИВНОСТ**

Како дел од стратегијата на Стопанската комора на Македонија да ја зголеми искористеноста на европските фондови, Центарот за имплементација на развојни идеи (ЦИРИ) во соработка со Министерството за економија и Кабинетот на вицепремиерот задожен за економски прашања, како и во соработка со Делегацијата на Европската унија во Скопје, како кофинансиер на Проектот, организира обуки за компаниите и консултантите во делот на аплицирање за фондовите на Рамковната програма за конкурентност и иновации на Европската унија ЦИП. ЦИП е рамковна програма за конкурентност и иновации на Европската унија (Competitiveness and Innovation Framework Programme – CIP). Програмата ќе се спроведува од 2007 до 2013 година со годишни оперативни програми и повици за доставување предлози. Овие чекори на Стопанската комора на Македонија се со цел да ги охрабрат компаниите да ги искористат можностите за изградба на нивните капацитети за аплицирање за ЦИП-фондовите и да ги искористат обуките за вклучување во поширок дијалог со претставниците на приватниот и на јавниот сектор. Една од целите на обуките е да се подготват заинтересираните страни од земјата и нивните проектни идеи за некои од веќе објавените, како и претстојните повици. Програмата на Владата ќе биде еден од тие на кои ќе имаме поголем акцент отколку досега, најави вицепремиерот за економски прашања Владимир Пешевски, кој заедно со министерот за економија Фатмир Бесими се обратија на отворањето на обуката во Стопанската комора на Македонија.

**11.5.2011 година**

**Промовиран научен труд од областа на меѓународното транспортно право и меѓународната шпедиција во Стопанската комора на Македонија - ОДЛИЧНА АЛАТКА ЗА ШПЕДИТЕРИТЕ**




Пред значаен број стопанственици, научни работници, претставници на домашни и меѓународни институции, како и пред роднини и пријатели на авторот, во Стопанската комора на Македонија беше промовирано најновото издание “Меѓународно транспортно право - меѓународна шпедиција - договор за шпедиција“ на авторот Никола Костов. Книгата е во издание на РИ-Графика ДОО – Скопје. Најнови трендови во транспортот и современата економија, споредба на македонската, европската и аглосаксонската правна регулатива во шпедитерското работење, шпедицијата како дејност, видови шпедиција, проблеми во работењето на шпедитерите и договори за шпедиција, се содржините во новата книга „Меѓународно транспортно право - меѓународна шпедиција - договор за шпедиција“ од Никола Костов, експерт во областа на шпедитерското работење.Целта на оваа книга е да ја следи меѓународната шпедиција во нејзиниот динамичен развој на современите текови и промени. Од тој аспект посебно место и улога се става на шпедитерот како креатор и носител на сите активности во рамки на науката, праксата и законската регулатива.

**23.5.2011 година**

**Редовен состанок на Советодавното тело со бизнис-заедницата - ПРЕДЛОЖЕНИ МЕРКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР**

Основни цели на Советодавното тело, кое е формирано во јануари 2009 година, се воспоставување на партнерски однос меѓу Царинската управа и бизнис-заедницата, олеснување на трговијата и транспортот на стоки и патници, модернизирање на царинските постапки и спроведување обуки за бизнис-заедницата и царинските работници од области поврзани со царинското работење. По искажаниот интерес за приклучување, на состанокот, со потпишување на Анекс кон Меморандумот за соработка и партнерство и Анекс кон Меморандумот за формирање на Советодавното тело, Советодавното тело беше проширено со три нови членки: Текстилното трговско здружение – Текстилен кластер, Здружението на кожарско-преработувачката индустрија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ. Со ова бројот на членки се зголеми на 11, останати членки на ова тело уште се: Царинската управа, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Република Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија, Американската стопанска комора во Македонија, МАКАМТРАНС - Асоцијација на независни синдикати на камионските транспортери, Групацијата на шпедитери и логистички оператори и СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ. На состанокот, покрај другото, се разгледа прашањето на присуство на пазарот на производи од увоз со лош квалитет, што претставува нелојална конкуренција на домашните производи. Исто така, беа разгледани и прашања поврзани со користењето на банкарски гаранции во царинската постапка, степенот на реализација на заклучоците на телото од претходните состаноци, можноста за царинење на мали комерцијални пратки на граничните премини со усна декларација, како и други прашања од царинското работење.

**23.5.2011 година**

**Работна група на Здружението на трговијата расправаше за контрола на диоксинот во производите од животинско потекло увезени од Германија - ПОЧНАТА ПОСТАПКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТРОГА КОНТРОЛА**

Работната група на Здружението на трговијата, на 20.5.2011 година во Стопанската комора на Македонија, одржа работен состанок со директорот на Агенцијата за храна, Дејан Рунтевски и неговиот заменик Абдулазис Догани, раководител на Секторот за гранична ветеринарна инспекција. Состанокот беше организиран на иницијатива на Стопанската комора на Македонија, со цел да се олесни постапката за задолжително лабораториско испитување на полихронирани бифенлии (диоксин) во месо, производи од месо, производи од млеко, јајца и други артикли по потекло од Република Германија кои се наменети за исхрана на луѓе. Откако увозниците ги изнесоа своите ставови и забелешки за начинот и постапката на коишто се врши анализа на производите од животинско потекло со потекло од Германија, Дејан Рунтевски информираше дека постапката не само што ќе се олесни, туку и целосно ќе се укине решението. По доставената иницијатива од Стопанската комора на Македонија, Агенцијата за храна веќе ја започнала постапката за укинување на решението.

**27.5.2011 година**

**Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори - КВАЛИТЕТНОТО УПРАВУВАЊЕ СО АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД ЈА ЗАШТИТУВА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Асоцијацијата за секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање, на 26 мај 2011 година одржа советување на тема: Примена на Законот за управување со пакување и отпад од пакување - права, одговорности, отворени прашања, информации, со цел низ дијалог на бизнис-заедницата со претставниците на Министерството и фирмата за менаџирање на процесот на третирање на амбалажниот отпад да се разјаснат отворените прашања и да се дојде до успешна практична примена на Законот



за управување со пакувања и отпад од пакување. Придобивките од примената на оваа регулатива се повеќекратни, а во крајна линија, сигурно ќе придонесе во зголемување на конкурентноста на нашите производи на европскиот пазар. За успешна примена на оваа регулатива ќе придонесе и Националната програма за управување со отпад од пакувања на Република Македонија за периодот 2011-2016 година, која е во фаза на донесување.

**27.5.2011 година**

**Усвоено барањето на Здружението на трговијата - УКИНАТА КОНТРОЛАТА НА ДИОКСИН ВО ПРОИЗВОДИТЕ ОД ГЕРМАНИЈА**

Согласно барањето на Здружението на трговијата да се олесни постапката за лабораториско испитување на полихлорирани бифенили во месо, производи од месо, млеко, производи од млеко, јајца и производи од јајца по потекло од Република Германија кои се наменети за исхрана на луѓе при увоз во Република Македонија, по одржаниот состанок со директорот на Агенцијата за Храна Дејан Рунтевски и неговите соработници Абдулезел Догани и Димче Петрески, Агенцијата донесе РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЛАБОРАТОРИСКО ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЛИХЛОРИРАНИ БИФЕНИЛИ ВО МЕСО, ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО, МЛЕКО, ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО, ЈАЈЦА И ПРОИЗВОДИ ОД ЈАЈЦА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА КОИ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ИСХРАНА НА ЛУЃЕ ПРИ УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. Решението влезе во сила на 26.5.2011 година (еден ден по објавувањето во „Службен весник на РМ“ бр. 70 од 25.5.2011 година).

**8.6.2011 година**

**Македонската енергетска асоцијација (МЕА) расправаше за регулативите за емисии во воздухот - АТМОСФЕРА СПОРЕД ЕВРОПСКИТЕ ДИРЕКТИВИ**




Во организација на Македонската енергетска асоцијација (МЕА) во Стопанската комора на Македонија беше разгледан Правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори.Еден од важните аспекти на мерењата на емисии во воздух е безбедносниот аспект. За начинот на обезбедување на сигурност и контрола на квалитет на мерењата на емисиите и за безбедносните услови за вршење на мерењата презентираше еспсерт од техничкиот истражувачки центар на Финска, истакнувајќи при тоа конкретни примери поврзани со овој аспект на мерењата. На овој, трет по ред, консултативен состанок на МЖСПП и претставниците на енергетскиот и индустрскиот сектор продолжија започнатите активности на донесување на регулативите за граничните вредности на емисиите, кои произлегуваат од Законот за квалитет на амбиентниот воздух.

**14.6.2011 година**

**Седница на Здружението на комуналните дејности - НАСКОРО СЕМИНАР ЗА ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

Здружението на комуналните дејности, на седницата одржана на 14.6.2011 година, расправаше за “Обврските на јавните комунални претпријатија, согласно одредбите на членот 26 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (членот 26 од Законот)” чија примена стартува од 1.7.2011година. За таа цел, претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање и од фирмата „Пакомак“ која е првиот и засега единствен управувач со отпад од пакување ги информираа комуналните претпријатија за законските одредби кои ги засегаат, за релациите на ЈП со општините согласно овој закон и релациите со „Пакомак“ и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**14.6.2011 година**

**Здружението на трговијата расправаше за Законот за управување со пакување и отпад од пакување - ТРГОВСКИТЕ СИНЏИРИ ВО ПАНИКА, БАРААТ ОДЛОЖУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Управниот одбор на Здружението на трговијатарасправаше за Законот за управување со пакување и отпад од пакување, според кој домашните производители, увозниците и сите оние што создаваат отпад од пакување мора да имаат склучено договор со фирмата „Пакомак" формирана да управува со отпадот од пакување. Ако тоа не го направат, фирмите создавачи на отпад од пакување ќе имаат обврска да и` плаќаат на државата 3 пати повисока цена од таа што сега „Пакомак" ја нуди на пазарот. Од друга страна, според Законот чиј изготвувач е Министерството за животна средина и просторно планирање, трговските синџири кои нема да имаат писмени потврди од увозниците на стока дека склучиле договор со „Пакомак" за управување со отпадот не смеат да ја примаат стоката од истите, односно ако инспекторите за животна средина го контролираат работењето, можат да изречат казна.

**16.6.2011 година**

**Дебатата за "Балканот, Израел и Арапската пролет" - НЕОХОДНО Е ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИТЕ РЕЛАЦИИ СО ИЗРАЕЛ И РЕГИОНОТ**




Во Стопанската комора на Македонија, во организација на дневниот весник "Дневник", а во соработка со Стопанската комора на Македонија, се реализираше дебатата: "Балканот, Израел и Арапската пролет". На дебатата учествуваа повеќе еминентни познавачи на состојбите на таканаречената "Арапска пролет". На дебатата се анализираше влијанието на протестите што се случија оваа пролет во повеќе земји во соседниот регион, како што се Египет, Мароко, Тунис, Алжир и други, врз Балканот, а посебно врз Република Македонија. На дебатата беше потенцирано дека 60% од трговската размена на Р. Македонија е со земјите од Европската унија, 30% со земјите од ЦЕФТА-регионот, а само 10% со сите останати земји. Во таа насока, со оглед на слабата трговска размена со Израел и со земјите кои беа зафатени со Арапската пролет, не се почувствуваа посебни турбуленции во трговската размена. Неоспорен е фактот дека соработката со Израел е особено значајна за Македонија, посебно во делот на трансфер на високи технологии во повеќе сектори.

**17.6.2011 година**

**Здружението на трговијата со поддршка на идејата за формирање на уше една фирма за управување со пакување и отпад од пакување - КОНКУРЕНЦИЈА ПРОТИВ МОНОПОЛ НА ПАЗАРОТ**

Фирмите - трговци ја поддржаа идејата која произлезе од Асоцијацијата за секундарни суровини да се формира уште една фирма која ќе управува со отпадот од пакување, со цел да не се создаде монопол на пазарот и да има поголема конкуренција. Управувањето со отпад од почетокот на 2010 година е регулирано со Закон со цел да се намали отпадот кој завршува на депониите, а еден дел да се собира организирано и да се рециклира, што му дава и економски димензии на законското регулирање на областа животна средина.

**17.6.2011 година**

**Барање на Групацијата на инспекциските тела - работилници за тахографи и таксиметри -СТРУЧНОСТА БАРА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА АКРЕДИТАЦИИТЕ**

На седницата на Групацијата на инспекциските тела - работилници за тахографи и таксиметри, одржана на 16.6.2011 година, во Стопанската комора на Македонија се расправаше за покренување иницијатива пред надлежните органи за ревизија на

акредитираните инспекциски тела - работилници за тахографи. Покренувањето на иницијативата за проверка на работењето на акредитираните инспекциски тела произлезе од сознанијата на членките на Групацијата дека одредени инспекциски тела кои добиле акредитација не се доволно стручни за вршење на оваа дејност. Се истакна дека со проверката на стручноста во работењето на сите инспекциски тела која е вообичаена пракса во земјите од ЕУ, ќе се добие фактичката состојба, односно кој стручно ги извршува активностите добиени со акредитацијата, а на кој поради нестручност во работењето би требало да се преиспита акредитацијата.

**17.6.2011година**

**Студенти од Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје на пракса во Стопанската комора на Македонија - ТЕОРЕТСКИТЕ ЗНАЕЊА ПОТКРЕПЕНИ СО ПРАКТИЧНИ ИСКУСТВА**

Годинава околу 25 студенти од насоката Надворешна трговија на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, реализираа пракса во Комората. Со тоа се продолжи долгата традиција на соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Економскиот факултет востановена врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка меѓу овие две институции.Со овој вид на соработка на студентите им се овозможува своето теоретското знаење да го поткрепат со практично искуство.Тие се вклучија во активностите кои се реализираа во периодот на студентската пракса и во извршување на тековните активности во дирекциите.

**22.6.2011 година**

**Владата ќе го разгледа барањето на Групацијата за оранжериско производство при Стопанската комора на Македонија за субвенционирање на мазутот - СУБВЕНЦИИТЕ ДА СЕ КОМПЕНЗИРААТ СО ВЛЕЗ НА ДЕВИЗИ ОД ИЗВОЗ ВО ДРЖАВАВА**

Оранжериските производители до крајот на неделава директно ќе ги презентираат своите барања пред владината Комисија за економски систем, којашто воедно ќе ги разгледа и конкретните мерки на ресорното Министерство за нивна поддршка по појавата на бактеријата Ешерихија коли. Како што изјави заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Перица Иваноски, разгледан ќе биде и предлогот на производителите за субвенционирање на мазутот, но под кои услови - допрва треба да се утврди. - Ако мазутот се субвенционира, тогаш периодот на греење, расадување и производство треба порано да почне за да може производите да стасаат побрзо и навреме да се пласираат на европскиот и светскиот пазар, што ќе овозможи остварување приход. Она што државата би го загубила од поддршката треба да се компензира со влез на девизи, со профит од пласман на производството, рече Перица Иваноски пред почетокот на Националната конференција за мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (ФАДН).

**24.6.2011 година**

**Презентација - ПРОИЗВОДИТЕ НА „СИКА“ СЕ ВРАЌААТ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР**



Во Стопанската комора на Македонија швајцарската фирма „СИКА“, преку својата сестринска фирма „Сика Хелас“ - Грција, пред македонски компании производители на бетони, имаше презентација на своите иновации на технологии за производство на сите видови бетони. Беше истакнато дека нивната цел и залагање е, пред се`, долгорочна соработка со македонските компании врз основа на партнерски односи, заради успешна примена на новите технологии за бетон. Во иднина постои интерес и за отворање на подружница на „Сика“ во Македонија, што значи поблиску до своите клиенти. Компаниите искажаа интерес за производите на „СИКА“, а при тоа, се предложи, почесто да се одржуваат едукативни

семинари, но, не само со теоретски дел, туку и практично, директно кај производителите, односно фабриките за производство на бетон.

**27.6.2011 година**

**Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија со позитивни реакции - НАЈАВЕНИТЕ МЕРКИ НА ВЛАДАТА ВО ТУРИЗМОТ ЌЕ ДОНЕСАТ РЕЗУЛТАТИ**

Намалувањето на ДДВ во туризмот од 18 на 5%, како што бараше Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, а Владата вети дека ќе го реализира во следниот период, ќе значи потенцијал за развој на туристичката дејност во земјава. Само со оваа мерка, според проекциите на коморското Здружение, во туристичкиот бизнис ќе останат 7 до 8 милиони евра. Намаленото ДДВ ќе значи и поевтини цени за хотелските услуги до 15 отсто, нагласи Снежана Јовановска – Трајковска, претседател на Здружението угостителството и туризмот на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија. Бизнисмените од туристичката дејност посочуваат дека ваквата мерка, заедно со најавената реорганизација на Агенцијата за промоција и за поддршка на туризмот во Македонска национална туристичка организација (чија цел ќе биде спроведување на Стратегијата за туризам и поголема и подиректна соработка со бизнис-заедница и локалната самоуправа), како и постојните субвенции за странски туристи, претставуваат можност за развој на туристичката дејност каде што директно работат 15.000 луѓе, а учеството во БДП е 1,5 отсто. Комората останува на предлогот - развојот на туризмот Владата да го ралризира во соработка со бизнис-заедницата. Бизнис-заедницата алармира дека со минималната финансиска владина помош од 800.000 евра во 2011 година за развој на туризмот (во 2010 година од околу 600.000 евра), оваа индустрија нема ни сила, ни конкурентност во меѓународни рамки. Стопанската коморана Македонија е со став дека поголем развој на туристичката дејност може да се реализира ако се исполнат најавените ветувања:- инвестиции во подобрувањето на инфраструктурата во туризмот и поттикнувањето на транзитниот туризам; - субвенционирање на каматите за малите и средните претпријатија кои дејствуваат во гранката туризам, преку посебна кредитна линија на МБПР, со што ќе се намалат каматните стапки за купување, изградба, доизградба, адаптација и доуредување на мали сместувачки капацитети – хотели и мотели до 50 легла, со стандард не повеќе од три ѕвезди;- продолжување со субвенционирањето на странскиот организиран туристички промет (од 20 до 70 евра по турист, во зависност од земјата, за гостин над три дена).

**4.7.2011 година**

**Групацијата на пазари со барање да се реализираат предизборнитеветувања - НАМАЛУВАЊЕ НА ДДВ ОД 18 НА 5 ОТСТО ЗА УСЛУГИТЕ КОН ЗАКУПЦИТЕ**

Групацијата на пазари расправаше за Законот за јавни службеници и негова имплементација во рамките на јавните комунални претпријатија. Претставникот на Министерството за информатичко општество, Љупчо Фармакоски, им го презентираше Законот на присутните. Беа посочени законските рокови што мора да ги исполнат фирмите, како и начинот на вработување и функционирање по соодветниот закон. Пазарџиите беа информирани и за идејата да се намали ДДВ од 18% на 5% за услугите што ги нудат пазарџиите кон закупците. За таа цел, вишокот средства би се употребиле за модернизација на пазарите, сметаат од Групацијата на пазари. Се подготвува барање за средба со владини претставници за да се бара реализација на ова предизборно ветување.

**4.7.2011 година**

**Делегација од областа на рударството од Покраината Сар во СР Германија во Стопанската комора на Македонија - „ОТКОПАНИ“ МОЖНОСТИТЕ ЗА СОРАБОТКА**



Во Стопанската комора на Македонија, претседателот на МАР, Николајчо Николов, со група претставници од рударскиот сектор, на 4 јули 2011 година одржа работен состанок со германска делегација од Покраината Сар.

Целта на оваа средба беше да се воспостави соработка меѓу фирмите од Покраината САР со македонски компании, како и нивно запознавање со можностите и потенцијалите за соработка и вложување во Република Македонија, со посебен акцент на рударско-енергетскиот сектор, заштита на животната средина и други стопански гранки како што се прехранбената, фармацефтската, автомобилската и информатичката индустрија. Гостите беа запознати со потенцијалите и перспективите што ги нуди рударството во Македонија, а господинот Данчо Видов, економски промотор во Германија, ги презентираше можностите и условите за инвестирање во Македонија, за што беше искажан голем интерес од германска старна.

**7.7.2011 година**

**Советодавното тело разгледа важни и актуелни прашања од областа на царинското работење - НОВ НАЧИН НА ПРОДАЖБА НА ОБРАЗЕЦОТ ЕУР 1**

На 7.7.2011 година во просториите на Царинската управа на РМ се одржа редовен состанок на Советодавното тело, на кое редовно учествува и Стопанската комора на Македонија, како и Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори. На состанокот посебен акцент беше ставен на новиот начин на продажба на уверенија за движење на стоката – образецот ЕУР 1, кој во иднина нема да се купува во Царинската управа, туку Царинската управа ќе овласти печатници кои ќе вршат печатење и дистрибуција на обрасците низ целата територија на РМ, со што истите ќе станат многу подостапни за извозниците, а воедно ќе се намалат трошоците за нивна набавка. Се разговараше и за начинот за издавање на деловните простории лоцирани на граничните премини. Тема на разговор беше и ставањето на царински печати на документите кои се приложуваат кон царинската декларација. Согласно важечките законски прописи од областа на царинското работење, Царинската управа нема законска обврска да става царински печати на документите кои се приложуваат кон царинската декларација.

**8.7.2011 година**

**Семинар за "Улогата на јавните комунални претпријатија, општините и инспекторите согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување" - ЗАКОНОТ ЕВРОПСКИ, АМА НЕПРИСПОСОБЕН ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНО НИВО**



Семинар во организација на Здружението на комуналните дејности на тема: "Улогата на јавните комунални претпријатија, општините и инспекторите согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување" се одржа во Стопанска комора на Македонија. На семинарот, освен претставници од комуналните компании, учествуваа и претставници од општините. Целта беше да се информираат и двете страни (и компаниите и инспекторите во општините) за обврските и активностите согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување согласно членот 26 од Законот кој го регулира работењето на градоначалникот согласно овој закон и обврските и односите со јавните претпријатија.

**14.7.2011 година**

**Здружение на комуналните дејности - ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И ОБВРСКИТЕ НА ЈАВНИТЕ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО ОВОЈ ЗАКОН**

Здружението на комуналните дејности, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, а поддржано од Јавното комунално претпријатие „Комуналец" - Прилеп, одржа семинар на тема: "Имплементација на Законот за јавни службеници и обврските на јавните комунални претпријатија по овој закон". Од семинарот произлезе заклучок дека ќе се бара итна средба со надлежните владини претставници за да се

посочат сите овие недоречености како би можел што побрзо Законот за јавни службеници да биде ставен во функција.

**15.7.2011 година**

**Здружение на банкарството – Придружна членка на Европската банкарска федерација (ЕБФ)**

EBF European Banking Federation
The Voice of European Banks

Од јули 2011 година Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија официјално стана придружна членка на ЕБФ.Европската банкарска федерација претставува обединет глас на банките основани во Европа. Тоа е форум каде што се разменуваат најдобрите практики, се дебатираат предлози и иницијативи поврзани со легислативата и се усвојуваат усогласени позиции. ЕБФ ги претставува, ги брани и ги промовира интересите на нејзините членки, го промовира развојот на банкарската индустрија, обезбедува информации со додадена вредност, нуди ефикасни и професионални услуги за нејзините членки и им помага на новите членки во процедурите за нивно пристапување кон Европската унија и кон монетарната унија. ЕБФ претставува избран партнер за европските институции при дефинирање на нивните законодавни иницијативи. Нејзината цел е да осигура дека искуството и мислењето на банките се земени предвид при утврдување на релевантните политики. ЕБФ исто така активно ги промовира позициите на европските финансиски услуги, а особено на банкарската индустрија на меѓународно ниво. ЕБФ има членки и придружни членки претставени преку здруженијата за банкарство во соодветните земји. Земјите кои веќе се членки на Европската унија имаат статус на членки во ЕБФ, додека земјите кои се`уште не се дел од ЕУ имаат статус на придружни членки. Имајќи предвид дека ЕБФ е почитуван фактор на банкарските здруженија во европските земји и познавајќи го капацитетот, знаењето, искуството и активната улога која Здружението на банкарството ја има во Македонија, сега го проширивме опсегот на работа на нашето Здружение на европско ниво.

**29.8.2011 година**

**Централната манифестација по повод Денот на рударите - 28 Август во рудникот „Бучим“ во Радовиш - ОТВОРЕНА НОВА ФАБРИКА ЗА ЛУЖЕЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО НА КАТОДЕН БАКАР**

Во Рудникот за бакар и злато „Бучим“ во Радовиш, а во организација на Министерството за економија и Македонската асоцијација за рударство - МАР се одржа централната прослава на Денот на рударите – 28 Август. На овој ден, се продолжи со веќе воспоставената традиција, на најдобрите рудари предложени од своите компании, да им се доделат признанија од страна на Министерството за економија. Признанијата ги додели министерот за економија, Валон Сараќини. Од страна на МАР, беа доделени благодарници за особен придонес за развојот и унапредувањето на рударството во Република Македонија и успешна соработка со институции и личности кои се залагаа за забрзување на постапките околу добивањето концесии, како и подобрување на законските решенија, пред се’, за детални геолошки истражувања и експлоатацијата на минералните суровини. На овој ден, вицепремиерот и министер за финансии на Владата на Република Македонија, м-р Зоран Ставрески и извршниот директор на Рудникот „Бучим“, Василиј Борутскиј ја пуштија во пробна работа фабриката за лужење и производство на катоден бакар, во која се инвестирани 11 милиони евра, а ќе бидат вработени околу седумдесетина работници.

**7.9.2011 година**

**Примена на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори - РОКОВИ И ОБВРСКИ ЗА КОМПАНИИТЕ**

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори во 2010 година („Сл. весник на РМ“ бр. 167/10). Истиот стапи на сила од 1 јануари 2011 година. Овој закон е хармонизиран со ЕУ-мерките кои имаат за цел справување со загадувањето предизвикано од отпадот од батерии и акумулатори. Со Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и

акумулатори се воспоставува правна рамка со која се уредуваат прашањата што се однесуваат на барањата за заштита на животната средина кои мора да ги исполнуваат батериите и акумулаторите при нивно производство, односно дизајнирање, пуштање на пазар и ставање во употреба.

**7.9.2011 година**

**Претставници од Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија на средба со новиот министер за економија Валон Сараќини - СПРЕЧУВАЊЕ НА „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА И ЕЛИМИНИРАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА**

Решавање на проблемот со дивите пазарџии кои продаваат околу пазарите, елиминирање на нелојалната конкуренција, создавање услови за намалување на „сивата“ економија и можности за осовременување на пазарите беа темите на разговор на претставниците од Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија со министерот за економија Валон Сараќини. Претставниците на Групацијата на пазари ја поздравија соработката со инспекторите, но ја нагласија потребата од донесување на закон за вршење на дејности од мал обем, кој го иницираше Министерството за економија, како и испитување на можноста за креирање закон за пазари и намалување на ДДВ, со што би се овозможило разликата во средствата да се искористи за осовременување на пазарите. Министерот за економија Сараќини информираше дека споменатиот закон е испратен на усогласување во другите институции, а од претставниците на Групацијата на пазари побара дополнителни информации за работењето на овие јавни претпријатија, по чие добивање ќе се направи целосна анализа на состојбите и ќе се изнајде најсоодветното решение, кое ќе биде предложено до Владата на Република Македонија.

**9.9.2011 година**

**Македонската асоцијација на рударството – МАР расправаше по Прелог-законот за управување со отпад од истражувања и експлоатација на минерални суровини - ПОДДРШКА ЗА РЕГУЛАТИВАТА, НО СО НИЗА ОТВОРЕНИ ПРАШАЊА**



Македонската асоцијација на рударството – МАР, расправаше по текстот на Прелог-законот за управување со отпад од истражувања и експлоатација на минерални суровини, добиен од страна на Министерството за економија. Предложените законски решенија произлегуваат од Директивата 2006/21/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за управување со отпад од индустрија од екстракција. Членовите на МАР го поддржаа донесувањето на овој законски проект, меѓутоа се поставија повеќе отворени прашања, како што е прашањето со веќе стариот долгогодишно складиран отпад во јаловиштата, потоа како и врз која основа ќе се носи нов тарифник за плаќање надоместок за добивање на дозвола за инсталациите, распределба на тие средства, високи вредности во казнените одредби, како ќе се регулира или како и дали треба да се бара дозвола, доколку компанијата поседува А-интегрирана дозвола, како и прашањето - кој ќе го врши инспекцискиот надзор, на државно или на локално ниво.

**13.9.2011 година**

**Предлози на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали - УСЛОВИТЕ НА ЈАВНИТЕ ТЕНДЕРИ ПРИСПОСОБЕНИ НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ И ДДВ ОД 5 ОТСТО**



Градежниците расправаа за станбената изградба, при што се залагаат ДДВ за становите од 5% да остане и по 31.12.2011 година, имајќи предвид дека потребите на пазарот за станови е се` поизразена. Во оваа насока, и Владата прави напори да ја стимулира станбената изградба, преку обезбедување локации, содавање можности за нивно кредитирање. Во врска со јавните тендери во државата, се изнесоа низа забелешки, почнувајќи од тоа дека цената претставува основен критериум за нивно добивање, кое е

посебно изразено кај електронската аукција, каде што се нудат премногу ниски цени, со што се доведува во прашање можеби и квалитетот на изведбата на објектите. Се предложи, тендерите од инфраструктурата да бидат делливи, заради поголема достапност и за нашите градежни компании и производителите на градежни материјали. Се иницира и прашањето околу застојот во добивањето на одобренија за градење кај колективните станбени згради, но и кај другите објекти, кои условно кажано го немаат регулирано статусот со земјиште, односно сопственоста. Се предложи, да се побара од надлежните институции, колку може побрзо да се реши откупот на земјиштето или да се најде модел за да не се стопира градбата.

**13.9.2011 година**

**Управен одбор на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори -МИФА - СО КООРДИНИРАНО ДЕЛУВАЊЕ ДО ОПТИМАЛНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА**

Координираното делување на органите за надзор на пазарот – е неминовно за оптимално спроведување на царинската постапка. Ова беше нагласено на седницата на Управниот одбор на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори – МИФА, одржана на 13.9.2011 година, на која се расправаше за повеќе отворени прашања од тековното надворешно-трговско и царинско работење. Во расправата посебен акцент беше даден на примената на новите начини на контрола на граница од страна на Агенцијата за храна и Санитарната инспекција, како и на примената на Законот за контрола на пазарот (CE-сертификат), односно на Упатството за примена на овој закон, донесено од страна на Царинската управа на Република Македонија.Со констатација дека во примената на овие прописи се присутни одредени нејаснотии, беше нагласена потребата од одржување на заедничка работна средба со надлежните инспекциски органи, во функција на надминување на отворените прашања и забрзување на царинската постапка на граничните премини. Исто така, беа истакнати и одредени проблеми што се во надлежност на Царинската управа на Република Македонија (функционирањето на EXIM-системот, на ASICUDATA, раздолжувањето на транзитните гаранции и др.), за кои се очекува да бидат надминати во рамките на воспоставената заедничка партнерска соработка на релација деловна заедница - царина**.**

**16.9.2011 година**

**Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори - ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ ПРОГРАМИ И ФОНДОВИ И МОЖНОСТИТЕ ЗА НИВНО КОРИСТЕЊЕ**

Со цел поголема искористеност на европските фондови достапни преку програмите на Европската унија наменети за управувањето со отпад и зачувување на животната средина, Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори, на 16 септември 2011година, одржа презентација на којачленките на Асоцијацијата и другите заинтересирани учесници, беа запознати со достапноста на европските фондови за македонските компании, кој е подобен да учествува, кои се приоритетни теми и проектни идеи за апликација, начинот на подготовка на апликациите, целите и роковите, како и тоа колкави финансиски средства се во игра.Посебен акцент беше ставен на програмите за екоиновации, кои поддржуваат програми на мали и средни претпријатија кои пак имаа развиено екопроизвод, односно иновации кои водат кон значително подобрување на заштитата на животната средина и ефикасно користење на ресурсите.

**23.9.2011 година**

**Советодавното тело расправаше заедно со државните инспекциски органи - КОНТРОЛИТЕ ОСТАНУВААТ НА ГРАНИЦА, ЌЕ СЕ ТЕЖИ КОН ДЕНОНОЌНА ПОКРИЕНОСТ**

Во просториите на Царинската управа на Република Македонија, на 23 септември 2011 година, се одржа редовниот состанок на Советодавното тело, на кој покрај неговите членови, заради обработување на специфични теми, присуствуваа и претставници од Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат, Државниот здравствен и санитарен инспекторат, Државниот инспекторат за земјоделие и Агенцијата за храна и ветеринарство. На состанокот со инспекциските служби беше констатирано следното:нема да има промена во начинот на контрола од инспекциските служби (Агенцијата за храна и Санитарната инспекција), тие и понатаму ќе се одвиваат исклучиво на граница, поради строго пропишаните законски

одредби; инспекциските служби ќе се трудат да ја унапредат службата, со покривање на 24-часовно присуство на ударните гранични премини;премините Аеродром, Блаце и Трубарево и натаму ќе се покриваат само со еден инспектор од Дирекцијата за храна, од причина што во просек има само 4 предмети дневно за сите 3 испоставии. Бидејќи ова беше една од главните забелешки, ќе се објави јавно листа со контакт-телефони, како и можноста за поплаки на нивната работа;забелешка од страна на инспекциските служби е дека во иднина на граничните премини како посредници мора да се јавуваат исклучиво шпедитерите, а не како што се случува во овој момент тоа да бидат возачите на камиони. Една од точките на состанокот се однесуваше на начинот на спроведување на Законот за надзор на пазарот и Законот за безбедност на производите, како и обврската на компаниите да поседуваат сертификат за безбедност и квалитет (ознака CE) за одредени производи кои се пуштаат на пазарот во Република Македонија.

**29.9.2011 година**

**Дводневен семинар на Комората за Арбитражата, во Банско, Република Бугарија – "АРБИТРАЖАТА КАКО ПОБРЗ И ПОЕФИКАСЕН НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НАСПОРОВИТЕ"**

Стопанската комора на Македонија организираше дводневен семинар за Арбитражата, што се одржа во периодот од 29.9.2011- 1.10.2011 година во Банско, Република Бугарија. Учесниците на семинарот имаа можност да се информираат за предностите на арбитражното судење во однос на судењето од страна на државните судови, со посебен осврт врз правилата на арбитражната постапка пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, за видовите, формата, содржината, полноважноста на арбитражната спогодба, како и за прашањата поврзани со признавањето и извршувањето на странски арбитражни одлуки.

**6.10.2011 година**

**Градежниците се изборија за своето барање - ПОВЛАСТЕНАТА СТАПКА НА ДДВ ПРОДОЛЖЕНА ДО 2015 ГОДИНА**

Со новите измени и дополнувања на Законот на данок на додадена вредност, кои се веќе објавени во „Службен весник на РМ“ (бр. 135 од 3 октомври 2011 година), прифатени се заложбите на градежниците. Имено, повластената даночна стапка од 5 отсто ќе се применува кај станбените згради и станови и во наредните четири години, од 1 јануари 2012 до 31 декември 2015 година. Исто така, се предвидува повластена стапка од 5% за сурово масло за производство на храна за човечка исхрана и кај услуги за сместување (ноќевање) или сместување со појадок, полупансион или полн пансион, во сите видови комерцијални угостителски објекти.

**13.10.2011 година**

**Семинар за нецарински бариери при извоз и фитосанитарната контрола на производи – "ОПСЕРВИРАНИ МЕЃУНАРОДНАТА РЕГУЛАТИВА И ПРАВИЛАТА ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА"**

Во Стопанската комора на Македонија, на 13 октомври 2011 година, се одржа еднодневен семинар тема: "Нецарински бариери со кои се соочуваат компаниите при извоз и фитосанитарната контрола на производи". Во фокусот беа клучните аспекти и решенија во врска со меѓународната регулатива и правилата за квалитет и безбедност на на храната. Семинарот беше организиран во соработка со Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), кои ги промовираа системите за безбедност на храна, како и алатката за безбедност на храна наменета за сите компании од прехранбениот сектор без разлика на големината, која е изработена од ИФЦ. На семинарот детално беа анализирани улогата и принципите на меѓународната регулатива за безбедност на храната и нејзино влијание врз извозот од земјите во развој: зошто и кога делува како нецаринска бариера; меѓународни договори кои се занимаваат со прашањата за безбедност на храната; европска регулатива за безбедност на храната; меѓународните стандарди и системи за квалитет-конкретни техники за менаџмент на квалитетот и принципи на хигиенскиот дизајн (Европска директива за машинерија-2006/42/EC, Европска регулатива за хигиена на храната-852/2004 и Европска регулатива за метеријалите кои доаѓаат во контакт со храна-1935/2004). На учесниците на семинарот им беа посочени

практични примери со кои полесно би ги надминале нецаринските бариери при извоз и фитосанитарната контрола на производи.

**20.10.2011 година**

**Здружение на угостителството и туризмот при Стопаската комора на Македонија - ПОДДРШКАТА НА ТУРИЗМОТ ДОНЕСЕ ПОВЕЌЕ ГОСТИ**




Туристичките работници посочуваат дека добрите резултати во туризмот се дел и поради мерките што ги презеде државата за поддршка на туризмот.На седницата на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, што се одржа на 20.10.2011 година, беа апострофирани намалувањето на ДДВ за угостителството и туризмот, што се воведе на барање на Здружението на угостителството и туризмот при Комората, како и постојните субвенции за организирано донесените странски туристи. Тие претставуваат можност за развој на туристичката дејност каде што директно работат 15.000 луѓе, а учеството во БДП е 1,5 отсто. На седницата беше нагласено дека најавената реорганизација на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Македонска национална туристичка организација (чија цел ќе биде поголема и подиректна соработка со бизнис-заедницата и локалната самоуправа), како и формирањето Комитет за туризам при Владата на Република Македонија, за обезбедување навремена реализација на Стратегијата за развој на туризмот и на проектите од Програмата на Владата од оваа област и зголемувањето на финансиската поддршка на туризмот, се добра основа за натамошна државна поддршка и успешен развој на туризмот во Република Македонија.Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија останува на ставот предлог-мерките за развојот на туризмот Владата да ги донесува и да ги реализира во соработка со бизнис-заедницата.

**25.10.2011 година**

**Групацијата за производство на керамички производи предупредува на алармантните состојби во дејноста - ПРОИЗВОДСТВОТО НА ТУЛИ ТОНЕ, УВОЗОТ ДЕСЕТ ПАТИ ПОГОЛЕМ ОД ИЗВОЗОТ**

Групацијата за производство на керамички производи расправаше за актуелните проблеми во производството и пласманот на глинените производи. Во направената анализа, беше истакнато дека производството на тули бележи континуиран пад, што изнесува околу 50% за последните две години. Причините, како што беше истакнато, се пред се`, високите цени на инпутите, посебно на мазутот, кој учествува кај одделни компании и до 70% во единица производ. Во оваа гранка има 9 фирми со преку 500 вработени. Туланите се залагаат да се води поголема контрола при увозот на глинени производи и да се испитаат условите под кои се увезуваат тулите, од причина што се нудат на македонскиот пазар глинени производи кои се со многу ниски цени. Увозот на овие производи е скоро десет пати повеќе од извозот.

**26.10.2011 година**

**Семинар за менаџирање со ризикот од хемикалии во Македонија - ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА ПОСТАПНО И НЕМА ДА НАПРАВИ ШТЕТИ НА КОМПАНИИТЕ**

Адаптацијата и примената на Законот за хемикалии и неговите одредби ќе биде постепена и нема да се направи штета на никој. Ако сега се применат одредбите, тоа значи дека некои погони за производство на хемикалии ќе бидат затворени веднаш. Тоа значи дека дел од производството на медицинска пластика која се користи би била забранета. Ова го истакна директорот на Бирото за лекови, Илчо Захариев, на семинарот на тема: „Систем на менаџирање со ризикот од хемикалии во Македонија во согласност со европското законодавство“. Семинарот се одржа во организација на Бирото за лекови во соработка со Стопанската комора на Македонија (27.10.2011 година). Пред претставници на хемиската, фамрацевтската и прехранбената индустрија, трговијата со хемикалии итн. беа презнетирани

законските обврски, како и обврските од околу 15 подзаконски акти од Законот за хемикалии, кои треба да се имплamantираат.

**28.10.2011 година**

**Обука за безбедност на производи - РАСЧИСТУВАЊА НА НЕЈАСНОТИИТЕ ОКОЛУ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ ДОКУМЕНТИ И СЕРТИФИКАТИ**



Поаѓајќи од потребата за презентирање на можностите што ги нуди Законот за безбедност на производите, Законот за надзор на пазарот и Законот за градежни материјали и правилниците донесени согласно овој закон, Министерството за економија во соработка со Стопанската комора на Македонија одржа еднодневен семинар на тема: „Безбедност на производи". Предавачи на семинарот беа претставници од повеќе министерства и државни институции.На семинарот се истакна дека економските оператори и увозниците се` уште имаат дилеми околу Законот за безбедност на производи и за контрола на пазарот што се применува последниве два месеца. Недоразбирањата се главно околу обезбедувањето на потребните документи и сертификати, што треба да ги има стоката при увоз во Република Македонија.

**2.11.2011 година**

**Индустриски форум за финансирање на оперативните планови за интегрирано спречување и контрола на загадувањето - НОРВЕШКИТЕ ИСКУСТВА ИНТЕРЕСНИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**

Финансирање на оперативните планови за интегрирано спречување и контрола на загадувањето е темата на Индустрискиот форум, кој во организација на Македонската енергетска асоцијација и Центарот за климатски промени се одржа на 2.11.2011 година во Стопанската комора на Македонија. Абдилаќим Адеми, министер за животна средина и просторно планирање, го истакна значењето на еколошкото усогласување на индустриските капацитети од аспект на зачувување на животната средина, но и од аспект на барањата на европскиот пазар. Министерството ќе ги поддржи активностите во насока на создавање чиста индустрија и намалување на штетните емисии, кои се императив на современото работење. Форумот има за цел да и` помогне на индустријата во изнаоѓање на решенија за финансирање на активностите од оперативните планови со цел спречување и/или ако тоа не е можно, намалување на загадувањето. Во тој контекст претставникот на Норск енерги го презентираше функционирањето на NOx фондот како пример на успешна соработка на Владата и индустријата со цел намалување на емисијата на NOx. Претставниците на енергетските компании и поголемите индустриски капацитети во земјава искажаа интерес за норвешкото искуство на планот на контролата на загадувањето, но и реалните состојби во индустријата за негова примена.

**7-8.11.2011 година**

**Обука на членки на Комората - КАКО ДО ГРАНТ ОД ИПАРД-ПРОГРАМАТА?**

Во Стопанската комора на Македонија, на 7 и 8.11.2011 година, се одржа семинар на тема: „Како успешно да подготвите деловен план и документација за да добиете грант од ИПАРД-програмата?". Целта на овој едукативен настан беше да се обединат на едно место сите заинтересирани физички и правни лица од секторот на земјоделието (овошје, зеленчук, грозје, млеко и месо), преработувачи (овошје, млеко и месо), преработка на храна, туризам и занаетчиство, рурален туризам, како и производителите на вино, мед, леб и бели пецива, преработувачи на житни производи, сопствениците на туристички објекти и локации, сопствениците на семеен имот кои планираат да се занимаваат со туризам и занаетчии со традиционални занаети. Детално беше објаснет начинот на подготовката на деловен план, подготовката на документацијата, а воедно беше објаснето како апликантите самостојно да ги пополнат обрасците за апликација согласно новоизменетите критериуми за учество за аплицирање на ИПАРД-програмата. Претставени беа и проекти кои се прифатливи на ова

поле согласно постојните капацитети. Учесниците се здобија со потребните знаења кои во иднина би им послужиле за успешно аплицирање за ИПАРД-програмата согласно постапките и правилата на истата, а на сите учесници на овој едукативен настан им беше издаден и соодветен сертификат.

**8.11.2011 година**

**Остварување на правата на акционерите и содружниците и побивање на одлуките во трговските друштва - ТРЕНИНГ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОВРЕДИ НА ПРАВАТА ВО КОМПАНИИТЕ**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа семинар на тема: "Остварување на правата на акционерите и содружниците и побивање на одлуките во трговските друштва".Целта на овој настан беше да се даде одговор на прашањата за остварување на правата на акционерите и содружниците, можноста од поништување на одлуките на надлежните органи на трговските друштва, а поради фактот што повредата на овие права е се` повеќе актуелна во услови на динамични односи во сферата на економијата и работата на трговските друштва. Имено, согласно претходно подготвената програма детално беше објаснето што претставува записник од собрание, причините за ништовност, повикување на ништовност, можноста за поднесување тужба за утврдување на ништовност, правните последици во случај на ништовност, побивање на одлука, субјекти кои можат да ја побиваат истата, тужби за побивање и правни последици од побивањето, како и обврската за доставување и упис на одлука на судот. Сето ова беше презентирано од страна на докажани професионалци во областа на правото со долгогодишно искуство во оваа област: Теофил Томановиќ, Фиданчо Стоев и Ранко Максимовски, судии во пензија.

**9.11.2011 година**

**Здружение на комуналните дејности - ГОДИШНО ОСТАНУВААТ НЕНАПЛАТЕНИ И ДО ПЕТТИНА ОД ФАКТУРИРАНИТЕ ТРОШОЦИ**

Директорот на ЈКП „Комуналец" од Прилеп, Златко Ристески е избран за нов претседател на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, со мандат од 5 години. Паралелно се избрани и тројца заменици, како и 15 нови членови на УО на Здружението. Беа посочени неколку проблеми, а како приоритетен за решавање присутните го посочија проблемот на неможноста да се наплатат побарувањата од социјалните семејства - корисници на услугите на водоводните и комунални претпријатија. За таа цел, Ристески посочи дека ќе се бара начин како да се реши овој проблем, бидејќи комуналните претпријатија годишно не можат да наплатат и до 20% од фактурираните трошоци, што за 5 години значи еден цел буџет на комунална фирма. Дополнително треба да се прецизираат и деловните односи со компаниите кои се занимаваат со управување на пакување и отпадот од пакување.

**10.11.2011 година**

**Консултативен состанок во Стопанската комора на Македонија со компаниите од железничкиот, товарниот и патничкиот сообраќај - ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ И ИНФРАСТРУКТУРАТА**

Актуелните состојби во сообраќајот и инфраструктурата, како и приоритетите во наредниот период за подобрување на состојбите во оваа сфера, беа тема на консултативниот состанок со компаниите од железничкиот, товарниот и патничкиот сообраќај, што се одржа на 10 ноември 2011 година во Стопанската комора на Македонија. Согласно официјалните податоци со кои се располага, во првите осум месеци годинава, забележана е поголема стопанска активност на превозниците. Намалување е евидентирано само во железничкиот превоз, каде што за периодот јануари - август 2011 година, во однос на истиот период од 2010 година, количеството на превезената стока е намалено за 13,2% а бројот на превезените патници со железница е намален за 4,5%. Загрижувачки е податокот дека во последните 10 години железницата учествува само со 8 до 10% од вкупниот транспорт на стока, додека останатиот процент се должи на камионскиот транспорт. Констатирано е дека ваквата состојба не оди во прилог на барањата и трендовите во земјите на Европската унија. Дел од позначајните проблеми со кои се соочуваат превозниците во моментов се однесуваат на застарениот возен парк, отежнатата наплата за извршената транспортна услуга, непостоење

на интеграција во транспортот, високите трошоци за патарини, терминали, осигурувања, одржување, што негативно влијае врз конкурентната позиција и позитивното финансиско работење на транспортните компании.Во однос на инфраструктурата, заеднички е констатирана потребата од динамизирање на активностите за реализација на Коридорот VIII, посебно на изградбата на железничка пруга кон Бугарија и Албанија, што е од клучно значење за развојот на македонската економија.

**16.11.2011 година**

**Здружение на металната и електроиндустријата - НАЈНИСКО НЕГАТИВНО ВЛИЈАНИЕ НА ОТПАДОТ ОД ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА**



Со донесувањето на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема целосно се заокружува процесот на хармонизација на националното законодавство во областа на управување со отпадот и посебните видови на отпад и се придонесува кон процесот на приближување на земјата кон воспоставување модерен и сеопфатен систем за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електорнска опрема, беше истакнато од преставникот на Министерството за животна средина и просторно планирање г-ѓа Ленче Курчиева, на седницата на Здружението на металната и електроиндустријата одржана на 16.11.2011 година во Стопанската комора на Македонија. Се посочи дека со овој закон се уредуваат барањата за заштита на животната средина кои треба да ги исполнат правните и физичките лица кои произведуваат и пуштаат на пазарот во земјата електрична и електронска опрема и кои постапуваат со отпадната електрична и електронска опрема, ограничувањето на употребата на одредени опасни супстанции во производството на електрична и електронска опрема, начинот на собирање, третман, преработка и отстранување на ваков вид на отпад.Се предвидува намалување до најмало можно ниво на негативното влијание на отпадната електрична и електронска опрема врз животната срединаи врз човековото здравје, унапредување на стандардите за заштита на животната средина од страна на производителите, трговците и крајните корисници, особено при третманот, преработката и отстранувањето на отпадната електрична и електронска опрема, постигнување на високо ниво на повторна употреба, рециклирање и на овој вид на отпад, воспоставување и развој на пазар на повторна употреба и рециклирање и остварување на други цели.

**17.11.2011 година**

**Препораки и предлози на компаниите-членки на Стопанската комора на Македонија за подобрување на извозот - ПОНИСКИ ЦАРИНИ И ТРОШОЦИ, ДАНОЧНИ ОЛЕСНУВАЊА, ПОДОБРА ДЕЛОВНА КЛИМА, НАТАМОШНА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА..**

Зголемување на конкурентноста на домашната економија и создавање услови за економски развој кој поддржува охрабрување на домашната индустрија за производство на производи и услуги со повисока додадена вредност, базирани на знаење, иновации и меѓусебна соработка се барањата на членките на Стопанската комора на Македонија. Овие барања, беа презентирани на работната сесија со претставници на Министерството за економија, што се одржа во Стопанската комора на Македонија.Заклучоците од овој состанок ќе бидат презентирани на Седмата годишна конференција за унапредување на извозот на РМ, што ќе се одржи на 29 ноември 2011 година, а дел од конкретните предлози и мерки од оваа расправа се планира да бидат имплементирани во владините политики и да влезат во новиот пакет-мерки за промоција на извозот. Во насока на подобрување на условите за зголемување на извозот, членките на Комората ги предложија следниве мерки за поттикнување на извозот и зголемување на конкурентноста на македонските компании: намалување на царините и царинските стапки за репроматеријали и опрема и на трошоците за реализација на бизнис, подобра деловна клима со поефикасни институции, даночни олеснувања и натамошна

либерализација на трговијата. Во тој контекст се инсистираше генералното намалување на царините за опрема да почне да се применува пред 2013 година. Во прилог на зголемување на извозот ќе биде и склучувањето на нови договори за слободна трговија и за избегнување на двојното оданочување.

**17-19.11.2011 година**

**Стопанската комора на Македонија во периодот од 17 до 19 ноември 2011 година на Паличко Езеро, во Војводина, Република Србија, организираше советување на тема: „УПРАВУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВЕН РИЗИК, ПРАВЕН РИЗИК И РИЗИК ОД НЕУСОГЛАСЕНОСТ СО ПРОПИСИ – ПРАКТИКИ И ИСКУСТВА“**

Во периодот од 17 до 19 ноември 2011 година, на Паличко Езеро, во Војводина, Република Србија, од страна на Стопанската комора на Македонија беше организирано советување на тема: „Управување со оперативен ризик, правен ризик и ризик од неусогласеност со прописи – практики и искуства“.Целта на овој едукативен настан беше сите компании, а особено банките да бидат одблиску запознати со начинот на кој би можеле да се справат со оперативниот ризик, системот за управување со истиот во смисла на разработка на соодветна стратегија и политика за управување со оперативниот ризик, организациската поставеност на управувањето со оперативниот ризик, како и системот на известување на раководството. Воедно, беше презентирана и новата Капитална спогодба и оперативниот ризик, со што беа нагласени позитивните и негативните страни од истата, а беа дефинирани и различните пристапи за утврдување на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик.

**22.11.2011 година**

**Предавање на експерт од Стопанската комора на Македонија пред студенти на Економскиот факултет - ДЕТАЛНО ЗА ДОКУМЕНТИТЕ ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА**

Врз основа на долгогодишната соработка меѓу Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Стопанската комора на Македонија, на 21.11.2011 година, пред студентите од четврта година на департманот Надворешна трговија, предавање одржа Лазо Ангелевски, самостоен советник во Дирекцијата за претставување и застапување на интересите на членките на Стопанската комора на Македонија. На предавањето студентите имаа можност да се запознаат подетално со документите за надворешна трговија – трговските документи (трговска фактура, профактура, спецификација на стоката, сертификат за квалитет, испратница, сертификат за движење, потврда за потекло, сертификат за потекло на стоката), транспортни документи (камионски товарен лист, железнички товарен лист, коносман, авионски товарен лист, packing-листа) и царинските документи (декларација за царинска вредност, збирна декларација, АТА-карнет, ТИР-карнет, единствен царински документ ЕЦД).

**22.11.2011 година**

**Туроператорот ’’KUTRUBES TRAVEL AGENCY’’ од Бостон во Стопанската комора на Македонија - МАКЕДОНСКАТА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА НА АМЕРИКАНСКИОТ ПАЗАР**




Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија беше домаќин на туроператорот од ’’KUTRUBES TRAVEL AGENCY’’ Kathryn Kutrubes од Бостон, САД. На средбата беа претставени македонските компании од сите туристички дејности: хотелите со сите големини и категории, националните ресторани и македонските туристички агенции. Коморското Здружение ги понуди целокупните туристички можности од сите региони од Република Македонија: езерскиот туризам, планинскиот, руралниот, алтернативниот, еколошкиот, културниот, верскиот, бањскиот туризам, транзитниот, спортскиот и ловниот туризам.На препорака на Здружението на угостителството и туризмот при Комората, американскиот туроператор ’’KUTRUBES TRAVEL AGENCY’’ на својата почетна интернет-страна во понудата за посета на Балканот, која сега доминира, ќе ја постави и Република Македонија,

како навистина привлечна дестинација, каде има што да се види и посети, а може да се доживеат незаборавни моменти за американските туристи.

**23.11.2011 година**

**Канцеларијата за врски на Република Грција во Република Македонија додели признанија на успешни компании – грчките инвеститори во земјава - ТАЈНАТА НА УСПЕХОТ Е ЗАДОВОЛЕН КЛИЕНТ!**

Компанииите „Forsped Logistics“ од Кавадарци, Цементарница „Усје“ од Скопје и „Дојран Стил“ се добитници на признанија за успешни компании, што и годинава ги додели Канцеларијата за врски на Република Грција во Република Македонија. Пред многубројни грчки и македонски компании признанијата на добитниците во елитниот скопски ресторан „Воденица“ им ги врачи Александра Пападопулоу, шеф на Канцаларијата за врски на Грција (23.11.2011). Претставниците на наградените компании истакнаа дека тајната на успехот е целосно задоволување на потребите на клиентите. Инаку, овие успешни компании се и членки на Стопанската комора на Македонија,како и на нејзиниот Совет на странски инвеститори.

**23.11.2011 година**

**Семинар за „Учество на електронски постапки за јавни набавки и е-аукции" - ЗАРАДИ ИНТЕРЕСОТ УШТЕ ДВА ТРЕНИНГА ВО НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ**



Поттикнати од фактот што на голем број компании - понудувачи не им се познати најновите текови во врска со спроведувањето на јавните набавки по електронски пат и задолжителното користењето на електронските аукции – 100% во 2012 година, Стопанската комора на Македонија, на 22 ноември 2011 година, организираше еднодневен семинар кој придонесе за запознавање и оспособување на учесниците за користење на Електронскиот систем за јавни набавки и учество на е-аукции. На семинарот присуствуваа деловни лица од различни компании кои учествуваат во постапките за јавни набавки и кои и електронски ги поднесуваат понудите и учествуваат на е-аукции.Предавачи од Бирото за јавни набавки, на учесниците детално им го образложија Статутот на е-набавките на РМ, им помогнаа да си креираат кориснички профили на системот и да комуницираат со договорен орган преку ЕСЈН, да пребаруваат објавени тендери и договори, како и да учествуваат на е-аукции и како дигитално да потпишуваат понуди и да ги поднесуваат преку системот.

**28.11.2011 година**

**ЦЕМЕНТАРНИЦАТА „УСЈЕ“АД – СКОПЈЕ ГО АКТИВИРА ЧЛЕНСТВОТО ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

Цементарница „УСЈЕ“ АД – Скопје, формирана во 1955 година, во своето повеќе од педесет години постоење и развивање, покрај производството на цемент, својот асортиман на производи го има збогатено со хидраулично врзивно средство - усјемал, готов бетон и агрегати.Како членка на Групацијата ТИТАН - мултирегионален производител на цемент и останати сродни градежни материјали (формирана во 1902 година во Грција), континуирано е во процес на вложување во нови технологии и нова опрема. Имајќи го предвид знаењето и искуството во Цементарницата „УСЈЕ“ АД – Скопје, потврдено преку квалитетот на нејзините производи признат на градежниот пазар, активното учество на нејзините претставници во органите и телата на Стопанската комора на Македонија ќе дадат значаен придонес во подобрувањето на квалитетот на крајниот градежен производ – објектот, како и во градењето, односно подобрувањето на бизнис-климата за сите стопански субјекти од градежниот сектор.

**28.11.2011 година**

**Здружението на банкарството расправаше за поголемо искористување на средствата од ИПАРД-Програмата - СО ЗАЕДНИЧКИ АНГАЖМАН ДО ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

Со цел поголемо искористување на средствата од ИПАРД-Програмата преку детектирање на проблемите со кои се соочуваат банките при доставување на апликациите од страна на апликантите од една, но и анимирање на што поголем број на апликанти од друга страна, на 28.11.2011 година беше организиран состанок во организација на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија и Кабинетот на заменикот на Претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања. На состанокот, освен претставници од Кабинетот на заменикот на Претседателот на Владата на РМ учество земаа и Тони Димовски, директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со соработници од Агенцијата, како и претставници од банките во РМ. На состанокот детално пред банките беше направена презентација од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за можностите кои ги нудат мерките од Програмата ИПАРД (2007-2013). Потоа, беше направен краток осврт врз досегашното искуство од реализацијата на Програмата ИПАРД (2007-2013) и склучениот Меморандум за соработка меѓу Здружението на банкарството и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, при што беше заклучено дека има простор за проширување и дополнување на меморандумот.

**29.11.2011 година**

**Одржан работен состанок на претставниците на Здружението на банкарството и претставници на КИБС - ПОДГОТОВКИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАТЕН ИНСТРУМЕНТ ЗА ДИРЕКТНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ - НАПЛАТА**

Во Стопанската комора на Македонија, на 29.11.2011 година, се одржа работен состанок на претставниците на Здружението на банкарството и претставници на КИБС, на тема: „Подготовки за воведување на платен инструмент за директно задолжување - наплата во РМ, по СЕПА-стандардите”. Во рамките на својата презентација, м-р Никола Паункоски од КИБС, ги запозна присутните со историјата, односно со развојот на шемите на директно задолжување преку краток осврт врз тоа што претставува Европскиот платен совет и како истиот настанал. Во тие рамки беа претставени и основните цели и визии на оваа шема,а заради создавање на единствена европска платна област. Своето излагање го продолжи со презентирање на платните инструменти за нејзино спроведување, како и тоа кој се` може да се јави како договорна страна во оваа шема на директни задолжувања со реален приказ на поволностите и ризиците, како за доверителите, така и за должниците и банките. На работниот состанок со присуство на над 40 претставници од деловните банки во РМ беше истакната предноста на СЕПА - Direct Debit во однос на сегашните кредитни плаќања. Посебно беше истакнато дека СЕПА - Direct Debit се користи за повторливи плаќања како струја, вода итн., како и за набавка на крупни работи. Претставниците на КИБС посочија дека СЕПА - Direct Debit се планира да почне да се реализира од следната година.

**29.11.2011 година**

**Конференција за унапредување на извозот – ПОТРЕБНА Е РЕИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА!**



- Пред да се случи извозот треба да се создаде производ. Ние, земјите од регионот, се соочуваме со проблемот на немање производ којшто може да биде еволуиран на интернационалниот пазар. Значи, нам ни е потребна, покрај оваа конференција, и конференција за реиндустријализација на земјата, и тоа ургентно, – предложи Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија на пленарниот дел на Седмата конференција за унапредување на извозот, што ја организираше Министерството за економија. На седницата присуствуваа м-р Владимир Пешевски, вицепремиерза економски прашања и претседателите на деловните асоцијации од земјава. Притоа, беше заклучено Владата и бизнис-заедницата заеднички да работат на унапредување на извозот преку имплементација

на стратегии и создавање на конкурентни производи. Од Владата посочуваат дека интенција е да се зголеми бројот на македонски компании кои извезуваат, како и количините на извоз. Очекуваат продолжување на трендот на зголемување на извозот и преку економските промотори да се помогне настапот на македонските компании на странските пазари. Следејќи ги глобалните и ЕУ-трендови на трговските политики за 2012 година, фокусот е на натамошна либерализација и интеграција на трговијата, трансформирање на правилата за потекло и зајакнување на интернационализацијата на малите и средни компании.

**30.11.2011 година**

**Подготовки за воведување на платен инструмент за директно задолжување - наплата во РМ, по СЕПА-стандардите - ДЕТАЛЕН ПРИКАЗ ПРЕД КОМПАНИИТЕ-ЧЛЕНКИ НА КОМОРАТА**

Во Стопанската комора на Македонија, на 30.11.2011 година, се одржа работен состанок на претставниците на компаниите од повеќе здруженија во Комората со претставници на КИБС, на тема: "Подготовки за воведување на платен инструмент за директно задолжување - наплата во РМ, по СЕПА-стандардите". Деталниот приказ на бизнис-правилата под кои се одвива овој процес беше проследен со претставување на логички и физички податоци, како и е-рамката, клириншката и, секако, правната рамка со која е регулирана оваа проблематика. Беше претставен и анализиран и Македонскиот проект на шеми за директно задолжуваање. По точката за деловни правила за основната шема за директно задолжување, презентација имаше Лилјана Јоскоска од КИБС. Таа го потенцира поимот шема за директно задолжување преку презентација на Правилникот за основната шема за директно задолжување, кои физички и правни лица можат да бидат т.н. актери во шемата на директни задолжувања со објаснување на договорните односи кои се воспоставуваат во рамките на овие околности. Исто така беше презентиран начинот на кој се бираат учесниците кои формираат т.н. листа од која се бираат само оние кои се подобни за учество.Воедно, беа презентирани и обврските кои би ги имала банката на доверителот, обврските на доверителот, обврските на банката на должникот, обврските на должникот, како и условите за престанок на учесникот.

**1.12.2011 година**

**Македонската бизнис-заедница реагира до меѓународните фактори против грчките транспортни блокади - ПРОТЕСТНА НОТА ЗА СЛОБОДЕН ПРОТОК НА СТОКИТЕ**

Македонската бизнис-заедница со протестна нота реагира до меѓународните фактори во Европа и светот со барање за конечно ставење крај на многубројните транспортни блокади, што Грција ги поставува на граничните премини со нашата земја, а кои веќе подолго време нанесуваат огромни финансиски штети на македонската економија, но и на регионот во целост. Потписници на протестната нота, чиј иницијатор е Стопанската интересна заедница за патен транспорт Македонија сообраќај АМЕРИТ, се Македонската асоцијација на шпедитери - МИФА, Асоцијацијата на независни синдикати на транспортерите - Макамтранс, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори, Стопанската комора на северо-западна Македонија, македонската ИКТ трговска комора МАСИТ и Македонско-германската економска асоцијација - DMWV. Во протестната нота се наведува дека штрајковите на грчките царински служби се страшен удар за македонската економија, особено за трговијата и патниот транспорт, а исто така, тие вршат негативен удар и врз меѓународната патна транспортна заедница. Истовремено, се наведува и дека нашите компании трпат милионски загуби заради ненавремената испорака на стоки за увоз, иако царинските транзитни системи се создадени за да го олеснат движењето на стоките, а не да го забавуваат и нарушуваат транспортот.

**5.12.2011 година**

**Здружение на комуналните дејности - ПОД ЛУПА НОВИОТ ЗАКОН ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

На состанокот на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, на кој присуствуваа и претставници од Министерството за транспорт и врски, се расправаше за Предлог-законот за комунални дејности (5.12.2011 година). Претставниците на Министерството за транспорт и врски како предлагач на законот информираа дека имале обврска првично да изработат измени на постојниот Закон за комунални дејности, но имајќи



предвид дека постојниот закон е многу стар, било одлучено да се изработи комплетно нов закон. Предлогот што е доставен на разгледување во Стопанската комора на Македонија е првична верзија. Оттука, Министерството, како што изјавија неговите претставници, е на располагање за соработка, прифаќање сугестии по одредени членови и корекција на делови од самиот текст. Здружението на комуналните дејности достави и официјални забелешки за овој предлог-закон како што се бараше, но поради значењето на законот (кој треба да претставува еден вид устав за комуналните дејности) било одлучено да се организира средба на комуналните претпријатија со претставници од ресорното министерство. На состанокот беа предочени низа забелешки, како суштински, така и технички. Со цел усогласување на законот и негова имплементација беше донесен заклучок да се формираат работни групи од сите 4 групации при Здружението на комуналните дејности (на пазари, на водовод и канализација, на гробишта).

**6.12.2011 година**

**Јавна расправа за Стратегијата за води - ДОПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНАТА ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ**

Во организација на Стопанската комора на Македонија и на Министерството за животна средина и просторно планирање, на 6 декември 2011 година, се одржа јавна расправа по Предлог-стратегијата за води. Јавната дебата беше наменета за бизнис-заедницата со цел да се запознае и да се даде соодветен придонес во дефинирањето на овој плански документ.Стратегијата за води е мошне важен стратешки и плански документ кој се однесува за период од 30 години и со кој ќе се определи долгорочна политика за управување со водите, - истакна во своето обраќање заменик-министерот за животна средина и просторно планирање, Стево Темелковски.Во презентацијата, подготвена од страна на изготвувачот, „Хидроинженеринг“ од Словенија, беше прикажана состојбата со води во РМ, националните цели за управување со води, нејзино користење, вклучително и од страна на индустријата, земјоделството, туризмот и други стопански гранки, како и програмата на мерки и активности и изворите на финансирање за нејзина реализација. Во јавната расправа учествуваа голем број претставници на бизнис-секторот и други засегнати страни кои ги искажаа своите видувања и сугестии во делот на: заклучоците кои треба да се допрецизираат во насока на постигнување на целите на Стратегијата, формирањето на регулаторно тело за води и во тој контекст потребата од економски издржана цена на водата, потоа, мониторингот и следење на безбедноста на водата за пиење, активности за подигање на јавната свест за отпадните води, потребата водата да стане стратешки ресурс.

**6-7.12.2011 година**

**Семинар за енергетска ефикасност - ЕДУКАЦИЈА СО ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ И ПРЕСМЕТКИ НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКЦИИ**

Во Стопанската комора на Македонија на 6 и 7 декември 2011 година се одржа дводневен семинар на тема: „Енергетска ефикасност - практични пресметки на градежни конструкции“.Енергетската ефикасност на згради е мултидисциплинарна област во која се вклучени експерти од повеќе дисциплини (урбанизам, проектирање, машинство, електрика, екологија). Семинарот имаше за цел преку презентирање на практични примери и пресметки на градежните конструкции да го прошири знаењето на учесниците на семинарот. На семинарот беа обработени повеќе теми, како што се законската регулатива и стандардите, градежните и изолациските материјали, потоа факторот на форма на зградата, композитни системи за надворешна топлинска изолација (КСиНТИ), како и пресметки на 3 типа надворешни ѕидови со пресметка на вредност U, на температурите во слоевите, потоа споредба на ѕид со надворешна и со внатрешна изолација, пресметка на топлински загуби низ објекти друго.

**7.12.2011 година**

**Предизвици на друштвата за осигурување во однос на нивното место и улога во финансискиот систем на Република Македонија - ОСИГУРИТЕЛНИОТ СЕКТОР ГОДИНАВА СО РАСТ ОД 9 ОТСТО, НО КРИЗАТА НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗАНЕМАРУВА**



На 7.12.2011 година, на Скопскиот саем, се оддржа трибина на тема: „Предизвици на друштвата за осигурување во однос на нивното место и улога во финансискиот систем на Република Македонија“, на која покровител беше Стопанската комора на Македонија. Модератор на оваа трибина беше претседателот на Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија, Трајче Латиновски, генерален директор на „Триглав осигурување“ АД – Скопје, кој накусо ја образложи оправданоста на оваа трибина, како и отвори дискусија по однос на моменталната состојба на друштвата од оваа област.Во однос на претходните години профитабилноста на осигурителните компании е поголема иако на светско ниво постои финансиска криза. Од големо значење за осигурителните компании се и донесените подзаконски акти со кои подетално се уредува нивното работење. Согласно овие акти се зголемува профитабилноста на друштвата, што е најважен фактор за овие компании. Како предизвици кои ги има Агенцијата за супервизија на осигурувањето се носење на подзаконски акт за давање согласност за назначување директори на осигурителните компании, со што ќе се обезбеди увид во рентабилноста на секоја компанија преку извршниот директор. Понатаму, обезбедување на заштита на потрошувачите, како и ширење на осигурителна култура, пред се`, преку студентите како целна група.

**9.12.2011 година**

**Здружение на информатичко-комуникациските технологии - ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ**

Во рамките на изготвувањето на новиот Закон за медиуми, во периодот од 5 до 9.12.2011 година, како поддршка на оваа активност пристигна експерт од TAIEX-програмата на ЕУ. Со новиот закон, покрај другото, ќе се регулира услугата видео по барање, односно ќе се имплементира Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, ќе се регулира преминот од аналогно во дигитално телевизиско емитување, ќе се надминат одредени пропусти во постојната законска регулатива итн. Со усвојувањето на новиот закон ќе престане да важи постојниот Закон за радиодифузната дејност. Имајќи ја предвид значајноста на оваа регулаторна рамка, се смета дека при неговото изготвување треба да бидат земени предвид мислењата и искуствата на сите засегнати страни преку нивно проактивно вклучување во самиот процес.Од тие причини, во рамките на TAIEX-мисијата, во организација на Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија и Министерството за транспорт и врски, на 7 и 8 декември 2011 година се одржаа три посебни средби, со давателите на аудио, аудиовизуелни услуги и со операторите.

**9.12.2011 година**

**Промовирана Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015 година - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ АНТИКОРУПЦИСКАТА КОМИСИЈА И БИЗНИС-АСОЦИЈАЦИИТЕ**



Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ја промовираше третата по ред Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015 година. Во рамките на

одбележувањето на Меѓународниот ден за борба против корупцијата - 9 Декември, ДКСК потпиша Меморандум за соработка и взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судир на интереси со претставници од бизнис-асоцијации во земјава. Во име на Стопанската комора на Македонија, меморандумот го потпиша извршниот директор, м-р Јелисавета Георгиева. Целта на потпишувањето на меморандумот е да се воспостави соработка, координација и водење на заеднички договорени активности меѓу потписниците, со цел поефикасна превенција на корупцијата и судирот на интереси во приватниот сектор и градење на интегритетот во Република Македонија.

**13.12.2011 година**

**Македонската енергетска асоцијација расправаше за предложениот енергетски биланс и за правилата за пазар на електрична енергија - ПОТРЕБНО Е ПОРАЗУМНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ПРИМАРНИТЕ ЕНЕРГЕНСИ**



Македонската енергетска асоцијација, која ја обединува целокупната експертска јавност во државата од секторот на енергетиката, на 13.12.2011 година разгледа два значајни документа: Предлог-енергетскиот биланс на Република Македонија за периодот од 2012 до 2016 година и Нацрт-текстот на Правилата за пазар на електрична енергија. Во воведните напомени од страна на раководителот на секторот за енергетика при Министерството за економија, беше истакнато дека Предлог-енергетскиот биланс, како индикативен документ во кој се искажани потребите од вкупна и по одделни видови на енергија, како и можностите за нивно обезбедување, за прв пат согласно Законот за енергетика, се носи за период од пет години. Во првиот дел од Билансот се дадени планираните количини на енергија за 2012 година, а вториот дел од Билансот ги содржи видувањата до 2016 година. Голем дел од производителите и снабдувачите на енергија истакнаа дека реализацијата на планираните количини не е сосема извесна. Кај природниот гас зависи од договорот кој треба да се постигне со Регулаторната комисија за енергетика за формирање на цената за гасот. За нормално функционирање на пазарот на нафтени деривати потребно е да се формира независна лабораторија за испитување на квалитетот на горивото. Големите потрошувачи, потенцирајќи дека за нив енергенсите се од егзистенцијално значење, истакнаа дека најавените количини во енергетскиот биланс се дадени врз основа на бизнис-плановите на компаниите, но во текот на минатиот и овој месец истите се преиспитуваат поради присутните турбуленции на цените на металите.

**13.12.2011 година**

**Работен состанок со претставници на железницата и корисниците на нивните услуги - КОМПАНИИТЕ СО ПОДДРШКА НА ПРИОРИТЕТИТЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ТРАНСПОРТ, НО И СО СОПСТВЕНИ ПРЕДЛОЗИ**

Состојбите и насоките за развој на железничкиот сообраќај, како и инфраструктурните приоритети, беа тема на состанокот што се одржа во Стопанската комора на Македонија со претставниците на МЖ Транспорт, МЖ Инфраструктура и компаниите корисници на нивните услуги (13.12.2011). На состанокот беа презентирани моменталните состојби во железничкиот сообраќај, како учеството во структурата на превезена стока наспроти камионскиот превоз, официјалните податоци за состојбите на пругите, железничките станици, железничкиот возен парк, обемот на реализиран превоз на стоки со железница и трендовите во земјите од нашето опкружување за употреба на железницата согласно насоките на „Белата книга на транспортот“. Генералниот директор на МЖ Транспорт, Оливер Дерковски, ги презентираше новите реализирани проекти, како што се: воспоставениот систем за управување со сигурноста, набавката на нови плато-вагони, репарирани дизел локомотиви, набавката на нови 150 товарни вагони, инсталација на Интегриран информатички систем за управување, преговорите за започнување со работа на заедничка станица Генерал Јанковиќ со Косовски железници со цел намалување на времето на задржување.Компаниите корисници на железницата ја искористија

средбата да ги поддржат приоритетите, но и да ги прецизираат своите мислења за насоките по кои треба да се развива транспортот во блиска иднина. Меѓу другото, потребна е национална транспортна стратегија која ќе ги даде насоките за развој на транспортот и ќе ги реши проблемите во истиот, а во приоритетите да биде вклучена и безбедноста во железничкиот транспорт, со цел намалување на кражбите и оштетување на пломбите на вагоните. Взаемно е мислењето дека треба да се потенцира важноста на железницата, посебно за големите товари, со цел намалување на амортизацијата на патиштата и следење на трендовите – намалено загадување на животната средина.

**21.12.2011 година**

**Промоција на Македонската банка за поддршка на развојот во Стопанската комора на Македонија - ФАКТОРИНГ И ОСИГУРУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ ЗА СИГУРЕН БИЗНИС**



Во организација на Здружението на банкарството, на 21.12.2011 година, во Стопанската комора на Македонија, пред 50-тина македонски извозни компании, Македонската банка за поддршка на развојот ги промовираше Факторингот и осигурувањето на извозот како финансиски инструменти кои треба да овозможат олеснување на работењето на компаниите, со акцент на оние кои се извозно ориентирани. Директорот на секторот за кредитно осигурување од МБПР, Дарко Стефановски, пред претставниците на домашните компании ги претстави бенефитите од употребата на факторинг-услугата којашто овозможува продажба на производи и услуги на одложено плаќање, при што дел од средствата (80%) наведени во фактурата се добиваат веднаш. Според карактеристиките, Факторингот комбинира кредитна заштита, наплата на побарувања и финансирање за компаниите кои продаваат производи и услуги со одложено плаќање пократко од 180 дена. За таа цел, МБПР откупува побарувања и исплаќа аванс по основ на доставена осигурена фактура во износ од 80%. Беше презентирано и извозното и трговското осигурување како заштитна услуга за бизнисот. При тоа беше потенцирано дека во Македонија се осигурува само 1% од вкупниот извоз, што е многу мал процент споредено со искуството од регионот (на пример, Хрватска и Словенија осигуруваат меѓу 10 и 15% од вкупниот извоз).

**22.12.2011 година**

**Во Стопанската комора на Македонија доделени сертификати за производство на храна според исламските прописи - „МАКПРОГРЕС“, „ВИГО-48“ И „ПИК КО“ ПРВИТЕ ТРИ КОМПАНИИ СО ХАЛАЛ-СТАНДАРДОТ**

„Макпрогрес“, „Виго-48“ и „Пик Ко“ се првите три македонски компании на кои Јакуп Селимовски, директор на секторот за верско образование и воспитување при ИВЗ им врачи ХАЛАЛ-сертификати во Стопанската комора на Македонија. Врачувањето беше направено заедно со Амир Сакиќ, директор на Агенцијата за сертификација на ХАЛАЛ-квалитет од Тузла, засега овласен за регионот и Александра Марковска, директорка на „Фуд Консалтинг„ - Скопје, која го имплементираше стандардот во овие компании. Станува збор за стандард којшто гарантира „се` што е дозволено“ во исламот според шеријатското (верско) право. ХАЛАЛ има повеќе специфики, начин на колење, изземање на алкохолот или адитивите кои содржат свинско месо, сите производи што муслиманското население не ги користи во исхраната..., а освен на индустрии, се однесува и на суровини, туризам, финансии, транспорт, пакување, амбалажа...

**23.12.2011 година**

**Ученици од ДСЕПУ „Васил Антевски Дрен“ во Стопанската комора на Македонија - ПРОМОЦИЈА НА НАЈСТАРАТА И НАЈБРОЈНАТА ДЕЛОВНА АСОЦИЈАЦИЈА ПРЕД ИДНИТЕ БИЗНИСМЕНИ**

Во рамките на реализацијата на наставната програма, на 23.12.2011 година Стопанската комора на Македонија ја посети група ученици, предводени од нивните професорки од ДСЕПУ „Васил Антевски Дрен“ од Скопје. Целта на нивната посета беше да се запознаат со местото и

улогата на Стопанската комора на Македонија во стопанскиот систем на нашата држава, надлежностите што ги има и услугите што ги врши за компаниите.

**26.12.2011 година**

**Фабриката за акумулатори „ВЕСНА-САП“ од Пробиштип со прослава на значајни јубилеи - ТРИ ИПОЛ ДЕЦЕНИИ АКУМУЛАТОРСКА ИНДУСТРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА И ДЕЦЕНИЈА НА „ВЕСНА-САП“**



Фабриката за акумулатори „ВЕСНА-САП“ од Пробиштип го прослави јубилејот - 35 години акумулаторска индустрија во Република Македонија и 10 години „ВЕСНА-САП“ (23.12.2011 година). На прославата присуствуваа претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и претседателот на Здружението на металната и електроиндустријата, Аце Антевски со своите соработници. Со својот перманентен развој, „ВЕСНА-САП“ стана еден од позначајните чинители во македонската економија и значаен учесник во извозните активности на Република Македонија. Најголем дел од својата продукција - над 85 отсто компанијата ја реализира на странските пазари, и тоа во земјите од Европската унија и во регионот.По повод јубилејот, извршниот директор Тошо Тошевски на повеќе партнери им додели благодарници за успешната соработка во изминатиот период.

## ОД РАБОТАТА НА РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ – 30 АКТИВНОСТИ

**25.01.2011 година**

**Регионална комора со седиште во Скопје - НЕОПХОДНО Е ДОПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ**

Регионалната комора со седиште во Скопје расправаше за Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка и Предлог-законот за постапување со бесправно изградени објекти (25.01.2011 година). По обемната дискусија во врска со Предлог-законот за постапување со бесправно изградени објекти беше заклучено: на градоначалниците да им се одземат дискреционите права да одлучуваат вон законската рамка; да се забрза постапката за ревизија или промена на ДУП-от (барем на секои 2 години) и да се утврди и да се прецизира кој има предност - Законот или ДУП-от.

**28.01.2011 година**

**Регионална Средба во Кочани - Хотел „Национал“**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Регионалната комора со седиште во Кочани, оствари директна средба со претставници од Виница, Делчево, Берово, Штип и Кочании ги презентираше Европските фондови за 2011 година, кои им се достапни на македонските компании преку Центарот за имплементација на развојни идеи кој функционира во рамките на Стопанската комора на Македонија. Средбата се одржа на 28.01.2011 година (петок), со почеток во 11:30 часот во хотел „Национал“ во Кочани.

**31.01.2011 година**

**Регионалната комора со седиште во Прилеп и неделникот „Зенит“ ги избраа најуспешните компании во 2010 година во општината - НА ВРВОТ КОМБИНАТОТ ЗА МЕРМЕР**



Комбинатот за мермер е најуспешна прилепска фирма минатата година, покажа изборот на бизнис на годината, што го организираа Регионалната комора со седиште во Прилеп и

локалниот неделник „Зенит”. Според претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Симон Наумоски, манифестацијата е охрабрување на прилепското стопанство да вложува и да размислува за подобрување на деловната клима. Регионаланата комора со седиште во Прилеп и неделникот „Зенит” како успешни ги квалификуваа и прехранбената фирма „Дониа”, како и конфекцијата „Конфи ангел”. Во категоријата средни, за најуспешни се прогласени „Марфил”, „Футура” и „Салида”, а најуспешни мали фирми во 2010 година биле „Парадокс ДК Електроник”, „Оскар медикал- дијагностички центар” и „Роман”.

**16.02.2011 година**

**Регионална комора со седиште во Велес - СО ЕВРОПСКИ ПАРИ ДО РАЗВОЈ НА ОПШТИНСКОТО СТОПАНСТВО**

На седницата на Регионалната комора со седиште во Велес беше извршена промоција на Центарот за имплементација на развојните идеи - ЦИРИ при Стопанската комора на Македонија и беа презентирани европските фондови достапни за македонските компании во 2011 година. Од европските фондови на Македонија годишно и` се достапни 80 милиони евра, но досега мал е бројот на компании кои користеле од овие пари. За жал, меѓу нив нема ниту една велешка фирма. Само со користењето на европските пари и развојот на компаниите, Велес ќе може не само да го заживее и онака замреното стопанство, туку да го намали и бројот на над 16-те илјади невработени, повеќе од 2000 стечајци и над 2500-те социјални семејства.

**23.02.2011 година**

**Регионалната комора со седиште во Велес во посета на Сомбор - ПОТПИШАНА МЕЃУКОМОРСКА СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА И ОСТВАРЕНИ БРОЈНИ БИЗНИС-КОНТАКТИ**

Претседателот на Регионалната комора со седиште во Велес, Трајче Трајков, во придружба со градоначалникот на Општина Велес, Горан Петров и група стопанственици од Велес, беа во посета на Сомбор, на Денот на градот (18.02.2010 година). Покрај збратимувањето на двата града, беа остварени и контакти меѓу велешките стопанственици и бизнисмените од регионот на Сомбор, со цел да ја потврдат својата досегашна соработка и да ја зајакнат уште повеќе во иднина.

**25.02.2011 година**

**Бизнис-форум меѓу скопски и белградски компании во Република Србија - ФОРМИРАЊЕ НА БАЛКАНСКА МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ НА ГЛАВНИТЕ ГРАДОВИ**

На Бизнис-форумот меѓу белградските и скопски компании,што се одржа на 25.02.2011 година во Белград, Република Србија, беше потпишана Спогодба за соработка меѓу двете регионални комори. Спогодбата ја потпишаа д-р Горан Рафајловски и д-р Милан Јанковиħ, претседатели на двете најголеми и најмоќни регионални комори во Република Србија и Република Македонија , со надеж дека оваа соработка ќе придонесе за интензивирање на контактите. Покрај оваа билатерална соработка, предлагаме да се направи и мултилатерална соработка меѓу коморите на главните градови од балканските земји, вклучувајки ја и Турција. На тој начин би можеле заеднички да настапуваме спрема Брисел и другите моќни комори од значајни региони во Европската унија. Почетокот би можел да значи и формирање на заеднички информативен центар во кој бизнисмените од регионот лесно би можеле да бидат снабдени со неопходните податоци за олеснување на нивните деловни потфати, – предложи д-р Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во Скопје. Д-р Милан Јанкович, претседател на Стопанската комора на Белград, побара двете регионални комори да отворат свои канцаларии во главните градови, со што уште повеќе би се олесниле контактите меѓу бизнисмените и би се овозможило нивно заедничко учество во користењето на средства од претпристапните фондови на Европската унија.

**3.3.2011 година**

**Управен одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп - НОВИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ ПОТТИК ЗА БИЗНИСОТ**

На 3.3.2011 година се одржа проширена седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп. Седницата беше одржана на барање на градоначалникот на Општина Прилеп, Марјан Ристески. На седницата беше извршена презентација на најновите измени и дополнувања на низа прописи: Законот за градешно земјиште; Законот за легализација на бесправно изградени објекти; Законот за градење; Законот за земјоделско земјиште и Законот за просторно и урбанистичко планирање.Претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп,Симон Наумоски, ги поздрави присутните и изрази задоволство од големиот одзив за проширената седница на којашто, покрај градоначалникот со неговите соработници, присуствуваа и претставници на 39 компании од регионот. Презентацијата за најновите законски измени ја изврши градоначалникот на Општина Прилеп, потенцирајќи ги големите придобивки за бизнис-секторот: од први јули 2011 година општините ќе управуваат со неизграденото државно земјиште; од 4 март 2011 година ќе отпочне постапката за легализација на бесправно изградените објекти; добивање на одобрение за градба за индустриски објекти во 4 чекори со намалени надоместоци за комунално уредување на 5% од досегашната вредност; се укинува плаќањето на надомест за трансформација на земјоделското земјиште во градежно земјиште и се овозможува изработка на детален урбанистички план за една парцела.По предлог на градоначалникот,Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп заклучи во текот на април или мај 2011 година да се организира бизнис-посета на збратимените градови Задар, Копар и Верона.

**23.3.2011 година**

**Регионалната комора со седиште во Кочани домаќин на словенечкиот амабасадор во Република Македонија - ЗАЕДНИЧКИ НА ПАЗАРОТ ВО ЕУ**




На 17 март 2011 година, во официјална работна посета на Кочани престојуваше словенечкиот амбасадор во Република Македонија, Алан Брајан Бергант. Амбасадорот беше придружуван од економскиот советник Јернеј Товшак, а неговата посета беше во организација на Регионалната комора со седиште во Кочани. Работната посета започна со прием во компанијата „ТИНГ“, каде што сопственикот на компанијата Славе Јорданов, инаку и претседател на Регионалната комора со седиште во Кочани, ја претстави својата дваесет годишна работа како приватен стопанственик, ги презентираше дел од своите развојни планови и проекти на коишто во моментот се работи и кои во иднина ќе бидат во фокусот на работата на компанијата. Амбасадорот се интересираше околу моменталната соработка со словенечките компании, дали постои и доколку има интерес од „ТИНГ“ - Кочани, ја изрази подготвеноста преку Амбасадата некои контакти да бидат воспоставени и олеснети. Амбасадорот со своите домаќини направи и обиколка на работните погони на фабриката. Беа реализирани и три други посети на компаниите „Европа 92“, модната конфекција „Голдентекс“ и фабриката за производство на печурки „Шампињони“.

**29.4.2011 година**

**Во Регионалната комора со седиште во Прилеп средба со компании од Призрен во Република Косово - ИЗРАЗЕН ИНТЕРЕС ЗА МЕРМЕРОТ, ГРАНИТОТ, ТУТУНОТ И ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ**




Во Регионалната комора со седиште во Прилеп се одржа средба со познати стопанственици од Призрен, Република Косово (29.4.2011 година). Средбата беше во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Фондацијата за одржлив економски развој Преда Плус и Регионалната агенција

на Југ Косово од Призрен. Гостите поопширно беа запознати за природните ресурси со кои располага регионот и компании кои се носители на стопанството: Мермерниот комбинат, Витаминка, Тутунскиот комбинат, Прилепската пиварница, како и другите фирми од прехранбената, текстилната и металопреработувачката индустрија. Гостите од Република Косово изкажаа голем интерес за соработка на полето на неметалите, посебно за прилепскиот мермер и гранит, како и за тутунската индустрија. Посебно деловните луѓе од Призрен најавија поголем интерес за откуп и преработка на градинарските производи, особено на пиперката. Во хотелот „Салида“ беа организирани и билатерални бизнис-средби.

**16.5.2011 година**

**Пред бизнис-заедниците од регионалните комори со седиште во Скопје, Прилеп и Битола и од регионот Иматија во Грција промовиран Проектот „Агро-полис“ - НОВИ ТЕХНОЛОГИИ, ЗНАЕЊА И ЗГОЛЕМЕН ИЗВОЗ ОД ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО НА ЗАПАДЕН БАЛКАН**

Четириесетчлена бизнис-делегација од регионалните комори со седиште во Скопје, Прилеп и Битола се сретна со деловни луѓе од регионот Иматија во Грција (16.5.2011 година). Бизнис-форумот што се одржа меѓу македонските и грчките компании во Вериа, предизвика исклучителен интерес кај грчкиот бизнис, а во зградата на Регионалната комора на Иматија беше собран реперезентативен дел од бизнис-заедницата на овој регион, која брои преку 10.000 компании. Стотината бизнисмени од двете земји, всушност, ги собра презентацијата на Проектот „Агро-полис“, иницијатива за значително поголема и поинтензивна соработка на компаниите од Западен Балкан во областа на агрокомплексот.Проект-лидери на целата оваа иницијатива се експертот Павлидис Димитрис и Комората на Иматија. Партнери се регионалнаите комори на Скопје, Битола, Серес, коморите на Србија и Австрија, од Солун - Факултетот за информатика и математика и Институтот за земјоделско истражување, како и Институтот за надворешна трговија на Израел. Основните цели на Проектот се унапредување и обединување на регионалната аграрна понуда и унапредување на извозните можности, а деталите може да се видат на веб-порталот: www.agro-polis.eu.

**20.5.2011 година**

**Регионална комора со седиште во Кичево - КОМПАНИИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПРЕТПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ, КОМОРСКАТА ПОМОШ ДОБРЕДОЈДЕНА**

Презентации на европските фондови достапни за македонските компании и на Центарот за развојни идеи –ЦИРИ лоциран во Стопанската комора на Македонија беа извршени на седницата на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево. На седницата, со која раководеше претседателот на Регионална комора со седиште во Кичево, Игор Соколески, со учество на голем број компании, присуствуваше Антонио Милошоски, министер за надворешни работи во Владата на Република Македонија, како и градоначалникот на општина Кичево, Благоја Деспотоски. Центарот за развојни идеи –ЦИРИ е формиран да нуди услуги и помош на членките на Комората, за да можат што поголем број компании да аплицираат и да искористат средства од програмите на европските фондови. На присутните компании им се обрати министерот Антонио Милошоски, кој ја поздрави активноста на Комората за презентациите од ваков вид. Тој смета дека токму на време им се помага на компаниите од регионот, кога е во процес отворањето на Индустриската зона во Кичево, каде што веќе аплицирале 20 производствени компании на кои и тоа како ќе им треба оваа помош.

**23.5.2011 година**

**Прв Белградски економски форум – средба на стопанските комори и градови на ЦЕФТА-регионот - АПЕЛ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПАЗАРНИОТ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ**

На иницијатива и во организација на Стопанската комора на Белград, се одржа Првиот Белградски економски форум на тема: „Средба на стопанските комори и градови на ЦЕФТА-регионот“ (23.5.2011 година). Првиот Белградски економски форум го отворија претседателот на Собранието на град Белград Александар Антиќ, членот на Советот на градот Белград Жељко Ожеговиќ, заменикот на шефот на Делегацијата на ЕУ во Белград, Адриано Мартинс и претседателот на Стопанската комора на Белград, д-р Милан Јанковиќ. На форумот учествуваше и д-р Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во

Скопје.Претставниците на коморите од регионот, од Македонија, Словенија, Црна Гора, Молдавија, Република Српска, истакнаа дека стопанството во ЦЕФТА-регионот е мало, но на приближно исто ниво на развој, што сите учесници ги упатува на поголема соработка. Тие се согласија дека е потребно да се лобира за воспоставување на единствени давачки, што беше предлог на д-р Горан Рафајловски, потоа да работат на развојот на клаузулите на Договорот и дека е неопходно да соработуваат преку постојните механизми и институциите на стопанските комори.

**30.6.2011 година**

**Во Регионалната комора со седиште во Прилеп се одржа Семинар за управување со проекти – ПМИ-СЕРТИФИКАТ ЗА 10 ВРАБОТЕНИ НА МЕРМЕРНИОТ КОМБИНАТ**




Во Регионалната комора со седиште во Прилеп, на барање и во организација на Мермерниот комбинат АД - Прилеп, се одржа петдневен семинар за менаџерскиот тим, на тема: „Управување со проекти спрема стандардите на најголемите светски организации за управување со проекти ПМИ (www.pmi.org)“. Тренингот го опфати целокупното водење на проектите во 5 фази: иницирање, планирање, извршување, надгледување и контрола и затворање на проектите.Тренер беше Ненад Трајковски од Загреб, Р. Хрватска, кој е со 22-годишно искуство во водењето проекти и има меѓународен сертификат ПМП (Проект Менаџмент Професионал). На семинарот со ПМИ-сертификат се стекнаа 10 лица од топ-менаџментот на АД Мермерен комбинат.

**1.7.2011 година**

**Македонско-турски бизнис-форум со млади претприемачи од регионот Кочаели од Република Турција - ДИРЕКТНИ СРЕДБИ СО КОМПАНИИ ОД МОЌНА ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА**

Група од петнаесетина турски бизнисмени, членови на Советот на млади претприемачи на Трговско-индустриската комора на Кочели, ја посетија Стопанската комора на Македонија, со цел воспоставување деловни контакти и директни средби со македонски компании од различни стопански дејности (1.7.2011). Оценка е дека меѓусебната трговска размена не е на задоволително ниво и покрај целосно завршената и воспоставена правна рамка за подобрување на економските и трговските односи меѓу двете земји. Провинцијата Кочаели се наоѓа во северо-западниот дел на Турција и се јавува како порта меѓу Европа, Блискиот Исток и Централна Азија. Главниот град Измит брои 1,5 милиони жители и е еден од најгусто населените региони во Турција со 436 жители на км2. Кочаели излегува на Црното и на Мраморното Море со 5 меѓународни и 35 индустриски пристаништа. 27 од 100 најголеми претпријатија од Турција се лоцирани со седиште во Кочаели, а 75% од БДП на Кочаели се полни од преработувачката индустрија. Исто така, турската делегација, во организација на Регионалната комора со седиште во Охрид, оствари деловни средби со компании од охридскиот регион.

**8.8.2011 година**

**Потпишан Меморандум за соработка меѓу коморите на Месиниа и на Скопје - ПРЕКУ „ПАТОТ НА МАСЛИНКАТА“ ДО ЗАЕДНИЧКА МРЕЖА НА СОРАБОТКА**

Во Стопанската комора на Македонија, на 8 август 2011 година, се одржа работна средба на претставници од Стопанската комора на Месиниа, со седиште во Каламата, производители на прехранбени производи, особено на маслиново масло, Културната организација “Routes of the Olive Tree”, од Каламата, Олга Мезариди, трговско аташе во Канцеларијата за врски на Република Грција во Македонија, како и членки на Стопанската комора на Македонија. Работниот состанок го водеше д-р Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора

со седиште во Скопје. Заедничка цел на потписничките на Меморандумот е да работат заедно за да го поддржат сето ова низ европските програми, прекугранични проекти и програми за национално финансирање. Обврска на секој субјект е директно да одговори на поканата за учество во доставените предлози, координирано или некаде каде што друг субјект учествува; особено во предлозите за соработка каде што нема финансиски товар врз субјектот, но коишто се создадени да знаат како да направат трансфер и да ги зацврстат активностите на овој Меморандум.

**19.9.2011 година**

**Заедничка акција на Регионалната комора со седиште во Прилеп и невладината организација „Преда плус“ - ДЕСЕТ КОМПАНИИ ГО ПОСЕТИЈА ПРИЗРЕН И ТРАСИРАА СОРАБОТКА**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и невладината организација „Преда Плус“ од Прилеп, а по покана на Регионалната развојна агенција РДА од Призрен, делегација од 10-тина прилепски компании приуствуваа на Бизнис-форумот што се одржа во Призрен, во Република Косово (19.9.2011).Со цел да се воспостави добра меѓусебна соработка меѓу компаниите од двата региона, се одржаа и билатерални средби со 30-тина компании од регионот на Призрен. Од билатералните разговори произлегоа и конкретни договори меѓу фирмата „Мацишус“ и фирмата „Солид“ од Сува Река за заедничко производство на машки и женски обувки. Македонските фирми изразија големо задоволство од меѓусебните средби, со надеж дека ќе се воспостави добра соработка, имаќи ја предвид големата развојна експанзија на косовските компании и новосоздадените услови за приоритетна соработка на компаниите од Македонија и Косово.

**23-24.9.2011 година**

**Македонски компании го посетија општиот регионален саем во Кожани, Република Грција - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО НОВИ ТЕХНОЛОГИИ И КОНТАКТИ ЗА ИДНИ ЗАЕДНИЧКИ БИЗНИСИ**

Во периодот од 23 до 24 септември 2011 година, во организација на Стопанската комора на Македонија, Регионалната комора со седиште во Битола и со поддршка на Канцеларијата за врски на Република Грција во Република Македонија, се реализира посета на претставници на македонски компании на 27. Регионален општ саем на Западна Македонија во Кожани, Република Грција.Делегацијата беше пречекана од Олга Мезериду, економски советник во Канцеларијата за врски на Република Грција во Република Македонија, која изрази задоволство што македонските компании излегоа во пресрет на нивната покана за посета на овој саем.Соработката меѓу Регионалната комора со седиште во Битола и Трговско-индустриската комора од Кожани, која е организатор на Саемот, постои веќе долго години, а присуството на македонски компании и претставници на бизнис-секторот од пограничниот регион на оваа манифестација е со подолга традиција. Годинава и покрај влијанието на економската криза кај јужниот сосед, најголем акцент се даде на презентацијата на новите развојни технологии за обновливи извори на енергија, т.е. соларните панели, како и разните унапредувања во градежништвото, топлинските уреди и развојот на земјоделието во регионот.

**30.9.2011 година**

**Делегација од Регионалната комора со седиште во Прилеп во посета на пиварницата „Лашко“ во Словенија и „Октоберфест 2011“ во Минхен - МЕЃУНАРОДНИ ИСКУСТВА ЗА „ПРИЛЕП ФЕСТ 2012“**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа, во периодот од 23 до 27 септември 2011 година, делегација составена од организаторите и учесниците на Фестивалот за пиво „Прилеп фест 2011“, како и претставници-спонзори од бизнис-секторот, оствари посета на пиварницата „Лашко“ во Словенија и Фестивалот за пиво „Октоберфест 2011“ во Минхен во Германија. На покана од страна на раководството од пиварницата „Лашко“, како и нивниот застапник за Република Македонија, Владимир Алулоски, на 23.9.2011 година, повеќечлена делегација од Прилеп ја посети една од најголемите словенечки пиварници. Исто така, беше организиран престој во нивниот хотелски комплекс „Римске Терме“, при што беа презентирани дел од нивните туристички капацитети и содржини

во областа на туризмот. Разговорите со домаќините беа во правец да се воспостави заедничка соработка и во оваа област, како и да се обезбеди размена на туристи.

**20.10.2011година**

**Одржан семинар во Кочани - КАКО ДА СЕ ПРИВЛЕЧЕ КАПИТАЛ ПРЕКУ БЕРЗАТА?**

Оваа презентација е резултат на соработката меѓу Стопанската комора на Македонија и Македонската берза на хартии од вредност АД - Скопје, а во Кочани се одржа во организација на Регионалната комора со седиште во Кочани. Компаниите и претставниците на деловните банки од регионот беа запознати со можноста од еден ваков, условно кажано, алтернативен начин на финансирање на нивниот развој, а беа запознати и со придобивките од котирање на Берзата.Пред присутните компании свое обраќање имаа Елена Јакимовска Петровска, извршен директор на Македонската берза и Евита Иванова, советник на Управата на Македонската берза.

**27.10.2011 година**

**Делегација од градот Поградец во Република Албанија во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА СО СРЕДСТВА ОД ФОНДОВИТЕ НА ЕУ**




Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа, на 27.10.2011 година се одржа работна средба со претставници од локалната самоуправа и претставници на невладини организации од Поградец, Република Албанија. На средбата гостите имаа можност да слушнат за организационата поставеност на Стопанската комора на Македонија и функционирањето на Регионалната комора со седиште во Прилеп. Тие беа поопширно запознати за природните ресурси со кои располага регионот и фирмите кои се носители на стопанскиот развој, со посебен акцент за Мермерниот комбинат, Витаминка, Тутунскиот комбинат, Прилепската пиварница, како и другите фирми од прехранбената, текстилната и металопреработувачката индустрија. Целта за посетата на делегацијата од Поградец беше поопширно да се запознаат со економските потенцијали на општината, да се воспостави поголема соработка со локалната самоуправа и невладиниот сектор од градот, со цел во иднина заеднички да се аплицира за добивање средства од Европската унија преку проектот за погранична соработка на двете општини.

**28.10.2011 година**

**Во Регионалната комора со седиште во Прилеп одржан семинар за безбедност и здравје при работа - СТРУЧНА ТЕМАТСКА ОБУКА ЗА МЕНАЏЕРИ НА 30 КОМПАНИИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Стопанската комора на Македонија и Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), на 28.10.2011 година, во Прилеп се одржа еднодневен семинар - стручна тематска обука од областа на безбедноста и здравјето при работа. На обуката учествуваа повеќе од 40 претставници на 30-тина компании од Прилеп, Битола, Охрид, Скопје и од Свети Николе. Цел на обуката беше запознавање на правните субјекти, раководителите и други лица засегнати од примената на прописите за безбедност и здравје при работа (БЗР), со основните законски барања од областа на безбедност и здравје при работа кои треба да се применуваат на работните места.

**28.10.2011 година**

**Јавна дебата во Берово за Корпоративната општествена одговорност и вклучување на ранливите групи во приватниот сектор - ПОТРЕБНИ СЕ ПРОГРАМИ И ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

Стопанската комора на Македонија во соработка со Програмата на УНДП за рамноправна вклученост на ранливите групи во општеството, отпочнаа со реализација на јавни

дебати на тема: Корпоративната општествена одговорност и вклучување на ранливите групи во приватниот сектор. Целта на овие дебати е да се слушне мислењето на приватниот сектор на оваа тема и кои сегменти недостасуваат за непречено одвивање на овој процес кој ќе значи поголема сигурност и економско јакнење на ранливите групи во општеството.Првата дебата беше одржана на крајот од минатата недела во организација на Регионалната комора со седиште во Берово и покажа дека компаниите во овој регион веќе имаа искуство во вработување на оваа група на лица. Општ заклучок е дека за поттикнување на овој процес неопходно е да се развие соработката меѓу сите засегнати институции, владини и невладини, за да може приватниот сектор како носител на главната улога во една пазарна економија која се наоѓа сред модерната глобализација да го финишира процесот со овозможување на работни места за овие лица.

**1.11.2011 година**

**Регионална комора со седиште во Кичево - ГОЛЕМ ИНТЕРЕС ЗА ПОВОЛНИ КРЕДИТИ**

Во организација на Стопанската комора на Македонија и Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), на 1 ноември 2011 година во Кичево, се одржа презентација на Кредитната линија од 50 милиони евра од Европската инвестициска банка (ЕИБ 2) наменета за финансирање на проекти за средните и малите претпријатија. Состанокот го водеше претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески и м-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанската комора на Македонија и на истиот присуствуваа дваесетина компании од регионот на Кичево. На презентацијата беше истакнато дека средствата ќе бидат дистрибуирани од Македонската банка за поддршка на развојот преку комерцијалните банки со поволни услови. Каматната стапка изнесува 5,5 проценти, а ќе бидат одобрувани два вида на кредити - инвестициски кредити и кредити за трајни обртни средства. Висината на инвестициските кредити ќе се движи од 10.000 до три и пол милиони евра со рок на отплата до осум години и грејс период од две години. Кредитите за трајни обртни средства ќе бидат од пет илјади до 670 илјади евра, со рок на враќање до три години и грејс период од шест месеци.

**2.11.2011 година**

**Унапредување на соработката меѓу регионалните комори и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ - ФОРМИРАЊЕ ЕКОНОМСКИ СОВЕТИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО**

На 2.11.2011 година во Стопанската комора на Македонија, се одржа работна средба меѓу претставници на раководството на ЗЕЛС, предводени од претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски и претседателите на 15 регионални комори. На средбата претседателот на Стопанската комора, потенцира дека тргнувајќи од основната задача на коморското организирање - унапредување на работењето на стопанството, од исклучително значење на регионално ниво е соработката на бизнис-заедницата од регионалните комори со локалната власт, преку која заеднички ќе се следат состојбите, ќе се предлагаат и ќе се реализираат активности и мерки во функција на локалниот, односно регионалниот развој. Во тој контекст, Стопанска комора на Македонија предложи и неколку чекори за следната соработка меѓу ЗЕЛС и регионалните комори: формирање на економски совети на регионално ниво, составени од претставници на бизнис-секторот во регионот и локалната власт на ЗЕЛС;изградба и модернизација на инфраструктурата, чии приоритети за реализација во наредната година ќе ги одредат економските совети одделно по региони; развивање на меѓусебната соработка на општините, односно планските региони и прекуграничната соработка; заедничко искористување преку соработката на бизнис-заедницата од регионот и локалната самоуправа на претпристапната помош од страна на ЕУ, посебно на ИПА-фондовите. Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, ја поздрави иницијативата на Стопанската комора и истакна дека во следниот период ќе се интензивира соработката меѓу регионалните комори и ЗЕЛС, и најави дека во оваа насока со цел утврдување на сите активности ќе следи потпишување на меморандум за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и ЗЕЛС.

**22.11.2011 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ПРОМОВИРАН ПОСТОЈАНИОТ ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА ПРИ СТОПАНКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**




Во Регионалната комора со седиште во Прилеп, на 22.11.2011 година, се одржа презентација на тема: „Арбитражата како поефикасен и побрз начин на решавање на споровите", на којашто присуствуваа учесници од компаниите-членки на Комората. Присутните имаа можност да се запознаат со постапката и со можностите за решавање на споровите пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, како и со предностите на арбитражното судење во однос на судењето од страна на државните судови.

**3-7.12.2011 година**

**Делегација од локалната самоуправа и бизнис-заедницата од Прилеп во посета на градот Чернигив во Украина - ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ГРАДОВИТЕ И НА БИЗНИСОТ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа на Општина Прилеп, 14-члена делегација предводена од страна на градоначалникот Марјан Ристески и преседателот на Регионалната комора Симон Наумоски, од 3 до 7 декември 2011 година, оствари работна посета на Украина и средби во градот Чернигив.Средбата се реализираше на барање на Градски совет на градот Чернигив во киевската област во Украина, со цел добрата македонско-украинска соработка да се продлабочи со збратимување на градот Чернигив (300.000 жители) со град од Македонија. Амбасадорот на Република Македонија во Украина, Ацо Спасеноски, преку МНР на РМ, го предложил градот Прилеп за збратимување и воспоставување економска соработка на двата региона. При посетата на Чернигив беа потпишани: Спогодба за збратимување на двата града; Спогодба за меѓусебна соработка меѓу регионалните стопански комори на Чернигив и Прилеп; Спогодба за интерфакултетска соработка меѓу Економскиот факултет од Чернигив и Економскиот факултет од Прилеп. Во Стопанската комора на Чернигив се одржаа бизнис-средби меѓу стопанственици од двата региона. Во стопанската делегација од Прилеп имаше претставници од „Витаминка", „Дониа", Тутунски комбинат, Конфекцијата „Кули", „Викели", „Водовод и канализација", „Леоне", ЦНЦ Еко Кон - Скопје и новинар од ТВ„Канал визија". За продолжување на соработката и подобро запознавање со ресурсите на прилепскиот регион, договорено е делегација од Чернигив да ја посети Македонија и градот Прилеп во април 2012 година.

**14.12.2011 година**

**Регионална комора со седиште во Скопје со предлог - ЗАДОЛЖНИЦАТА ДА НЕ СЕ ЗАВЕРУВА НА НОТАР!**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје, на седницата со која раководеше претседателот д-р Горан Рафајловски, расправаше за Нацрт-генералниот урбанистички план на град Скопје. Нацрт-планот го образложи Марија Петроска, самостоен советник од Стопанската комора на Македонија, која членовите ги запозна со новините кои се предлагаат во новиот ГУП. Сите присутни се вклучија во дискусија за оваа исклучително важна тема, а посебно се дискутираше за зелените пазари. Членовите на УО на Комората сметааат дека не треба да им се одземаат зелените пазари на сопствениците,туку предлагаат да се изградат покриени пазари кои ќе бидат направени по сите стандарди. На седницата се водеше расправа и за одредени теми од областа на финансискиотсектор. Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје преку Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија ќе побара од банките да се изврши репрограмирање на досегашните деловни кредити и да се зголеми рокот на нивното враќање од 5 на 10 години.Покрај тоа, побарано е Задолжницата, инструмент кој се воведува за наплата на долговите, додека не се изнајде друг, да не биде заверувана на нотар.

**17-18.12.2011 година**

**Одржан првиот Саем на трудот во Штип - СРЕДБА НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА И НЕВРАБОТЕНИТЕ**

На 17 и 18 декември 2011 година во Штип се одржа првиот Саем на трудот на којшто учествуваа повеќе компании од Источниот плански регион, а свои штандови имаа и Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Стопанската комора на Македонија, Агенцијата за вработување на РМ и Центарот за развој на Источниот плански регион. Со свој штанд како еден од партнерите на овој настан се претстави и Стопанската комора на Македонија, преку Регионалната комора со седиште во Кочани. На присутните посетители им беа поделени брошури: Како да се започне и управува бизнисот, а посетителите беа информирани за активностите на Комората. На вториот ден на Саемот претставник на Комората учествуваше на трибината: „Саеми на трудот – активни мерки за вработување, самовработување и преквалификација на невработените".Оваа саемска манифестација, која се одржува за прв пат, е дел од Проектот кој се спроведува како дел од Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015 година, а има за цел на настанот да дојде до средба на бизнис-заедницата, односно работодавачите и невработените лица од планскиот регион.

**20.12.2011 година**

**Почна со работа Регионалната канцеларија на Стопанската комора на Македонија во Охрид - ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ БИЗНИС**

Во соработка со Општина Охрид, во просториите на Секторот за туризам и локален економски развој, почна со работа Регионалната канцеларија на Стопанската комора на Македонија.Преку заедничка соработка на Општина Охрид, Комората и локалните бизниси, се настојува за подобрување на бизнис-климата на локално ниво, интернационализација на малите и средни претпријатија од регионот и поддршка на профитно и непрофитно ориентираните асоцијации. Регионалната комора ќе го обезбеди првиот контакт со претставниците на бизнис-секторот и со поддршка на коморските оперативни услуги ќе помогне во развојот на приватниот сектор.

**21.12.2011 година**

**Седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп во компанијата „Комфи Ангел" - ЗАДОЛЖНИЦАТА ДА ВАЖИ И ЗА ЈАВНИОТ СЕКТОР!**



На 16.12.2011 година, во конфекцијата „Комфи Ангел"се одржа XVIII проширена седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп, на којашто присуствуше и градоначалникот на Општина Прилеп, Марјан Ристески. На седницата на Управниот одбор се расправаше за реализацијата на заклучоците од предходните седници. При тоа, посебно се разгледуваа стратешките заклучоци за регионот од областа на инраструктурата: изградбата на автопатот Велес - Прилеп, хидроцентралите Чебрен и Галиште, технолошко-индустриските зони Алинци и Металец, регионалниот гасовод, реконструкцијата на железничката пруга Битола - Прилеп - Велес и др. Управниот одбор расправаше и за актуелните состојби во стопанството во регионот и влијанието на должничката криза од соседството и пошироко, а притоа разгледа и предлог-мерки и заклучоци за подобрување на условите за стопанисување во 2012 година.Поради големата неликвидност

на компаниите, посебно се издвојува заклучокот што ќе се достави до Владата на Република Македонија во врска со повратот на ДДВ и компензација на побарувањата по основ на ДДВ со новите обврски за плаќање за увоз на репроматеријали и суровини наменети за извозните производи. На седницата, на предлог на градоначалникот Марјан Ристески, Управниот одбор едногласно ја прифати листата на лица од Регионалната комора за постојани членови во Економскиот совет на Општина Прилеп и тоа: Сашо Наумоски, Горан Попоски, Ристо Најдоски, Ирена Јакимоска и Тони Златески. Под точката разно се расправаше за задолжницата како инструмент за присилна наплата на побарувањата и подобрување на ликвидноста на компаниите, што од страна на Управниот одбор се прифаќа, но со посебно барање истата да важи и да се применува и за јавните институции и министерствата при Владата на Република Македонија, во спротивно, со активирањето на задолжницата многу компании кои имаат побарувања од јавните институции ќе бидат блокирани и не ќе можат да продолжат со работа.

## 23 МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ НА КОМОРАТА ВО РАМКИ НА ПРОГРАМИ, ПРОЕКТИ И ИНИЦИЈАТИВИ

**22.02.2011 година**

**Нетарифните административни бариери ја забавуваат трговската размена меѓу Република Македонија и Република Србија - МЕСТО ПРЕЧКИ, ДА КРЕИРАМЕ ЗАЕДНИЧКИ ПРОИЗВОДИ ЗА ИЗВОЗ**




Презентацијата на српските компании-производители на земјоделски машини, комунална опрема и процесна опрема за прехранбената индустрија во Стопанската комора на Македонија отвори и расправа за меѓусебните трговски односи.Трговската размена не треба да биде единствен начин на економска соработка меѓу Македонија и Србија. Мора да се интензивира заедничкиот настап на трети пазари и реализирањето заеднички проекти, за што реално има оргомен потенцијал, беше речено во Стопанската комора на Македонија, каде што презентација одржаа српски компании, производители на земјоделска механизација (22.2.2011 година).

**24.02.2011 година**

**Одржано Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори - АПЕЛ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ ТЕНЗИИ ВО АРАПСКИТЕ ЗЕМЈИ**

На 24 февруари 2011 година, во Софија, Република Бугарија, се одржа Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК), со коешто претседаваше Цветан Симеонов, претседател на Трговско-индустриската коморана Бугарија. Асоцијацијата ја сочинуваат националните стопански комори на Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Кипар, Македонија, Романија, Србија, Турција и Црна Гора. Разгледувајќи ги најбитните прашања поврзани со заедничките активности во рамките на коморите и можностите за заедничко дејствување заради подобрување на економската состојба во регионот и можностите за заедничка соработка, учесниците на Генералното собрание потпишаа заедничка Декларација, во којашто, покрај заедничките цели за надминување на проблемите на регионален план, содржана е и волјата на сите членки на АБК за намалување на политичките и социјалните тензии во земјите од Северна Африка и регионот на Средоземното Море, меѓу другото, и заради непречен развој на економските односи со земјите од балканскиот регион. Преку заедничката Декларација, насочена кон владите на државите од балканскиот регион, претставниците на Асоцијацијата на балканските комори ќе се залагаат за намалување на „сивата“ економија и корупцијата, намалување на административните бариери за развој на претприемништвото, интензивирање на активностите за отстранување на

тарифните и нетарифните бариери во согласност со ЦЕФТА-договорот, намалување на последиците од економската криза, подобрување и развој на инфраструктурата во регионот, преку имплементација на заедничките регионални проекти, како и имплементација на ефикасни и ефективни програми за борба против невработеноста.

**9.3.2011 година**

## Клуб на фирми за соработка со Франција и франкофонските земји - МАЛА СТОПАНСКА СОРАБОТКА СО МАКЕДОНИЈА, НЕОПХОДНИ ЗНАЧИТЕЛНО ПОВЕЌЕ КОНТАКТИ



Под раководство на д-р Јитка Пантучкова се одржа петтиот состанок на Клубот на фирми за соработка со Франција и франкофонските земји. На седницата присуствуваа членовите на Клубот, претставници на Амбасадата на Франција во Скопје, претставник на Министерството за надворешни работи и претставници на фирми заинтересирани за соработка со Франција и франкофонските земји. Присутните разговара за  следните прашања:  1. Француското присуство во Македонија и во регионот, за што своеизлагање по ова прашање имаше Жан-Мари Белат, регионален трговски советник со седиште во Софија. Тој истакна конкретни податоци за обемот на економската соработка на Франција со регионот на Балканот и посебно со Македонија; 2. Можноста за изучување на францускиот јазик преку понудата на Францускиот културен центар во Скопје. За ова прашање презентација имаше господинот Жан-Ив Лавоар, советник за културна соработка во Амбасадата на Франција и директор на Францускиот културен центар во Скопје, кој ги истакна можностите што ги нуди Центарот за изучување на францускиот јазик за потребите на бизнисот.

**4.3.2011 година**

## Средба на македонски компании со потпретседателот на Владата на АП Војводина, Иштван Пастор и презентација на Новосадскиот саем - РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ОДГОВОР НА КРИЗАТА




Во тешките времиња на националните економии, зафатени пред се` од негативните тенденции во земјоделската и прехранбената индустрија и постојаниот раст на цените на храната на светско ниво, директноста во комуникацијата, отвореноста и соработката се клучни фактори за ублажување на последиците од кризата и нивно надминување.Ова е пораката од средбата на македонските компании со потпретседателот на Владата на Војводина, Иштван Пастор, одржана во Стопанската комора на Македонија (4.3.2011 година). На средбата учествуваа и амбасадорот на Р.Србија во Р. Македонија Томислав Ѓурин, претставници од министерствата за надворешни работи и за земјоделство и водостопанство. Во иднина позасилено треба да работиме на создавање на регионални производи во реалниот сектор, услугите, финансиите, инфраструктурата и промоцијата на националните економии. За оваа фаза на регионална економска консолидација, иницијативата на бизнис-заедницата е круцијална, но неопходно е тоа да биде и во листата на политичките приоритети - без таа логистика тешко дека ќе се стигне до целта. А целта е преку регионалната соработка да се олесни и да се забрза процесот на евроинтеграциите,- истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. Со оглед на високиот трговски дефицит на македонска страна, Антони Пешев ја нагласи потребата од поинтензивен настап на македонските компании на српскиот пазар, а со тоа и на пазарот во Војводина, што ќе придонесе до избалансирање во вкупната трговска размена. Дел од присутните македонски

компании ја истакнаа потребата од интегрирање на македонската стоковна понуда на Агро Берзата во Војводина и поедноставување на процедурите за складиштење, со цел непречено тргување со земјоделски и прехранбени производи.

**17.3.2011 година**

**Стопанската комора на Македонија и другите деловни асоцијации од земјава потпишаа Меморандум за разбирање со девет стопански комори од Велика Британија - ОТВОРЕН ПАТОТ ЗА ДИРЕКТНИ КОНТАКТИ НА БИЗНИСОТ**

Со цел подобро запознавање, унапредување на односите, интензивирање на бизнис-контактите и реализирање на повеќе инвестиции,Стопанската комора на Македонија и другите деловни асоцијации од земјава потпишаа Меморандум за разбирање со девет стопански комори од Велика Британија (17.3.2011 година). Велика Британија годинава првпат се наоѓа во групата пет држави со кои Македонија има најголема трговска размена, но економската соработка на двете земји се` уште далеку заостанува зад реалните можности. Туризмот, земјоделството, металната и прехранбената индустрија се секторите со најголем потенцијал за соработка. Македонија е посебно атрактивна зашто нуди евтин, но висококвалификуван кадар и има потенцијал да привлече британски инвестиции. Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, оцени дека Македонија не е крупен играч, но може да биде значаен во пополнување на празнините во британската економија и тука треба да го бара својот простор. Малата трговска размена со голем трговски дефицит на македонска страна треба да биде поттик за воспоставување нов приод за соработка. - Македонија е една од последните земји во регионот која нуди висококвалификувана работна сила по се` уште ниски цени, што е добар потенцијал и за што е доказ инвестицијата на „Џонсон Мети“, рече Антони Пешев на прес-конференцијата по потпишувањето на Меморандум за разбирање со девет стопански комори од Велика Британија.

**17.3.2011 година**

**Во Белград, Република Србија, формирана Меѓукоморска ЦЕФТА-работна група за осигурување - ПОСТЕПЕНА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА РЕГУЛАТИВАТА И УКИНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ БАРИЕРИ**

Формирањето на Меѓукоморската ЦЕФТА-работна група за осигурување претставува сигнал дека потписничките се активни и во областа на услугите. Во овој случај, согледувањето на можностите и ограничувањата за постепена либерализација на пазарот на осигурување, во голема мера зависи од соработката на членките на ЦЕФТА, со оглед на различната брзина на приближување на сите потписнички на Договорот кон Европската унија, – беше оценето на првиот состанок на Меѓукоморската ЦЕФТА-работна група за осигурување, одржан во Стопанската комора на Србија на 17.3.2011 година.ЦЕФТА-работната група за осигурување е формирана со цел да се согледаат регулативата, отворените прашања и ограничувањата за работата и достапноста  на осигурителните услуги во зоната на ЦЕФТА. Од неа се очекува да предлага мерки за постепена либерализација на регулативата и укинување на административните бариери, доколку постојат.Работната група ја усвои Програмата за работа за 2011 година, која ги вклучува активностите за либерализација на работите на соосигурување во рамките на осигурувањето, либерализација на услугите и актуарите и услугите за посредување во осигурувањето.

**21-25.3.2011 година**

**Едукативен семинар за ЦЕФТА-експертите од стопанските комори од земјите од Западен Балкан во Брисел - НЕОПХОДНО ДИРЕКТНО ПРИСУСТВО И ЛОБИРАЊЕ ВО ЦЕНТАРОТ НА ЕВРОПСКИТЕ СЛУЧУВАЊА**



Во рамките на партнерскиот Проект ЦЕФТА-ДИХК, во периодот од 21 до 25 март 2011 година, во Брисел, Белгија, се одржа едукативен семинар за ЦЕФТА-експертите од стопанските комори од земјите од Западен Балкан.Од страна на ЦЕФТА-секретаријатот со седиште во Брисел,

беа презентирани преземените активности во минатиот период и идните чекори кои треба да ги преземе секоја влада во регионот за целосна имплементација на Договорот за слободна трговија. ЦЕФТА 2006 е модерен договор којшто ги хармонизира правилата за трговија во регионот и инкорпорира нови обврски и пазарни услови. Освен слободната трговија, предвидува во наредниот период и отворање на нови поглавја во процесот на целосно економско интегрирање на регионот и негово побрзо вклучување во европското семејство.Така, во скоро време, се очекува да отпочнат преговорите за ратификација за постепена либерализација на трговијата со услуги, пазарот за јавни набавки, изедначување на критериумите за инвестирање и конкурентност, обезбедување еднаков третман на домашните и инвеститорите од регионот, заштита на интелектуалната сопственост итн. Беа поздравени донесените мерки за слободна трговија со земјоделски производи и постепено намалување на увозните царински давачки за дел од индустриските производи, како и се охрабруваат напорите за отстранување на нетарифните и техничките бариери кои го обременуваат слободниот проток на стоки и услуги. Главна улога на коморските претставништва е да ги застапува интересите на бизнис-заедницата пред институциите на Европската унија. Тоа го вршат преку дисеминација на информации за актуелни ЕУ-директиви и регулативи, изнаоѓање странски партнери, презентација на националните стопанства, учество во ЕУ-проекти и користење на средства од ЕУ-фондови, организирање обуки и стручни семинари, лобирање и застапување, вмрежување со релевантни ЕУ-институции и други асоцијации, поддршка на компаниите во нивната подготовка за интеграција во единствениот ЕУ-пазар итн.

**24.3.2011 година**

**Клуб за соработка со земјите од Блискиот Исток и Магреб за претстојната јунска посета на висока државна и стопанска делегација од Катар - ПОПИС НА ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ ЗА КАТАРСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**



Компаниите целосно ја поддржаа Стопанската комора на Македонија во иницијативата на запознавање на Катарската трговска и индустриска комора и Асоцијацијата на катарските инвеститори со инвестициони проекти на членките на најстарата и најбројната бизнис-асоцијација во земјава. Оваа иницијатива треба да се реализира при официјалната посета на емирот на Катар, Шеик Амад Бин Калифа Ал Танки на Република Македонија, во почетокот на јуни месец годинава, во придружба на Катарскиот инвестициски фонд и бизнисмени здружени во Комората и Асоцијацијата. На состанокот на Клубот за соработка со земјите од Блискиот Исток и Магреб во Стопанската комора на Македонија е договорено, компаниите, на унифициран формулар подготвен од Комората, да доставаат резимеа на проектите до 10 април 2011 година, кои ќе бидат проследени до катарските партнерски организации, заедно со проектните документи. Се очекува, со ваков проактивен однос – промоција на македонските инвестициони можности пред приватниот сектор на Катар, да се олесни непосредната комуникација со потенцијалните партнери и пред официјалната посета, но и да и` се помогне на катарската страна да ја профилира бизнис-делегацијата согласно конкретните интреси.

**27-30.03.2011 година**

**Што покажа Меѓународната трговска академија Erochambres што се одржа во Брисел кон крајот на март? - ЕВРОПСКАТА ЕКОНОМСКА ДИПЛОМАТИЈА СО НОВА СТРАТЕГИЈА**

Асоцијацијата на европски комори – EUROCHAMBRES, во периодот од 27 до 30 март 2011 година, во Брисел, по осми пат, организираше Трговска академија, фокусирана на трговската политика и интернационализација на услугите. Академскиот форум создаде платформа за анализа и евалуација на последните трендови и развои во меѓународната трговија, царинските прашања, како и идентификување на најдобрите практики за коморите. Оваа Академија добива

на своето значење и со самиот податок дека за прв пат имаше присуство на претставници од коморите и други бизнис-асоцијации од 26 земји (Аргентина, Азербејџан, Ерменија, Белорусија, Белгија, Боливија, Босна и Херцеговина, Коста Рика, Хрватска, Финска, Македонија, Грузија, Германија, Индија, Италија, Јордан, Луксембург, Мексико, Молдавија, Црна Гора, Холандија, Перу, Србија, Тунис, Турција и Украина).Според информациите од EUROCHAMBRES, проблемите со коишто во овој момент најмногу се соочува економијата на Европа, се врзани за пазарите во развој преку зголемена конкурентност, губење на пазарниот удел на брзо растечките пазари, отстранување на технолошкиот јаз, економската криза која доведува до зголемен протекционизам, раст на нетарифните бариери и фалсификувања, како и релативната слабост на малите и средни претпријатија од ЕУ на глобалните пазари. Предизвиците, како што се: земји во развој, раст на трговскиот дефицит, конкурентноста, МСП и интернационализацијата, водат кон нова стратегија, која ќе се спроведува преку европската економска дипломатија (европски бизнис-центри и европски комори во светот). Идентификување на најдобрите практики за коморите, беше една од целите на Академијата, за што сите претставници имаа можност да презентираат по една иновативна трговска услуга. Голем дел од презентираните услуги се веќе составен дел од секојдневното работење на сите комори, вклучувајќи ја и Стопанската комора на Македонија, која во оваа прилика ја презентираше својата најнова услуга – Имплементација на развојни идеи, услуга која се изработува во соработка со Групацијата на консултанти во рамки на Комората.

**21.4.2011 година**

**Регулаторното тело за информациски и комуникациски технологии на Република Турција во посета на Стопанската комора на Македонија - ВОСПОСТАВЕН ЛИНКОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ИКТ-ИНДУСТРИЈАТА**



Иако Република Турција е наш традиционален трговски партнер, со жалење може да се констатира неприсутноста на соработка во ИКТ-секторот меѓу двете земји, – истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија на средбата во Комората (20.4.2011 година) со претставниците на турското Регулаторно тело за информациски и комуникациски технологии. Тоа е изненадување, имајќи предвид колкава е економската соработка на Македонија со Турција во другите индустриски гранки. Нашиот пазар е мал, но можности за соработка има многу, посебно тргнувајќи од податокот дека можеби најголемите инвестиции се токму во телекомуникацискиот сектор, – додаде Пешев. На средбата присуствуваше и директорот на Агенцијата за електронски комуникации,Роберт Ордановски, кој потенцираше дека денешното потпишување на Меморандум за разбирање меѓу АЕК и турското регулаторно тело создава добра подлога за соработка во областа на електронските комуникации. Двете регулаторни тела ќе соработуваат преку размена на информации и искуства за развојот и стратегиите за електронски комуникации, како и размена на податоци од јавен карактер за нивните активности и националните пазари од таа област. Ова подразбира и соработка на делегации на ниво на експерти за одделни прашања кои ќе произлезат од состојбите на одреден пазар.

**1.6.2011 година**

**Претставници на Трговско-индустриската комора на Лорка, од шпанскиот регион Мурсија, во посета на Стопанската комора на Македонија - МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

Регионот Мурсија е главно земјоделски регион, со производство на месо и преработки, особено свинско и говедско, на зеленчук, текстилна индустрија, производство на шалитра, барут, топење на олово и производи и преработки од олово. Извозот на свинско месо и преработки, како и на текстил, доминираат во економијата на Лорка, - истакнаа претставниците од Трговско-индустриската комора на Лорка, Инмацулада Асенсио Диаз, директор на Одделот за меѓународна соработка и Октавио Калдерон Морено, генерален менаџер на Трговската и



консултантска компанија „Алхамбра“. Тие се во обиколка на регионот со цел испитување на можностите за соработка и притоа ја посетија и Стопанската комора на Македонија (30.5.2011 година). Општината Лорка, со цел зајакнување на економијата доделува земјиште за проекти од областа на иновациите и истражувањето, за да се подигнат развојни центри, како и земјиште за унапредување на аграрот. Моментално се доделени 52 хектара за 60 локални претприемнички проекти, 77 хектари за инвестиции кои ќе отворат нови работни места и 132 хектара се доделени на турски и на израелски инвеститори за развој на корпоративни проекти, со кои треба да се развијат пет индустриски паркови.

**7.6.2011 година**

**Клуб на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток, Магреб и од Заливот - БЕЗ ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА МЕДИТЕРАНОТ ДАЛЕКУ ОД МАКЕДОНИЈА**




Надворешно-трговската размена со земјите од Блискиот Исток и Магреб се` уште се одвива инцидентно, без стратегија. Обидите на компаниите да ја зголемат и натаму се опструирани од се` уште невоспоставената преференцијална трговија, од недоволната банкарска поддршка, од недостигот на конвенции за меѓусебно признавање и сложената, скапа процедура за заверка на документи, од визните режими, како и од немањето конзуларно-дипломатски претставништва, беше оценето на седницата на Клубот на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток, Магреб и Заливот (7.6.2011 година). Во работата на седницата учествуваа претставници на Министерството за надворешни работи и на економија, како и на Царинската управа на Република Македонија. Сепак, добар сигнал е тоа што размената изминатиов период не бележи пад. И покрај немирите во Алжир, Египет, Либија, Мароко, Сирија и Тунис, трговската размена со Евромедитеранскиот регион во првиот квартал бележи 63% раст на вкупната трговска размена, раст од 76% во извозот и раст од 59% во увозот. Коморските комуникации со овие земји упатуваат на подготвеност на приватниот сектор да се продолжи со соработка, а некаде и пораките стасуваат од администрацијата, како што е повикот на новиот гувернер на Националната банка на Египет, кон инвеститори и бизнисмени дека се повторно стекнати услови за продолжување или започнување со соработка (февруари 2011 година). Компаниите ја истакнуваат потребата од Владата да се побара преиспитување на процедурата за заверка на документите кои ги следат стоките при извоз, а со цел да се оствари поедноставување, намалување на времетраењето и скусување на трошоците.

**15-16.6.2011 година**

**Што покажа Петтата бизнис-конференција на Југоисточна Европа во Берлин, Германија - „ПРЕМИНУВАЊЕ НА ГРАНИЦАТА – ЈАКНЕЊЕ НА СОРАБОТКАТА“**

- Значителниот број на претставници од владите, стопанските комори и претприемачи, кои учествуваат на оваа конференција, потврдуваат дека треба да се искористи можноста за размена на искуства и поединечно да се изразат потребите, со цел зголемување на идната соработка меѓу германските компании и компаниите од земјите на Југоисточна Европа (ЈИЕ), изјави претседателот на Унијата на германските трговско-индустриски комори – ДИХК, Ханс Хајнрих Дрифтман, при отворањето на Петтата бизнис-конференција на Југоисточна Европа, насловена како „Преминување на границите – јакнење на соработката“.За жал, дводневната Бизнис-конференција, што се одржа во деловните простории на ДИХК во Берлин (15-16 јуни 2011 година), беше обележана со отсуство на високи државни делегации од регионот.

Хрватска, Македонија и Србија не ја искористија можноста, како земјите од соседството да ги промовираат своите потенцијали и да лобираат за поголем настап на германските инвеститори во своите земји. На Конференцијата, покрај бројните германски компании, присуствуваа делегации од Косово, Бугарија, Албанија, Романија, Црна Гора и БиХ.Според германскиот министер за економска соработка и развој, Дирк Нибел, регионот на Југоисточна Европа има голем потенцијал и перспектива. Клучните поенти кои беа потенцирани на Конференцијата се однесуваа на: натамошно проширување на соработката со Германија како клучен надворешно-трговски партнер на земјите од регионот; движење во насока на натамошното проширување на ЕУ, за што треба поголема ангажираност од страна на владите и усогласување на домашната легислатива со легислативата на Унијата, во правец на привлекување на странски инвестиции; инвестиции во транспортната мрежа, изградба и реконструкција на патната инфраструктура, за да се привлечат повеќе инвестиции. Според зборовите на веќе присутните германски инвеститори во регионот, за нив тоа би значело намалени транспортни трошоци, време и средства; соодветно стручно образование, збогатено со пракса во соодветни компании - клучен елемент за натамошен развој.

**28.6.2011 година**

**Соработка со Австралиско-македонската стопанска комора - ЗАЕДНИЧКА ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО ПРЕД АВСТРАЛИСКАТА ДЕЛОВНА ЈАВНОСТ**

Австралиско-македонската комора, основана и со поддршката на Стопанската комора на Македонија, освен што ја промовира македонската економија меѓу нашите иселеници, таа може да се стави во функција на промотор на македонските стопански потенцијали пред целата австралиска деловна заедница, информираше Јове Стојановски, член на Управниот одбор на Австралиско-македонската комора при постетата на Стопанската комора на Македонија (28.6.2011 година). - Во Австралија е стасана втора генерација на едуцирани млади луѓе, а во последните години и многу образовани млади луѓе од Македонија се иселија во Австралија, кои се вработени во значајни австралиски компании, банки, универзитети. Оваа заедница има потреба од стопански и други информации од Македонија и таа може да даде квалитативно различен придонес во развојот на билатералните стопански односи, но и во економската соработка со трети пазари.

**1.9.2011 година**

**Средба на Сафет Ѓерѓалиу, претседател на Стопанската комора на Косово со македонски фирми - извозници во Република Косово - ТРАЈНИ И ДОЛГОРОЧНИ РЕШЕНИЈА ВО ПРАВЕЦ НА УШТЕ ПОВИСОКА РАЗМЕНА**



Профункционирање на Мешовитиот економски комитет меѓу Република Македонија и Република Косово, изградба на автопатот Приштина - Скопје, модернизирање на граничниот премин Јажинце, како и изградба на нови премини со цел интензивирање на размената, се дел од барањата на бизнисмените изнесени на работната средба на Сафет Ѓерѓалиу, претседател на Стопанската комора на Косово, со македонските извозници во Република Косово, што се одржа во Стопанската комора на Македонија (1.9.2011 година).Бараме и воведување заедничка царинска и гранична контрола кон Косово. Една од клучните сугестии пред владите на двете земји ќе биде препораката за заеднички настап на Македонија, Црна Гора, Албанија и Косово пред ЕУ-фондовите за добивање пари за инфраструктура, - истакна Азески. Сафет Ѓерѓалиу им порача на македонските компании не само да ја искористат актуелната ситуација на Косово за остварување поголем профит, туку и да преземат активности за нивно долгорочно етаблирање на косовскиот пазар особено откако е воведена забраната на увоз на стоки од Србија и царинската давачка од 10 отсто при увозот на стоки од БиХ. Особено е значајно, како што

нагласи гостинот, да се оствари економска соработка во правец на повисоки облици на заедничко производство.

**23.9.2011 година**

**Најголемите македонски компании во Солун ја ковертираа својата заинтересираност - УЧЕСТВО ВО ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА СОЛУНСКОТО ПРИСТАНИШТЕ**



Десетина најголеми македонски компании, преку својата асоцијација Стопанската комора на Македонија, во Трговско-индустриската комора на Солун ја искажаа својата намера да учествуваат во приватизацијата на Солунското пристаниште. Оваа желба на дел од македонскот стопанство, Бранко Азески, претседател на најстарата и најбројната деловна асоцијација во Македонија, му ја соопшти на својот домаќин Димитриос Бакацелос на средбата во Трговско-индустриската комора во Солун.За нас секоја информација околу претстојната приватизација на пристаништето е значајна и се надеваме дека ќе имаме помош во тој правец и од овдешната комора. Димитриос Бакацелос, претседател на Трговско-индустриската комора на Солун, спомена дека приватизацијата на пристаништето е и обврска која грчката Влада је преземала и пред Европската унија.Тоа е задача која мора да се заврши брзо, но се` уште не се знае дали ќе биде тоа во првиот бран на приватизацијата што се подготвува во Грција. Во разговорите со своите домаќини во Солун, Бранко Азески го потегна и прашањето на штрајковите на граничните премини и во пристаништето, од кои големи штети трпат и македонските компании, но и грчкиот бизнис кој е многу присутен во Република Македонија. Работата на коморите е постојано да лобираат и да се активни кај своите влади за да се отстранат сите пречки кои стојат на патот за слободен проток на капиталот, стоката и луѓето.

**4.10.2011 година**

**Завршна конференција на Проектот “Зајакнување на малите и средни претпријатија – пат кон економски раст и пристапување кон ЕУ“ - РЕГИОНАЛНИ ИНФО-ПУЛТОВИ ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР**

Стопанската комора на Македонија и Регионалната комора на Братислава при Трговско-индустриската комора на Словачка организираа завршна конференција на Проектот „Зајакнување на малите и средни претпријатија – пат кон економски раст и пристапување кон



ЕУ“. Завршната конференција се одржа во просториите на Делегацијата на Европската унија во Скопје (4.10.2011 година). Проектот којшто е финансиран од Словачката агенција за развој и меѓународна соработка (SlovakAid) е раководен од Регионалната комора на Братислава при Словачката трговско-индустриска комора, а Стопанската комора на Македонија е главен партнер, преку која се пренесуваат бенефитите до претприемничката заедница и на другите бизнис-организации. Овој проект, кој е во завршна фаза, има за цел да им обезбеди на македонските партнери словачки искуства и експертиза за интеграција во ЕУ, развој на пазарот и на бизнис-амбиентот преку проверени мерки за поддршка на претприемништвото, подобрување на бизнис-климата, интернационализација на МСП и поддршка на бизнис-организациите.Една од компонентите на Проектот е основање на бизнис-центри, т.е. регионални инфо-пултови за поддршка на претприемачите во регионите.

Тие се лоцирани во регионалните комори во Скопје, Кочани, Битола, како и во општините Неготино и Охрид. На завршната конференција беа потпишани договорите за формирањето на овие пултови. Освен поставувањето на инфо-пултовите, има и обучени луѓе кои ги обезбедуваат услугите во регионите.

**6.10.2011 година**

**Менаџментот на Солунското пристаниште на средба во Стопанската комора на Македонија - НЕОПХОДНА ЗГОЛЕМЕНА ЕФИКАСНОСТ ВО ПРОТОКОТ НА СТОКИ И РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ**

По повод учеството на Првиот меѓународен саем за транспорт и логистика на Скопскиот саем (од 5 до 8 октомври 2011 година), претставници на менаџментот на Солунското пристаниште, на нивно барање, се сретнаа со Бранко Азески, претседател Стопанската комора на Македонија. Констатинос Папајоану, потпретседател на Бордот, Емануил Михалидис,




генерален директор, Милитиадис Арванитидис, раководител на маркетинг и продажба и одговорен за соработка со македонските компании и Џорџ Вангелис, консултант на претседателот на Бордот и на генералниот директор. На средбата во Стопанската комора на Македонија изразија подготвеност за натамошно унапредување на услугите на Пристаништето со цел зголемување на ефикасноста на протокот на стоки и рационализирање на трошоците. Нашата соработка со македонските клиенти е одлична и ние сакаме да ја прошириме. Но, секој еден од нашите вработени е свесен дека Пристаништето го надминува билатералното значење. Ние сме свесни за регионалното значење на Пристаништето и во тој правец го гледаме нашиот натамошен развој, - нагласи Констатинос Папајоану. Тој, воедно, изрази благодарност на Стопанската комора на Македонија за сите активности и иницијативи кои влијаеја за да се воспостави комуникација меѓу менаџментот и македонските компании, со цел унапредување на услугите, како и за поддршка во промовирањето на Пристаништето. Пристаништето планира да ја осовремени и да ја зајакне манипулативната опрема, како и делот за контејнерски сообраќај.Взаемноста на интересите и работата на македонските компании и Пристаништето во Солун се традиционални и геофизички и геостратешки неизбежни, – нагласи на средбата Бранко Азески.

**18.10.2011 година**

**ЦЕФТА-форум во Сараево – Што се расправаше и што се заклучи на работните групи? - ПРОТОЧНИ ГРАНИЦИ КАКО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА!**




Неделата на ЦЕФТА беше организирана во Сараево, во Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина. Притоа, на 11.10.2011 година се одржа состанок на работните групи за земјоделство и прехранбена индустрија, царински и нетарифни бариери, дијагонална комулација и на Работната група за осигурување. Во работните групи учествуваа и претставници на Стопанската комора на Македонија. Изразено беше задоволството од фактот што веќе подолг период нема појава на нови бариери

во регионот. Но, истовремено, беше потенцирано дека фирмите веќе се навикнале на постојните бариери и функционираат според нив, што претставува предизвик за целосно отстранување на овие бариери и овозможување на економска соработка согласно ЦЕФТА-договорот.Работната група потенцираше дека меѓусебно непризнавањето на сертификатите за квалитет (санитарни, фитосанитарни и сертификација за индустриски производи - кои се предмет на националните прописи), претставуваат сериозна пречка за економијата и размената во регионот. Тоа треба да се реши со склучување на соодветни билатерални и мултилатерални договори, со воспоставување на соодветни критериуми. Работната група за земјоделство ги донесе следните Заклучоци:стопанските комори ги поздравуваат и ги поддржуваат активностите за обезбедување на натамошна либерализација на земјоделско-прехранбените производи, со што се зголемува трговската размена во регионот; самиот влез на Хрватска во Европската унија и нејзиното влијание во надворешно-трговската размена во регионот, директно ќе зависи од прилагодувањето на законодавството на земјите-потписнични на ЦЕФТА со законодавството на ЕУ; доследна примена на ЦЕФТА-спогодбата меѓу земјите-потписнички;објективно согледување на проблемите околу царинските и нецаринските тарифни бариери во ЦЕФТА-регионот, како и пронаоѓање на ефективни решенија за укинување на постојните и спречување на појава на нови бариери кои би ја намалиле размената во регионот.На состанок на Работната група за осигурување, потпретседателот на Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина, Амир Зукич, изрази надеж дека наредниот период ќе биде период за натамошна либерализација на осигурувањето во ЦЕФТА-регионот.

**19.10.2011 година**

**Кооперативна едукација на ТОББ ЕДУ ќе се применува меѓу членките на Стопанската комора на Македонија - ТУРСКИ СТУДЕНТИ НА ПРАКТИЧНА ОБУКА ВО КОМОРАТА И ВО МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ**

Стопанската комора на Македонија ја поддржува иницијативата за соработка со ТОББ - Унијата на комори и берзи на Република Турција за новиот проект ТОББ ЕТУ – (TOBB ETU) - Модел на кооперативна едукација со TOBB Универзитетот за економија и технологија. Универзитетот го спроведува Моделот на кооперативна едукација (Ко-оп модел) шест години и истиот модел е развиен според сличен тип на програми кои се спроведуваат во развиените земји.Според наставната програма на ТОББ ЕТУ, студентите мора да го завршат задолжителниот Ко-оп модел за да дипломираат. Во текот на практичната обука студентите треба да се целосно во согласност со дисциплината и принципите на работа на нивнотото работно место.

**23.11.2011 година**

**Генерално собрание на Асоцијацијата на балканските комори во Софија - ДОВЕРБАТА МЕЃУ ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР МОЖЕ ДА ОБЕЗБЕДИ РАЗВОЈ И ВО УСЛОВИ НА КРИЗА**

Регионална и прекугранична соработка, соработка со слични организации, соработка во рамките на Дунавската стратегија, унапредување на соработката со медитеранскиот басен, поттикнување на женското претприемништво и унапредување на инвестициите - се некои од инструментите за ублажување на ефектите од економската криза во 2012 година – се сложија претставниците на националните комори на Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Кипар, Македонија, Романија, Србија, Турција и Црна Гора на состанокот на Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори, што се одржа на 23 ноември 2011 година во Софија. Со цел да се обезбеди силен, одржлив и избалансиран раст, сите членки на Асоцијацијата на балканските комори се сложија дека коморите треба да укажуваат на економските нарушувања и слабости во однос на одговорноста на политиките и тесно да соработуваат со слични, но и со владини организации. Претставниците на Асоцијацијата на балканските комори од Софија инсистираат намалување на административните бариери и разните оптоварувања на бизнисите, вклучувајќи го и отстранувањето на тарифните и нетарифните бариери согласно Договорот ЦЕФТА 2006. Паралелно со Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори се одржа и тркалезна маса на тема: „Еднакви можности на пазарот на трудот“. Целта беше, всушност, на регионално ниво да се охрабри женското претприемништво. Денес во Европа женското претпиемништво учествува само со 30

отсто во вкупниот број на претприемачи, па затоа треба да се поттикне како една од алатките за намалување на невработеноста и фактор којшто ќе влијае на унапредување на националните и регионалните економии. Во рамките на Асоцијацијата на балканските комори основан е Совет за женското претприемништво, кој треба да влијае врз негово поттикнување на ниво на регионот, како и негово вмрежување и унапредување, согласно принципите за родова еднаквост на ЕУ. М-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанската комора на Македонија и Ирена Јакимовска, косопственик на компанијата „Комфи-ангел“ од Прилеп, ја претставуваа Стопанската комора на Македонија на Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори во Софија, Република Бугарија.

**15.12.2011 година**

**Германските инвестиции се развоен фактор на земјите од ЦЕФТА, но... - РЕИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА И ОБЕДИНУВАЊЕ НА РЕГИОНОТ ЗА ДА СТАНЕ ТРГОВСКИ ПАРТНЕР НА ЕУ**




- До сега, во регионот, странските инвестиции главно беа во приватизација на финансискиот сектор и во услугите. Но, за да може регионот да оди кон побрз развој, за да стане економски партнер на ЕУ, неопходни се услови за создавање на регионални производи, инвестиции со извозен карактер и инвестиции за технолошки развој. Тоа е еден од начините да пристапиме кон реиндустријализација на регионот врз основа на принципите на ЕУ-агендата за 2020 година. Затоа, потребно е сите проекти за поддршка на економската трансформација на регионот, на ОЕЦД, Светската банка, Европската банка за поддршка и развој и други институции, да ги изведеме до крај, во тесно приватно-јавно партнерство и самите да бидеме иницијатори за нови проекти.Ова го порача Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија на исклучително посетената конференција на тема: „Германски инвестиции – развоен фактор за ЦЕФТА-регионот“, што се одржа во скопскиот хотел „Холидеј Ин“. На овој собир беше отворено прашањето дали ЦЕФТА-регионот е доволно провокативна инвестициона дестинација не само за германските инвестиции, туку и за други странски и домашни инвестиции и дали и до кое ниво е постигната имплементацијата на ЦЕФТА 2006, за да се креираат привлечни услови за инвестирање? За да се создаде регионален производ, регионален кластер, како услов за привлекување странски инвестиции на ниво на регионот ќе треба да се определи кои се секторите кои имаат услови за изградување конкурентност. Регионот има потреба и од регионална финансиска институција која ќе ги поддржи трговијата и инвестициите. Фактор за привлекување инвестици е и транспортната инфраструктура, - нагласи Азески.Валон Сараќини, министер за економија во Владата на Република Македонија, оцени дека влијанието на ЦЕФТА 2006 врз регионалната трговија е многустрано. А, натамошниот напредок членките треба да го остварат во привлекување на странски капаитал и во меѓусебно инвестирање на земјите од ЦЕФТА, што во изминатиот период е незначително. Напредок се очекува и во зголемување на конкурентноста поединечно и во рамките на регионот, како и во либерализација на услугите и дијагоналната кумулација на потеклото на стоките со вклучување на пан-евро-медитеранската кумулација, што во значајни рамки ќе придонесе за придвижување на земјите-членки и на целиот регион во напорите за

интегрирање во ЕУ, - додаде Сараќини. Износот на германските инвестиции во земјите од ЦЕФТА-регионот може да се зголеми со поголемо партнерство и соработка меѓу малите и средни компании. Германските инвеститори сакаат да вложуваат во држави со подобра бизнис-клима во делот на административните процедури и сертифицирањето, без ризични зделки и без корупција, - ова се дел од оценките на бизнис-заедница од Унијата на германските трговско-индустриски комори што беа изнесени на Конференцијата. Во сите анкети што сме ги направиле кај претпријатијата, најголеми проблеми секогаш се административните, сертифицирањето и корупцијата. Но, тоа не е случај само во Македонија, туку во земјите во целиот регион. Тука има различни култури и деловни етики,рече Тобијас Бауман, претставник на Германската комора, одговарајќи на новинарски прашања на прес-конференцијата по отворањето на конференцијата.Тој информираше  дека германските инвестици во Македонија се движат меѓу 30 и 40 милиони евра, во Хрватска 2,5 милијарди евра, а во Србија 1,5 милијарда евра.

**26.12.2011 година**

**Клуб на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток, Магреб и од Заливот - БЕЗ СТРАТЕГИЈА, СКРОМНА РАЗМЕНА**




Процесот на трговска интеграција на земјите од Барселонскиот процес, кои не се членки на ЕУ, да се разбере како дел од процесот на стабилизација и асоцијација, во координација со Секретаријатот за ЕУ интеграции, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи и  Царинската управа,  а со поддршка на бизнис-заедницата. Следејќи ја Одлуката на ЕК, да се отпочне со процес на вклучување во единствениот ЕУ-пазар на Египет, Јордан, Тунис и Мароко, од 14 декември 2011 година (приоритет за отпочнување на преговорите е даден на Египет), да се следат преговорите, што може да послужи како база за формирање на преференцијална листа на производи кои би биле од наш интерес за либерализација.Да се продолжи со воспоставување на билатералната рамка со овие земји како гарант за сигурност на работењето. Има потреба од билатерално регулирање на проблематика која се однесува на областа давање здравствена заштита со кофинансирање на националното здравство. Да се помогне банкарскиот систем во воспоставувањето мрежа на кореспондентски банки од тој регион и систем на осигурување.  Да се преиспита можноста Македонската банка за поддршка на развојот да се докапитализира од страна инвестициони фондови  од тој регион.И понатаму да се работи на либерализација на визните процедури за бизнисмените од Медитеранскиот регион. Да се продолжи со промоција на овие пазари, поддршка на компаниите за да влезат на истите преку запознавање со правната регулатива, сертификација (ХАЛАЛ) и промотивни настани. Во работата на седницата учествуваа македонскиот амбасадор во Каиро, претставници на министерствата за надворешни работи и на економија, Царинската управа на Република Македонија, Дирекција за развојно технолошки зони и ИВЗ.

# ОРГАНИЗИРАНИ 12 БИЗНИС ФОРУМИ, САЕМСКИ МАНИФЕСТАЦИИ И ПРЕЗЕНТАЦИИ ВО ЗЕМЈАТА

**24.3.2011 година**

**Македонско-косовски бизнис-форум - ЗАЕДНИЧКИ ВЛОЖУВАЊА ВО ЕНЕРГЕТСКИ И ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ И НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**



Македонските и косовските стопанственици треба да најдат нови форми за продлабочување на соработката, за заеднички вложувања во инфраструктурни и енергетски проекти и настап на трети пазари.Властите, пак, во двете држави, да ги отстранат постојните бариери, првенствено инфраструктурите, и да создадат поволна бизнис-клима за странски инвестиции во интерес на развој на регионот. Такви пораки упатија претседателите на Македонија и Косово, д-р Ѓорѓе Иванов и Беџет Пацоли, и учесниците на Македонско-косовскиот бизнис-форум, што се одржува во Скопје, во Хотелот „Александар Палас". Пред учесниците на Форумот ги наброаја досегашните активности за подобрување на бизнис-климата во државава и можностите за иневстиции, потенцирајќи ги технолошко-индустриските развојни зони кои според него нудат низа поволности привлечни за инвеститорите во најнапредните индустрии.И двете држави, наведе Пацоли, имаат недостиг од странски инвестиции, за што пак недостига добра законска регулатива. Укажа и на можноста за соработка во областа на енергетиката преку заеднички проекти. Двете економии имаат потреба од унапредување на бизнисот, преку здружен настап на други пазари, не само во ЕУ, туку многу пошироко. Македонија треба да му помогне на Косово, преку заедничкото делување во рамките на ЦЕФТА, за отстранување на нетарифните бариери со кои се соочува реалниот сектор.

**12.5.2011 година**

**Премиерите Виктор Орбан и м-р Никола Груевски се обратија на Македонско-унгарскиот бизнис-форум - СТРАТЕШКА ТРГОВСКА РАЗМЕНА И ИНВЕСТИЦИИ ЗА БАЛАНСИРАЊЕ НА РАЗМЕНАТА**



Премиерите Виктор Орбан и м-р Никола Груевски им се обратија на шеесетина деловни луѓе од двете земји на Македонско-унгарскиот бизнис-форум, што се одржа во Стопанската комора на Македонија. Нашите влади штотуку потпишаа Спогодба за економска соработка меѓу двете земји, што е уште еден формално правен инструмент во функција на унапредување на билатералната економска соработка. Но, одработувањето на агендата на Спогодбата е поголема задача за нас, приватниот сектор, отколку за администрацијата. Затоа, и овој деловен форум го разбираме во контекст на поттикнување на трговската соработка и инвестиции. Особено сме загрижени што station наназад 10 години, Република Македонија со Република Унгарија постојано бележи милионски трговски дефицит и што извозот на стоки не ја надминува вредноста од 8,5 милини САД $. Трговскиот дефицит, којшто минатата година изнесуваше 39 мил. САД $, а во 2008 година изнесуваше 73 мил. САД $, треба да не` поттикне да преземеме конкретни активности со цел нашата трговска размена да биде балансирана, односно таа да има стратешки, а не импулсивни насоки, – истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската

комора на Македонија во обраќањето пред бизнис-заедниците на двете земји. Претседателот на Владата на Република Унгарија, Виктор Орбан, нагласи дека во иднина просперитет ќе имаат земјите кои ќе се одлучат на билатерална соработка и додаде дека Балканот може да биде успешна приказна. Верувам дека овој бизнис-форум ќе вроди со плод и со конкретни договори за соработка меѓу стопанствениците од двете земји, - им порача премиерот Груевски на учесниците на Бизнис-форумот. Како можности за идната соработка ги истакна ИКТ-секторот, автомобилската индустрија, земјоделството, прехранбената индустрија, фармацевтската индустрија, енергетиката и обновливите извори на енергија, градежништвото, туризмот и инфраструктурата.

**16.6.2011 година**

**Македонско-руски бизнис-форум со компании од Вологод - НАДМИНУВАЊЕ НА АКТУЕЛНИТЕ ПРЕЧКИ ЗА ИНТЕНЗИВНА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА**




Скромниот капацитет и неможноста на македонското стопанство да ги покрие руските простори, лошите транспортни врски, високите царини и тврдата позиција на руското законодавство кон македонските производи - се клучните причини поради кои Република Македонија остварува огромен трговски дефицит во размената со Руската Федерација. На Македонско-рускиот бизнис-форум со компании од регионот Вологод (16.6.2011 година), кој го организираа Стопанската комора на Македонија и Македонско-руската стопанска комора, беше нагласено дека овие пречки мора да се надминат, особено затоа што Македонија во ниту еден случај и од никаков аспект не може да ја загрози руската економија. Руските компании да не пробуваат само да продадат на македонскиот пазар, туку и да инвестираат, да изградат капацитети и Македонија да ја искористат како регионален центар за продажба на нивните производи на Балканот, во Турција и во другите поблиски земји што се членки на Европската унија, - апелира претседателот на Регионалната комора со седиште во Скопје, д-р Горан Рафајловски.Според рускиот амбасадор во земјава Олег Николаевич Шчербак, реално постои можност за надминување на актуелните пречки за интензивна економска соработка, како што се високите царини и отсуството на директни сообраќајни линии. Целта на разговорите со деловните луѓе од Македонија се во насока на остварување директни деловни контакти и враќање на пазарите во областа на градежништвото, прехранбената индустрија, винарството, текстилот, кожната и чевларската индустрија, преносот на електрична енергија и трговијата на мало со храна, пијалаци, алкохол и цигари.

**24.6.2011 година**

**Промовиран Меѓународниот саем MADEExpo 2011 – Милано, Италија - ДЕНОВИ НА ДИЗАЈНЕРИ, АРХИТЕКТИ И СТРУЧЊАЦИ ЗА ЕНТЕРИЕРИ**



Стопанската комора на Македонија во соработка со ИЧЕ – Италијанскиот институт за надворешна трговија – Скопје, Економски дел на Амбасадата на Република Италија во Скопје, Федерлегно Арредо – Италија, организираа промоција на MADEExpo 2011 – Милано, Италија. Како што беше истакнато на презентацијата, Саемот што ќе се одржи од 5 до 8 октомври 2011 година, е еден од поголемите саеми во Италија. Со посебно внимание беше проследено и обраќањето на Денис Сантакјара (DenisSantachiara), истакнат дизајнер, познат на меѓународната стручна јавност со своите дела на ентериери и

архитектонски проекти, самостојни изложби, како и предавања и семинари на многу универзитети и институции во светот.

**2.9.2011 година**

**Презентацијата на „Трејд експо Индонезија“ во Стопанската комора на Македонија со порака до овдешните деловни луѓе - ВО ЏАКАРТА ПО НОВИ ПАЗАРИ**




Во функција на подетално запознавање на македонските компании со годинашната саемска манифестација „Трејд експо Индонезија“ беше одржана промоција на Саемот во Стопанската комора на Македонија (2.9.2011 година). Саемот што ќе се одржува од 19 до 23 октомври годинава во Џакарта го претставија директорот Нуса Ека и претставниците од Центарот за трговска промоција на Индонезија со седиште во Будимпешта.Преголемата оддалеченост, скапиот транспорт, отсуството на директна комуникација меѓу компаниите и немањето информации за можностите на бизнис-заедниците се клучните причини за досегашната минимална деловна соработка меѓу Македонија и Индонезија.

**12.9.2011 година**

**Презентиран Саемот „ЕКО ЕТНО ХРВАТСКА„ - ТРАДИЦИЈА ПРИСПОСОБЕНА НА МОДЕРНИ СЛУЧУВАЊА И ТРЕНДОВИ**



Со цел поблиско запознавање со овогодинешниот Меѓународен саем за производи и услуги од руралните подрачја „ЕКО ЕТНО ХРВАТСКА“,што ќе се одржи од 26 до 30 октомври 2011 година во Загреб, Република Хрватска, во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација пред повеќе од 20 македонски компани заинтересирани за присуство на Саемот (12.9.2011 година).-Тоа е еден од најголемите и најпосетуваните манифестации во Хрватска, - истакна Дијана Катица, претседател на Управата на „Хрватски Фармер“. На „Еко Етно Хрватска“ годинава ќе има околу 700 изложувачи од сите жупании и локални самоуправи на државата, но и од европските земји. Саемот ќе го следат 114 акредитирани новинари, домашни и од странство, а се очекува да го видат од 30.000 до 50.000 лица. Саемот се состои од три саемски проекти: 9. Саем за производи и услуги на руралните подрачја во Хрватска „Еко Етно Хрватска“; 3. Саем на производи и услуги на руралните подрачја и традиции на европските држави „Еко Етно Европа“ и 3. Саем на руралниот туризам и традиции „Еко Етно Туризам“.

**15.9.2011 година**

**Промоција на Меѓународниот саем за земјоделство, храна и пијалаци “АГРОКОС„ од Приштина, Република Косово - СПЕЦИЈАЛНИ ПОПУСТИ ЗА УЧЕСТВО НА МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ**



Заради поблиско запознавање со годинешната саемска манифестација, „АГРОКОС“, од страна на претставници на водечката саемска куќа ЦЕО од Косово, во Стопанската комора на Македонија, пред 20-тина заинтересирани македонски компании се одржа промоција на Меѓународниот саем за земјоделство,

храна и пијалаци „АГРОКОС“. За компаниите од Македонија кои ќе допатуваат во Приштина организирано преку најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава организаторите обезбедуваат 15 отсто попуст на саемскиот аранжман. Идеал Реџа спомена дека за компаниите ќе биде обезбедена и банкарска гаранција за привремен извоз во Косово, за да се отстранат проблемите при премин на границата за време на траење на Саемот. „АГРОКОС“ ќе ги собере на едно место водечките локални и светски производители на свежо овошје и зеленчук, месо и сувомесни производи, зачини, морски производи, алкохолни и безалкохолни пијалаци, кафе и чај, апарати за производство на пијалаци и амбалажа. Воедно, во рамките на Саемот ќе се одржи и фестивал на пивото.

**5 - 8.10.2011 година**

**ОДРЖАН ПРВИОТ МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА ВО МАКЕДОНИЈА**

Во периодот од 5 до 8 октомври 2011 година, се одржа Првиот меѓународен саем за транспорт и логистика во организација на Групацијата ЕРА - Скопски саем, кој воедно е и прв саем од ваков вид на Балканот. На Саемот најмногу доминираа шпедитерските и логистичките компании, членки на Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори – МИФА, како Фершпед, Дени Интернационал,Schenker, Gebruder Weiss, Интереуропа, МСЦ Скопје, Трансконт, Блу Бел Маритајм....., како и неколку осигурителни компании, банки, софтверски компании и ГПС-системи. За време на дебатата „Инвестициите во патната инфраструктура – основен чинител за развој на македонското стопанство и економија“, која се одржа претпоследниот ден од одржувањето на саемската манифестација, учесниците (Царинската управа на РМ, Стопанската комора на Македонија, Агенцијата за странски инвестиции, Сојузот на стопански комори, Макамтранс, Агенција за државни патишта, Агенција за регулирање на пазарот на железнички услиги и др.) аргументирано ги посочија проблемите во патната инфраструктура во земјава, со осврт врз преземените активности и предлози за надминување на истите. Претседателот на Групацијата на шпедитери и логистички оператори при Стопанската комора на Македонија истакна дека за поздравување е податокот дека изградбата на 90% од инфрастуктурата на Коридорот 10 е веќе постигната. Она што загрижува е состојбата со Коридорот 8, имајќи предвид дека неговата функционалност е нужна потреба и ако истиот не се операционализира, како земја ќе бидеме целосно исклучени од светските трендови. Коридорот 8 треба да остане стратешка определба, а економската исплатливост може да се очекува подоцна, затоа што во услови кога истиот не се користи ќе бидеме заобиколувани, па со тоа ни економскиот ефект не може ни да го очекуваме, - истакна господинот Шкријељ.

**15.11.2011 година**

**„АГРОФУД 2011“од 15 до 19 ноември на Скопски саем - СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СО СВОЈ ШТАНД**

Промоција на најновите производи од прехранбената индустрија, земјоделската механизација, амбалажата и транспортот, бизнис-форуми, работилници, дебати, стручни предавања и билатерални средби, се само дел од содржините на 61. Меѓународен саем за широка потрошувачка „АГРОФУД 2011“, што официјално почна од 15-ти до 19 ноември 2011 година. Стопанската комора на Македонија на годинашново издание на „АГРОФУД 2011“имаше свој штанд. Во рамките на „АГРОФУД 2011“ првпат се одржа и Вински фестивал, а традиционално продолжи и манифестацијата Еко-етно Македонија чие мото годинава е „Живеј рурално - делувај урбано“.

**30.11.2011 година**

**Промотивен ден на Аргентина во Стопанската комора на Македонија – ЗАПОЗНАВАЊЕ СО АРГЕНТИНСКАТА ЕКОНОМИЈА ЗАРАДИ УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИЛАТЕРАЛНАТА ТРГОВСКА РАЗМЕНА**

Во насока на унапредување на економската соработка и интензивирање на трговските релации меѓу бизнис-секторот од Македонија и од Аргентина, преку доближување на аргентинското стопанство и неговите економски потенцијали до бизнис-заедницата од нашата земја, во Стопанската комора на Македонија беше одржан промотивен ден на Аргентина. Аргентина е голем производител на земјоделски производи, иако само 8 отсто од населението живее во рурални средини. Таа е најголем светски извозник на соја и на био дизел, трет произведувач на генетски модифицирани производи, а четврта по продукција и извоз на ТВ-серии. Со соработката со Аргентина претприемачот добива можност за учество на целиот пазар на Јужна Америка. Аргентина е вратата за влез во јужноамериканската економска заедница МЕРКОСУР со пазар од 298 милиони потрошувачи, БДП од 3,3 билиони американски долари и 11.018 САД долари по глава на жител.Ова на македонските стопанственици им го порача Гилермо Салвадор Азрак, аргентинскиот амбасадор со седиште во Софија, кој е надлежен за Македонија, на промоцијата во Стопанската комора на Македонија.Постои можност не само за размена на стоки, туку и размена на знаења и ресурси за подобрување на состојбата во инустријата, изјави амбасадорот Азрак пред презентацијата. Постои и можност за соработка на полето на енергетиката, бидејќи кај нас е развиена технологијата за добивање природен гас кој се користи кај автомобилите и домаќинствата. Станува збор за специјална технологија која овозможува гасот да се дистрибуира до домовите во местата каде што не постојат гасоводи. Мислам дека веќе има иницијативи за искористување на ваквата технологија во Македонија, - рече Азрак.



**30.11.2011 година**

**Резултат на соработката на Стопанската комора на Македонија со Амбасадата на Кралството Холандија во Македонија - ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ХОЛАНДСКИ ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ**



Стопанската комора на Македонија и Амбасадата на Кралството Холандија во Македонија организираа презентација на холандски програми за поддршка на мали и средни претпријатија. Холандската Влада, нуди четири програми за помош на малиот и средниот бизнис: - ММФ - Посредништво во пронаоѓање партнери во Холандија за трговија и инвестиции, (Matchmaking facility - MMF); - ПСИ - Финансиски грантови за поддршка на инвестиции во нови производи и услуги на приватниот сектор (Private Sector Investments - PSI); - ПУМ програмата - обезбедување експертиза од холандски компании за македонски компании и – ЦБИ– Центар за помош во надворешна трговија - заеднички инвестициски програми и планови на холандски и македонски фирми. Македонски компании кои досега најмногу користеле ваква помош се од областа на туризмот, земјоделството, производството на храна и текстил. За секој проект, посебно се одобруваат различни средства, но максималниот износ којшто една компанија може да го добие како грант е 750 илјади евра, а пример е компанијата „Стилкон“, која неодамна е отворена во Куманово. Стопанската комора на Македонија заедно со поддршката на Амбасадата на Холандија во Македонија ќе направи можности и информирање на презентираните програми, истите да бидат

достапни до бизнис-зедницата со цел активно да се вклучат и да аплицираат за наредната 2012 година.

**6.12.2011 година**

**На „ФИНЕКСПО 2011“ се расправаше за „Актуелните состојби во финансискиот сектор и нивното влијание врз развојот на реалната економија“ - МАКЕДОНИЈА Е ПОДГОТВЕНА ЗА СИТЕ МОЖНИ СЦЕНАРИЈА НА ДОЛЖНИЧКАТА КРИЗА ВО ЕВРОПА**




На Скопски саем, на 6.12.2011 година, беше отворен 9. Меѓународен саем за финансии, деловни можности и економски развој „ФИНЕКСПО 2011“ на кој учествуваа комерцијални банки од РМ, Управата за јавни приходи, осигуренителни компании, инвестициски фондови и софтверски куќи.Организатор на годинашното издание на оваа саемска манифестација е Скопски саем, покровител е Министерството за финансии на Република Македонија, а партнер е Стопанската комора на Македонија, преку Здружението на банкарството и Здружението на осигурувањето.Заменик-претседателот на Владата и министер за финансии, м-р Зоран Ставрески, истакна дека Владата на Република Македонија, во рамките на своите можности и надлежности, го поддржува, и во иднина ќе го поддржува стабилниот развој на банкарскиот сектор. Во таа смисла, Владата преку Минитерството за финансии, а во соработка со банките во следните четири години ќе реализира два проекта со цел да им помогне на граѓаните на кои не им е решено станбеното прашање. М-р Зоран Ставрески пред претставниците на банкарскиот и реалниот сектор истакна дека Република Македонија е подготвена за сите можни сценарија на должничката криза во Европа. Буџетот содржи три сценарија, од кои две се експлицитно, а третото имплицитно содржани во него. Тој нагласи дека првото сценарио е со проектираниот раст од 4,5 проценти, коешто ќе зависи од случувањата во Европа и кое подразбира во некој пократок временски период да се решат состојбите. Можни се и другите сценарија кои се однесуваат на тоа дека европската криза може да потрае и многу подолго. Третото сценарио, кое не е содржано во буџетот, но е можно, е да бидат направени корекции на буџетот во вид на ребаланс доколку состојбите во Европа дополнително се влошат. На трибината беше отворена дискусија за Предлог-законот за задолжница со цел решавање на неликвидноста на македонското стопанство, беа истакнати забелешките на Здружението на банкарството во врска со последните измени на Законот за процена со предлог итна измена на Законот и изземањето на банките и штедилниците од овој закон, за што м-р Зоран Ставрески истакна дека со оглед на аргументите и забелешките реално е да се прифати барањето на банките, а на тркалезната маса беше исто така отворена дискусија во поглед на состојбата во еврозоната.



# ОДРЖАНИ 13 БИЗНИС ФОРУМИ И САЕМСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО СТРАНСТВО

**20.01.2011 година**

**Македонски фирми учествуваа на „ВИРОЕКСПО 2011„ во Република Хрватска - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ВРСКИТЕ СО ВИРОВИТИЧКОТО СТОПАНСТВО**

Во периодот од 20-23 јануари 2011 година во Вировитица, Република Хрватска, се одржа 16. Меѓународен саем на стопанството, занаетчиството и земјоделието „ВИРОЕКСПО 2011„. На манифестацијата, под покровителство на Владата на Република Хрватска, се претставија над 700 фирми, излагачи од 19 земји од регионот и пошироко, а ја отвори претседателката на хрватската Влада, Јадранка Косор. На Саемот, којшто е насловен „Македонија - земја партнер", учествуваа 27 фирми од Македонија со свои производи од областа на текстилот, земјоделството, винарството, занаетчиството и туризмот, кои ги претставија своите производи и остварија многубројни контакти. Некои од македонските компании потпишаа и договори за продолжување на својата бизнис- соработка.

**14.4.2011 година**

**На гастрономскиот натпревар "Бисер на морето 2011" на Брач во Хрватска средба на македонските претставници со Јалчин Манав – претседател на сите федерации на готвачи од Турција - МАКЕДОНСКИ ГОТВАЧИ НА БЕСПЛАТНО ШКОЛУВАЊЕ ВО ТУРЦИЈА**



На Меѓународниот гастрономски натпревар "Бисер на морето 2011" на Брач во Хрватска, Венера Андриевска од Стопанската комора на Македонија и претставници од „Александар Палас" остварија заедничка средба со Јалчин Манав, претседател на сите федерации на готвачи од Турција. На средбата е договорена поблиска и поинтензиван соработка на македонските готвачи со федерацијата од Турција, а ќе се организира и семинар во Стопанската комора на Македонија на која ќе биде пренесено турското гастрономско искуство. Турската федерација, како што посочи Јалчин Манав, на учесниците на овој семинар ќе им додели сертификат WACS (од светската федерација на готвачи). Со него секој готвач од Македонија ќе може да работи како професионален готвач надвор од земјата, бидејќи сертификатот е меѓународно призанат. Во исто време, во организација на Стопанската комора на Македонија ќе биде организирана турска недела во хотелот „Александра Палас", со присуство на готвачи од Турција кои ќе ја презентираат турската кујна преку разни видови чорби, салати, традиционални јадења, домашно вино и ракија. На состанокот со претседателот на сите федерации за готвење од Турција се разговараше за можноста млади готвачи да заминат на едукација во Турција и да се школуваат бесплатно. Ваквата можност, како што најави Манав, Турција ја има преку Проектот „Да Винчи", што е договорен и одобрен од турското Министерство за образование.

**16.4.2011 година**

**Што и како се готвеше на Меѓународниот фестивал по гастрономија „Бисер на морето 2011" на Брач во Хрватска - ЗЛАТО ЗА КВАЛИТЕТОТ НА КУЈНАТА НА ВРВНИТЕ МАКЕДОНСКИ ХОТЕЛИ**

На Меѓународниот фестивал "Бисер на морето 2011", што се одржа од 13 до 17.4.2011 година, се натпреваруваа готвачи од 17 земји: Хрватска, Босна и Херцеговина, Срија, Црна гора, Македонија, Италија, Словенија, Чешка, Австрија, Романија, Турција, Украина, Латвија, Молдавија, Албанија, Саудиска Арабија и Русија. Хотелите „Александар палас", „Метропол" - Охрид и „Романтик" од Велес за квалитетот на кујната со која се претставија се закитија со златни медали. Уште 12 други (вкупно 15 медали) освоија македонските готвачи на овој меѓународен гастрономски натпревар. Во поединечна конкуренција најдобриот македонски готвач на овогодинешниот СКМЕР беше Стевче Стеваноски од Прилеп. Тој освои златен

медал за поединечно готвење риба, бронзена за вегетаријанска храна, сребрена за национална кујна како лидер на готварскиот тим од Крушево. На гастрономскиот натпреварот на Брач и оваа година се претстави Дејан Христовски, познатиот готвач на шоуот “4 сезони”. Се натпреваруваше во поединечна конкуренција и освои две трети места за вегетаријанска храна и десерт.Беа доделени многу признанија и благодарници за оние кои придонеле да се одржи и да се реализира организацијата околу Фестивалот „Бисер на морето 2011“. Организаторите и` доделија Благодарница на Венера Андриевска од Стопанската комора на Македонија за начинот на кој е организиран и учествува македонскиот тим на оваа манифестација. Меѓународниот фестивал „Бисер на морето 2011“ (СКМЕР) се одржа по 6-ти пат, втор по ред на островот Брач во Хрватска.

**17.5.2011 година**

**Македонски компании во посета на четири меѓународни саеми од 12 до 14 мај 2011 година во Бурса, Турција - БРОЈНИ КОНТАКТИ И ЗАПОЗНАВАЊЕ СО НАЈНОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со овластениот застапник на саемскиот организатор – „Адонис груп“ од Скопје, реализира посета на македонски компании на Саемот на технологии за калапи „MOULD EURASIA“, Саемот за пакување и пластика „PACKAGING PLASTIC“, Саемот за автомобилска индустрија „BURSA AUTO TECHNIC“ и Саемот за безбедносни системи, што се одржаа од 12 до 15 мај 2011 година во Бурса, Република Турција. На саемските манифестациии беа присутни посетители од македонските компани „Раде Кончар контактори и релеи“ од Скопје, ЛТХ „Леарница“ од Охрид и „Благој Ѓорев“ од Велес. При посетата на Саемот, стопанствениците остварија бројни контакти со повеќе познати компании и имаа можност да стапат во контакт и да се запознаат со најновите технологии и трендови на реномирани компании, производители на алати, калапи, автомобилски делови, опрема за пакување и пластика, како и безбедносни системи за водење процеси и опрема за безбедност при работа.

**28-31.5.2011 година**

**Македонските компании на “TEXPO EURASIA 2011’’ во Истанбул, Република Турција - УВИД ВО НАЈНОВИТЕ СВЕТСКИ ДВИЖЕЊА ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА**

Делегациија од 20-тина македонски компании, предводени од Стопанската комора на Македонија, во периодот од 28 до 31 мај 2011 година, го посетија 28. Саем за текстил, ткаење, предива, плетење, везење, трикотажа и машини за текстил „TEXPO EURASIA 2011“, како и 8. Меѓународен саем за предива „INTERNATIONAL ISTANBUL YARN FAIR“.Македонските компании имаа можност да се запознаат со најновите светски движења во областа на текстилната дејност, современите технологии, опрема и алати за машинска обработка на текстилот, како и разни машини за современа обработка на предива и трикотажа. Новите модели и современиот дизајн на сите видови на машини кои беа изложени на Саемот “TEXPO EURASIA 2011’’ се добра платформа за македонските производители да ги следат најновите трендови во текстилната индустрија, како и можност за отворање на перспективи за осовременување и збогатување на нивниот асортиман на производи. Стопанствениците од Македонија имаа успешна посета на Саемот, остварија бројни контакти со турските и останатите излагачи, а исто така остварија и билатерални средби, на коишто беше изразена желбата за натамошна соработка. Се очекува во догледно време контактите да се претворат во реални бизнис-потфати.

**12.9.2011 година**

**Македонски компании на Меѓународниот саем “МОС” во Целје -ТЕХНОЛОШКА ПОТКРЕПА ЗА МАЛИТЕ БИЗНИСИ И ЗА ЗАНАЕТЧИИТЕ**

Делегација од 30-тина македонски компании, во организација на Стопанската комора на Македонија, во периодот од 6 до 9 септември 2011 година, го посети 44. Меѓународен саем за занаетчиство и мали бизниси во Целје, Република Словенија. На Саемот беа презентирани иновации, модели на развој, најновите достигнувања во претприемништвото, а беа изложени производи и претставени услуги. На една од најголемите саемски манифестации во регионот од областа на занаетчиството и малите бизниси, земаа учество преку 1000 директни

изложувачи од над 34 земји од регионот и светот, а го посетија околу 150 илјади посетители. На Саемот македонската делегација беше пречекана од страна на македонскиот амбасадор во Република Словенија,Игор Попов, претседателот на Македонско-словеначкиот клуб од Словенија, Марјан Шифтар, како и претседателот на Стопанската комора на Целје, Драго Полак. Добредојде на стопанствениците им посака и извршниот директор на Саемот, Приде Обрез Прескар, а 44. Меѓународен саем во Целје беше отворен од страна на премиерот на Република Словенија, Борут Пахор. Македонските компании на Саемот имаа можност да се запознаат со најновите светски текови во областа на занаетчиството и малите бизниси, да ги видат најновите модели и современиот дизајн на сите видови на машини кои беа изложени, кои се добра платформа за македонските производители да ги следат најновите трендови во светското производство.

**7.10.2011 година**

## Романско-македонски бизнис-форум во Букурешт - ПОТТИК ЗА НОВИ ИНВЕСТИЦИИ И ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛНИ ПРОЕКТИ



За нас Романија е важен партнер и од клучно значење за двете држави е интензивирање на меѓусебната економска соработка, особено трговската размена.Ова им го порача д-р Ѓорѓе Иванов, претседател на Република Македонија, на романските бизнисмени на Македонско-романскиот бизнис-форум, што се одржа во Комората за индустрија и трговија во Букурешт (7.10.2011 година). На Форумот, покрај македонски и романски компании, учествуваат и компании од Италија. Инаку, при средбата на д-р Ѓорѓи Иванов и неговиот домаќин Трајан Басеску, претседател на Романија, беа потпишани билатерални договори од областа на научната, економската и техничката соработка и од областа на туризмот.На Македонско-романскиот бизнис-форум присуствуваше и бизнис-делегација од Стопанската комора на Македонија, предводена од д-р Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во Скопје. Со деловните луѓе од Романија за подобрување на размената меѓу двете земји разговараа претставници на следните македонски компании-членки на Стопанската комора на Македонија: „Фершпед“, „Витаминка“, „Сковин“, „Ролоспас“, „Димко Митрев“, „Дасто инженеринг“ и „Рафајловски консалтинг“.

**19.10.2011 година**

## Македонските компании го посетија Меѓународниот саем за преработка на дрво и мебел во Истанбул - „ЈАСЕН МЕБЕЛ“ ГО ПОДНОВИ ПРОИЗВОДСТВОТО СО НОВА МАШИНА ЗА КРОЕЊЕ ДРВО



Компанијата „Јасен Мебел„ од Струмица од Истанбул се врати со нова машина за кроење со што значајно ќе го модернизира и ќе го зголеми своето производство. Ова е конкретниот резултат од посетата на саемската манифестација во Турција. Имено, во периодот од 15 до 18 октомври 2011 година, во Истанбул се одржа 24. Меѓународен саем за преработка на дрво, алати за сечење и рачни алати „WOOD PROCESSING MACHINERY 2011“ и 14. Меѓународен саем за мебел, шумарство и технологија за дрво „INTERMOB 2011“.Делегациија од 20-тина македонски компании, предводени од Стопанската комора на Македонија, во периодот од 15 до 17 октомври 2011 година ја посетија оваа саемска манифестација. Во прашање е еден од најголемите саеми во регионот од областа на дрвната индустрија, на кој годинава земаа учество над 700 водечки компании од преку 30 земји во светот, а само за два дена го посетија 60 000 посетители од Турција и од светот.

**31.10.2011 година**

**Македонски компании на Саемот "PLAST EURASIA" во Истанбул - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО НАЈНОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ И ДВИЖЕЊА ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПЛАСТИКА**

Делегациија од 30-тина македонски компании, предводени од Стопанската комора на Македонија, на 27 и 28 октомври 2011 година го посетија Саемот за пластика „PLAST EURASIA 2011“. Саемот се одржа во Истанбул, Република Турција. На оваа саемска манифестација, учествуваат голем број компании одТурција, Германија, Италија, Јапонија, Кина и од други земји, а ги имаа изложено најголемите достигнувања во пластичната индустрија. Македонските компании имаа можност да се запознаат со најновите светски текови во пластичната индустрија, современите технологии, машини и опрема за обраборка на пластични маси, како и хемикалии кои се употребуваат во производството на пластични производи.Стопанствениците од Македонија имаа успешна посета на Саемот, остварија бројни контакти со излагачи на Саемот, дел за купување на машини, дел за унапредување на технологијата и сл.

**15.11.2011 година**

**Бизнис-форум меѓу бизнис-заедниците од регионите на Прилеп, Струмица со Торбали од Република Турција - РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА МОЖЕ ДРАСТИЧНО ДА ЈА ЗГОЛЕМИ РАЗМЕНАТА**

Трговската размена не го отсликува потенцијалот на двете држави. Нашата цел е да работиме на зголемување на вкупната надворешно-трговска размена, оцени Бекчет Чинар, претседател на Управниот одбор на Стопанската комора од регионот Торбали во Република Турција. - Градежништвото, земјоделството, текстилната и хемиската индустрија се секторите за кои турските бизнисмени од овој регион се заинтересирани да инвестираат во Македонија. Интерес има и за инвестирање во областа на туризмот и во здравствениот сектор.Во Стопанската комора на Македонија се одржа бизнис-форум меѓу компании од регионите на Прилеп и Струмица во Република Македонија и компании од регионот на Торбали од Република Турција.

**8-12.12.2011 година**

**Македонски компании излагачи и посетители на „Фудист 2011“ во Истанбул - БЕРИЌЕТОТ ОД КОНТАКТИТЕ ВО 2012 ГОДИНА**

Во периодот од 8 до 12 декември 2011 година, во Истанбул, Република Турција, се одржа 6. Меѓународен саем за храна и пијалаци “ISTANBUL FOOD AND BEVERAGE 2011”; Саемот за продавници, трговски центри „MAMTECH ISTANBUL 2011” и Саемот за приватни посебни брендови „LABEL PRODUCTS FAIR 2011”. “FOODIST 2010” беше таргетиран за прехранбениот сектор и пијалаци од Евроазискиот и Источномедитеранскиот регион, како атрактивна точка за глобалната трговија и е значајна маркетиншка платформа каде што се среќаваат меѓународните производители и трговци. Меѓу 276 компании од различни земји и повеќе од 25.000 посетители (Бугарија, Мароко, Палестина, Ирак, Иран, Израел, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Србија, Русија, Сирија, Јордан, Египет, Грција) и македонските компании ги претставуваа своите производи. На македонскиот штанд, покрај претставувањето на Стопанската комора на Македонија, своите производи ги изложија „Генома“ и „ВИГО“ од Скопје, „Макпрогрес“ од Виница, „МЏ Робин„ од Гостивар и „Еко Розалес“ од Богданци. Забележлива беше посетеноста и интересот за македонските производи од страна на деловните луѓе и посетителите на Саемот. Покрај излагачите, Саемот го посетија и 60 посетители од Македонија. Остварени се многубројни контакти, а меѓу другото договорена е соработка со Анталија Експо Центар „АНФАС“, за организирање на заеднички саемски манифестации во 2012 година. Од претставниците на Саемот во Анталија за македонските компании се понудени извонредно добри услови за учество на тамошните саемски манифестации, и како посетители и како излагачи, особено од областа на прехраната, индустријата за вино, туризмот, а посебно бањскиот туризам.

**13.12.2011 година**

**Македонско-италијански бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија - ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ДОЛГОГОДИШНАТА СОРАБОТКА СО ПОВЕЌЕ ИНВЕСТИЦИИ**




Триесетина италијански стопанственици, кои претставуваа по неколку големи и средни компании, пристистигнаа во земјава на иницијатива на македонската Амбасада во Рим, а со поддршка и Агенцијата за странски инвестиции на РМ и на Стопанската комора на Македонија. Тие учествуваа на Македонско-италијанскиот бизнис-форум, што се одржа во Комората и кој предизвика голем интерес кај домашните компании. Интересот за продлабочување на соработката е евидентен од присуството на италијанските компании на средбава, - истакна амбасадорот на Р.Македонија во Р.Италија, Велимир Топаловски. Се надевам дека италијанските фирми кои се овојпат присутни во земјава ќе најдат локални партнери за влез на нивните производи во Македонија. Италијански компании се заинтересирани да инвестираат во Македонија. За нив се примамливи евтината работна сила и ниските даноци во земјава. Посочено беше дека интерес постои и во областа на обновливите извори на енергија кои се од најголем интерес за италијанските фирми, потоа за секторот на животна средина и за отпадоци и за вода за пиење. Во областа на здравството има четири-пет компании заинтересирани за отворање на очни и кардиохирушки болници, за интериери за болници, - информира директорот на „Неуромедика“,Емил Угриновски. Како што истакна амбасадорот Топаловски, во првата половина од следната година се планира возвратна посета на поголема македонска бизнис-делегација на Република Италија, на која ќе земе учество и Стопанската комора на Македонија.

**16.12.2011 година**

**Македонско-српски бизнис-форум со учество на претседателите на државите, д-р Борис Тадиќ и д-р Ѓорѓи Иванов - ПОТПРЕНИ ЕДНИ НА ДРУГИ ВО АМОРТИЗИРАЊЕ НА КРИЗАТА**

Двете држави треба да работат на продлабочување на економската соработка и во рамките на тоа намалувањето на трговскиот дефицит што го има Република Македонија во трговијата со Република Србија. Ни требаат регионален производ, банка, логистика, се` што ќе овозможи реиндустријализација на овие простори и на тој начин да конкурираме на европските и светските пазари. Но, за сето тоа да се направи потребен е развој на инфраструктурата. Развојот и порастот на БДП во двете земји мора да се одвиваат покрај Коридорот 10. Ова го порача Бранко Азески на Македонско-српскиот бизнис-форум што се одржа во Стопанската комора на Македонија во присуство на претседателите на двете држави, д-р Борис Тадиќ и д-р Ѓорѓи Иванов. Форумот предизвика голем интерес и на него присуствуваа повеќе од сто компании од двете земји, кои остварија и бројни бизнис-контакти. Милош Бугарин, претседател на Стопанската комора на Србија, се согласи дека ЦЕФТА-договорот дава огромни предности за




соработка на двете земји и тој е посебно значаен за Србија.Речиси 30 отсто од размената таа го има со овој регион и во трговијата има суфицит. Но, неопходно е да ги отстраниме нетарифните бариери. Досега се детектирани околу 90 и третина од нив се отстранети. Претседателите на двете држави д-р Ѓорге Иванов и д-р Борис Тадиќ на бизнисмените на Македонско-српскиот бизнис-форум им порачаа дека економиите на двете земји се комплементарни и упатени една кон друга. Овој форум се одржува во услови кога владите и стопанствениците се обидуваат да ги надминат последиците од светската економска и финансиска



криза. Владите се тука да ги подобрат условите за соработка преку клучни инфраструктурни проекти, како што се Коридорот 10, гасоводното поврзување, но и изградба на далноводот Ниш - Куманово, - нагласи д-р Ѓорѓи Иванов. Д-р Борис Тадиќ посебно подвлече дека Македонија и Србија се две пријателски земји, два бескрајно блиски народа, две култури кои произлегуваат една од друга и се потпираат една на друга.Неговата порака е дека Македонија и Србија треба да соработуваат на сите полиња, особено потенцирајќи ги високото образование и науката. - Без млади и високообразовани кадри не може да се изврши реиндустријализација и технолошки развој, без кој не е можно чекорење напред, - додаде Тадиќ. Две превентивни мерки се исклучително важни за амортизирање на „економското цунами“ кое ни се заканува. Едната е проширувањето на пазарите и искористување на сите договори за слободна трговија што ги имаат потпишано двете земји. Втората е внатрешниот пазар и зголемувањето на потрошувачката на него, што исто така е многу важна превентивна компонента. Нашите земји се мали и затоа треба многу блиску да соработуваат за да го зголемат пазарот, а ние треба да пронајдеме механизми да се потпреме едни на други.

## ПОСЕТИ НА ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО КОМОРАТА

**25.3.2011 година**

**Новоименуваниот амбасадор на Молдавија во Република Македонија, Александру Пригорски, во посета на Стопанската комора на Македонија - ДИРЕКТНИ БИЗНИС-КОНТАКТИ И ПРОМОЦИЈАНА СТОПАНСТВАТА ЌЕ ЈА ЗГОЛЕМАТ РАЗМЕНАТА**



-Очигледно дека не е доволна само Договорот за слободна трговија – ЦЕФТА за да се подобри размената меѓу двете земји, туку е потребно поголемо промовирање на трговскиот и инвестиционен потенцијал на корпоративно ниво, – беше заедничката констатација при посетата на Александру Пригорски, новоименуваниот амбасадор на Молдавија во Република Македонија, со седиште во Софија на Стопанската комора на Македонија. Од страна на домаќините беше истакнато дека нетарифната бариера во билатералната комуникација на компаниите е и визниот режим, бидејќи е потребно да се оди лично во трета земја за да се добие македонска или молдавска виза. Амбасадорот Александру Пригорски вети дека ќе се разгледа можноста визите периодично да се издаваат и во Скопје. При средбата, претставникот на Комората истакна дека постои добра и долгогодишна соработка со Трговско-индустриската комора на Молдавија и дека двете деловни асоцијации, заедно со другите од земјите-потписнички на ЦЕФТА-Договорот се партнери во Проектот за имплементација на ЦЕФТА-Договорот со Унијата на германските трговски и индустриски комори.

**30.5.2011 година**

**Средба на македонски компании со економските промотори на земјава во САД, Велика Британија, Турција, Белгија, Канада и Франција - КОМОРСКА ЛОГИСТИКА ЗАРАДИ ПОГОЛЕМ ПРОТОК НА ИНФОРМАЦИИ**




Во рамките на подготовките на идните економски промотори во САД, Британија, Турција, Белгија, Канада и Франција, кои треба да заминат на своите обврски во септември годинава, Стопанската комора на Македонија и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, организираа брифинг и средби со компании заинтересирани за извозот во овие земји во Стопанскта комора на Мкедонија. Оваа иницијатива е резултат на барањата на членките на Стопанската комора на Македонија, изразени при разгледување на Нацрт-стратегијата за промоција на извозот на Република Македонија (4 февруари 2011 година), а тоа е „да се овозможи подобро запознавање со производите и производните програми наменети за пласман на одделни пазари, преку директни контакти на компаниите со промоторите“.На средбата со промоторите, на која учествуваа преку дваесетина македонски компании, уште еднаш, од страна на деловните луѓе се истакна значењето на директната комуникација со промоторите и потребата од воспоставување на систем на проток на информации. Во таа смисла, Стопанската комора на Македонија ги понуди своите промотивни логистички ресурси.

**22.7.2011 година**

**СРЕДБА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВОЗНИЦИ со Стојан Карајанов, амбасадорот во Косово**

Со цел поконкретно информирање со новонастанатата состојба од воведувањето на мерките на Владата на Косово од 20.7.2011 година, за забрана на увоз на стоки од Србија, односно воведување царинска такса од 10 отсто за увозот на стоки од Босна и Херцеговина во Косово, како и за можните импликации врз македонскиот извоз од истите, во Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок на претставници на бизнис-заедницата со амбасадорот на Република Македонија во Косово, господинот Стојан Карајанов.На состанокот господинот Карајанов изнесе дека мерките кои влегоа во сила, донесени се врз основа на реципроцитет, како одговор на тоа што Србија не го признава печатот на косовската царина, со што го оневозможува извозот од Косово во Србија. Имено, проблемот со непризнавањето на печатот од страна на Србија, се должи на фактот дека потписник на Договорот за слободна трговија ЦЕФТА 2006, од косовската страна е УНМНИК, а во меѓувреме, по прогласувањето на косовската самостојност, печатите на Царинската управа на Косово не беа земани како легитимни од страна на Србија и БиХ, согласно потписникот на ЦЕФТА.

**13.9.2011 година**

**Посета на Н.Е. Мариет Шурман, новоименуван амбасадор на Кралството Холандија во Република Македонија на Стопанската комора на Македонија - НЕОПХОДНИ ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ И ПОВИСОКИ ОБЛИЦИ НА СОРАБОТКА**



Интензивирање и развивање на одличните односи, како на економски, така и на институционален план, динамизирање и конкретизирање на можностите за соработка меѓу Република Македонија и Кралството Холандија, се заложбите на институциите од двете земји. Во тој контекст е и првата протоколарна посета на Мариет Шурман, новоименуваниот амбасадор на Кралството Холандија во Република Македонија во Стопанската комора на Македонија (13.9.2011 година).Посакувајќи и` успешно извршување на нејзината нова функција, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, ја информираше за приоритетните барања на бизнис-заедницата во земјава во поглед на зголемување на конкурентноста на македонските компании и воопшто за побрз економски развој, кои се усвоени и внесени во владината програмата за наредниот четиригодишен период. Осврнувајќи се на актуелната економска состојба во државата, Бранко Азески истакна дека сериозните инфраструктурни зафати, поддршката на извозно ориентираните компании и привлекувањето на нови странски инвестиции се клучните прашања за интегрирање на македонската екононмија на меѓународно ниво, за пораст на националниот БДП и за отворање на нови работни места.

**21.9.2011 година**

**Средба на д-р Роберт Кирнаг, амбасадор на Република Словачка во Република Македонија, со Бранко Азески - ПОГОЛЕМА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ОДГОВОР НА КРИЗАТА**



Компаниите од Словачка оценуваат дека Македонија е идеален простор од кој тие можат да настапуваат во Црна Гора, Албанија и Косово. Словачката страна треба повеќе да се ангажира меѓу странските и интернационалните инвеститори во Словачка за да можат тие да го унапредат бизнисот со инвестициите во регионот, особено во Република Македонија. Ова го нагласи д-р Роберт Кирнаг, амбасадор на Република Словачка во Република Македонија, за време на средбата со Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија (21.9.2011). Меѓу словачките компании треба повеќе да се промовира перцепцијата за регионалните перспективи на соработка и поврзување на веќе постојните словачки инвестиции во одделни држави на регионот со другите држави – пазари. Општата криза може да се ублажи или да се надмине со поширока соработка, – истакна амбасадорот Роберт Кирнаг. Бранко Азески се сложи со констатацијата на амбасадорот и истакна дека е очигледно дека прекинот од 20 годнини на билатералната соработка, а и суштинските промени во двете земји што се случија во меѓувреме, бараат повеќе заеднички ангажман за да се препознаат интересите. Стопанската комора е подготвена да се стави во таа функција, што го потврдува и билатералниот проект со Регионалната комора на Братислава за формирање пет инфо-

бизнис-центри за мали и средни претпријатија (Скопје, Битола, Кочани, Неготино, Охрид). Простор има и за соработка во туризмот и во ИТ-технологијата.

**6.10.2011 година**

**Трговскиот претставник на Австралија во Стопанската комора на Македонија - РЕГИОНАЛЕН ПРИСТАП КОН ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН**

Владата на Австралија го смени економскиот пристап кон државите настанати од поранешните ју-републики од билатерален во регионален, давајќи акцент на вложувањата во обновлива енергија, пречистување на води, инфраструктура и производни капацитети за трети пазари, – информира Стеван Васиќ, трговски претставник при Амбасадата на Австралија, со седиште во Белград, задолжен за Србија, Македонија, БиХ, Хрватска и Црна Гора, при посетата на Стопанската комора на Македонија (6.10.2011 година). Мојата посета на Македонија е со цел да се испитаат интересите за регионални потфати и да се идентификува локален институционален партнер. Приватниот сектор треба да ги дефинира интересите, за потоа да се побараат компании, австралиски партнери, поддржани од австралиската Влада, – додаде Стеван Васиќ.Стопанската комора на Македонија изрази подготвеност за институционална поддршка во промовирањето на можностите.

**19.10.2011 година**

**НР Кина и Република Македонија ќе ја интензивираат економската соработка во 2012 година - ПРВИОТ ЧЕКОР Е ДИРЕКТНАТА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ БИЗНИС-СЕКТОРОТ**

За првите четириесет дена колку што сум во Република Македонија можев да се уверам дека во сите слоеви на општеството постојат пријателски чувства кон Кина и дека постои голем потенцијал за соработка во областа на економијата, културата и образованието. Затоа се важни директните контакти меѓу владите и меѓу компаниите. Постојат конкретни кинески инвестициони интереси за изградба на хидроцентрали (особено за ХЕЦ Чебрен и Галиште), патишта и за осовременување на железницата, зоната Бунарџик, како и за Проектот Вардарска Долина, - истакна Cui Zhiwei, новоименуваниот амбасадор на Народна Република Кина во Република Македонија, во разговорот со својот домаќин Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, информирајќи го и за стратегијата за билатерално унапредување на економската соработка во 2012 година. Кинеската страна гледа можности скромната структура на македонскиот извоз да се подобри со зголемување на извозот на храна и вино. Фактот дека во првите шест месеци од годинава е остварена трговска размена колку во цела 2010 година, е и обврска за кинеската страна да го поддржи македонското стопанство преку овозможување на директни контакти.

**25.11.2011 година**

**Амбасадорот на Лаос во Република Македонија, Н.Е. Камкеуанг Боунтеум во посета на Комората - ДАЛЕЧИНАТА НЕ ТРЕБА ДА Е ПРЕЧКА ЗА СТОПАНСКА СОРАБОТКА**

- Иако Лаос е далеку и недоволно познат како трговски партнер во регионот, сепак е можна соработка, – посочи Камкеуанг Боунтеум, амбасадор на Лаос во Република Македонија со седиште во Виена, при неговата посета на Стопанската комора на Македонија. Неговата посета следеше по предавањето на акредитивите за своето ново именување.Оваа земја со 6,5 милиони население и површина од 5000 км квадратни, сместена на југоисток на Азија, без излез на море, и покрај растот од 6% (во 2010 год.7,7%) останува земја со неразвиена инфраструктура и со ограничени телекомуникациски врски. Во економијата доминира производството на ориз којшто учествува со 30% во БДП и 70% во вкупната вработеност. Светската банка проценува дека по 2020 година Лаос ќе излезе од УНДП-програмата за недоволно развиени земји. Амбасадорот Камкеуанг Боунтеум изрази заинтересираност за соработка и заеднички вложувања во одгледување и преработка на лековити и други билки во Лаос и за можност за едукација на нивните студенти во Македонија.

# ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ




Во својата информативно-публицистичка дејност, Стопанската комора на Македонија во 2011 година го користеше својот портал (www.mchamber.mk), електронското неделно издание „Бизнис Инфо", редовниот дневен „Електронски информатор", како и повременото дистрибурирање на соопштенија до средствата за јавно информирање по повод одредени настани, реагирања или пласирање на сопствени ставови, мислења, барања. Во областа на публицистичката дејност, а по повод на 89-годишнината од Стопанската комора на Македонија, беше издадено е луксузно издание „Време е за промена на досегашниот модел на економски развој", на македонски и на англиски јазик.

Во ажурирањето на веб-порталот на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава посебно се водеше сметка на брзината на пласирањето на вестите, соопштенијата и актуелностите, како и на секојдневното објавување на богати содржини од областа на делувањето на Стопанската комора на Македонија и воопшто од македонската економија. На порталот на Комората се објавени со фотографии буквално сите активности на облиците и телата на делување, вклучувајќи ги и регионалните комори. Посебно се водеше сметка, на сајтот да се најдат информации од покровителите и членките на Комората, како и да им се овозможи на деловните луѓе да имаат комплетно информирање за случувања во економијата. Во просек дневно на сајтот се поставуваа по 8 текста, а со тоа Комората го обезбедуваше дневното информирање на своите членки.




Во 2011 година беа издадени и 44 електронски изданија на „Бизнис Инфо" во просек на околу 40 страници. Неделникот обајавуваше во просек околу 160 текстови во едно издание и тој е издание во кое се објавуваат пошироки текстови, кометари и анализи подготвени од експертите на Комората, како дополнение на она што е поставено на сајтот. Покрај тоа, ова издание е своевиден летопис на сите случувања во македонската економија во периодот од една недела, како и на значајни настани во рамките на светската економија. Електронското издание на „Бизнис Инфо" во просек по број го посетувале по околу 1.300 читатели.

Во функција на поуспешно информирање и акцентирање на своите активности, а и реагирање по одредени случувања во македонската економија, во Стопанската комора на Македонија во текот на 2011 година редовно беа свикувани прес –конференции, секој понеделник во утврден термин. Вкупно беа одржани 37 брифинзи со новинарите, кои во просек ги скледеа по 7 снимателски екипи од електронските медиуми и 15 новинари од другите медиумите. Инаку, претставници од средствата за информирање од земјава беа поканувани на сите настани во Комората. На тој начин, во текот на минатата година во Комората претстојувале новинарски екипи на над 100 настани, или во просек секој втор ден „куќата на бизнисот" била посетена од новинари и сниматели.

# УСЛУГИ ЗА КОМПАНИИТЕ

## ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**Согласно Програмата за работа за 2011 година, Центарот за едукација и развој на човечки ресурси реализираше 47 настани (семинари, советувања и сл.), а на истите учествувале вкупно 1.275 учесници. Реализираните обуки беа од областа на маркетингот, менаџментот, правото, проектното работење, европски програми и сл.**

Центарот за едукација учествуваше во активностите на низа проекти и работни групи во рамките на Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и Центарот за образование на возрасни, Советот за стручно образование и Советот за образование на возрасните. Како членови на Советот за образование на возрасните учествувавше во имплементацијата на стретегијата за образование на возрасни. Центарот за едукација учеструваше во изготвувањето на стандардите на занимања, Концепцијата за посредно образование, Националната рамка на квалификации, Законот за признавање на професионалните квалификации и сл.

Реализирани семинари и обуки во 2011 година:

- 24 јануари 2011 година - семинар на тема: **„Инкотермс 2010";**
- 28 јануари 2011 година - еднодневен семинар на тема:**„Актуелни прашања од Законот за работни односи";**
- 1-2 февруари2011 година -дводневен семинар на тема:**„Како да се подготвите за користење на ИПАРД-средствата и успешно да ја пополните апликацијата и инвестиционата програма за проект";**
- 3-5 февруари 2011 година - семинар на тема: **„Инкотермс 2010и познавањето на преференцијално потекло на стоките, како предуслов за зголемување на конкурентноста, паметно инвестирање и избегнување на потенцијални казни";**
- 8 февруари 2011 година – инфо-средба на тема:**„ИЕЕ (Интелигентна енергија за Европа) и можностите за учество во меѓународно финансирани проекти од енергетскиот сектор";**
- 10 февруари2011 година - еднодневенсеминар на тема:**„Внатрешната ревизија во трговските друштва и јавните претпријатија во Република Македонија";**
- 23-24 февруари2011 година - дводневен семинар на тема:**„Финансиските извештаиивреднување на инвестиционите проекти";**
- 28 февруари2011 година - еднодневен семинар на тема:**„Зголемување на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа";**
- 9 март2011 година- семинар на тема:**„Инкотермс 2010";**
- 11 март 2011 година - еднодневен семинар на тема:**ОСНОВЕН ФИДИК-ЦРВЕНА КНИГА;**
- 15 март 2011година – инфо-средба на тема: „**Можности за успешно учество на македонски претпријатија во ЕУ-Програмата ЦИП, Потпрограма Еко-иновации (Eco – innovation)";**
- 13-16 март 2011 година - семинар на тема: **„Спроведување на внатрешна ревизија и употреба на ревизорски техники и повраток на ддв од странство"** реализиран воХотел „Касина" 3*, во Белград, Република Србија;
- 16 март2011 година – еднодневен семинар на тема:**„Трговската марка"- И вашиот знак нека стане БРЕНД!;**
- 21-22 март 2011 година -дводневен семинар на тема: **„Како да се подготвите за користење на ИПАРД-средствата и успешно да ја пополните апликацијата и инвестиционата програма за проект";**

- 23 март2011 година -еднодневен семинар на тема: **„Зголемување на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа";**
- 29 март 2011 година - еднодневен семинар на тема: „**Легализација на бесправно изградени објекти";**
- 18 април 2011 година - еднодневен семинар на тема:**„Новини во Законот за извршување што ќе се применува од 1 јули 2011година";**
- 19 април2011 година -еднодневен семинар на тема: **„Зголемување на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа";**
- 27 април 2011година - еднодневен семинар на тема:**Новиот Закон за хемикалии и европската регулатива REACH;**
- 3 мај 2011 година – инфо-средба на тема: **"ЦИП ЕКО-Иновации";**
- 20 мај 2011 година - еднодневен семинар на тема: **„Стекнување на напредни вештиниза изработка на инвестициони проекти за финансирање на бизниси";**
- 27 мај 2011 година - еднодневен семинар на тема: **„Аспекти со управувањето со АД, големи зделки со заинтересираната страна, тајно друштво";**
- 16 јуни 2011 година- дебата: **„Балканот, Израел и Арапската пролет"**
- **учесници: експерти за Блискиот Исток, дипломати, новинари;**
- 14 јуни 2011 година -еднодневен семинар на тема: **„Измени во Законот за добивка и во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка";**
- 23 јуни 2011 година - презентација: „**Финансирање на реалната економија – како да се привлече капитал за развој преку Берзата?";**
- 29 јуни 2011година - симулација: „**Подготвеност за криза за ефективно управување со човечки ресурси";**
- 30 јуни 2011 година - еднодневен семинар на тема: „**Имплементација на Законот зауправување со пакување и отпад од пакување и импликации на работењето на компаниите";**
- 20септември2011 година - еднодневен семинар: **„Новини во Законот за извршувањекојшто се применува од 1 јули 2011 година"(Присилно извршување на парично побарување врз основа на веродостојна исправа);**
- 27 септември 2011 година - еднодневен семинар: „**Цели и примена на Законот зауправување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори и импликации на работењето на компаниите";**
- 29 септември - 1 октомври 2011 година- советување на тема:**„Арбитражата како поефикасен и побрз начин на решавање на споровитеи актуелни теми од областа на граѓанското процесно право",** реализирано воБанско, Република Бугарија;
- 13 октомври 2011 година - еднодневен семинар: „**Нецарински бариери со кои се соочуваат компаниите при извоз ифитосанитарната контрола на производи";**
- 19октомври 2011 година - еднодневен семинар:**„Како правилно да изготвите документација за учество на тендер";**
- 26 октомври 2011 година – еднодневен семинар на тема:**„Систем на менаџирање со ризикот од хемикалии во Република Македонијаво согласност со европското законодавство";**
- 8 ноември 2011 година - еднодневен семинар на тема:**„Остварување на правата на акционерите и содружниците ипобивање на одлуките во трговските друштва";**
- 7-8 ноември 2011 година- обука за ИПАРД-програмата на тема: „**Како успешно да подготвите деловен план и документација за да добиете грант од ИПАРД-Програмата";**

- 17-19 Ноември 2011 година - советување на тема:**„Управување со оперативен ризик, правен ризик и ризик од неусогласеност со прописи - практики и искуства“**, реализиран во Војводина, Република Србија;
- 22.11.2011 година -еднодневен семинар со наслов:**„Учество на електронски постапки за јавни набавки и е-аукции".**
- 24 ноември 2011 година -еднодневен семинар со наслов:**„Учество на електронски постапки за јавни набавки и е-аукции";**
- 29 ноември 2011 година -еднодневен семинар со наслов:**„Арбитражата како поефикасен и побрз начин на решавањенаспоровитеи актуелни теми од областа на граѓанското процесно право“;**
- 6-7 декември 2011 година-дводневен семинар со наслов**: ”Енергетска Ефикасност”;**
- 12 декември 2011 година-еднодневен семинар со наслов:**„Учество на електронски постапки за јавни набавки и е-аукции";**
- 22 декември 2011 година-еднодневен семинар со наслов:**„Инкотермс 2010".**

## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Форм А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2011 до 30.12.2011 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 1256 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 10.362 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 320 АТА-карнети;
- 28 потврди за ексклузивитет;
- 3 потврди за слободна продажба;
- 40 потврди за производител;
- 16 потврди за членство во Комората;
- 287 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);

9 мислења за исполнување на економските услови.

## ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

ISO 9001:2008
FS 549642

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2011 година:

***1) консултантски услуги за воведување на системи за управување со квалитет, согласно ИСО 9001:2008:***

- процесот на имплементација на Систем за управувањесо квалитетсогласно ИСО 9001:2008, е завршен во 3, а продолжува во 6компании;

***2) консултантски услуги за воведување на системи за управување со животната средина, согласно ИСО 14001:2004:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со животна средина согласно ИСО 14001:2004, е завршен во 2, а отпочнат во 5 компании;

***3)сертификациии ресертификации на системи за управување со квалитетот,*** во фирми кои го имаат имплементирано истиот систем, согласно договорот со БСИ (British Standards Institution) и Комората:

- извршена е сертификација и ресертификација на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008 во име на БСИ, во 6компании;

***4 ) сертификации и ресертификации на системи за управување со безбедна храна,*** во фирми кои го имаат имплементирано истиот систем, согласно договорот со БСИ (British Standards Institution) и Комората:

- извршена е ресертификација на Систем за управување со безбедна храна согласно ИСО 22000:2005 во име на БСИ, во 4 компании;

***5) континуирани проверки на системи за управување со квалитетот,*** во фирми кои го одржуваат Системот за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008:

- извршена е континуирана проверка на Систем зауправување со квалитет согласно ИСО 9001:2008 во име на БСИ, во 50 компании;

***6) учествувано во меѓународни проекти:***

- Quality and food safety systems in the fruit andvegetable food chain in Macedonia- Knowledge transfer from Belgium to Macedonia, financing by Flanders- Training of trainers, co-operation programme between Flanders and Central and Eastern Europe, partners: K.H.Kempen and Economic Chamber of Macedonia (Организирана посета на компании во Белгија во контекстна горенаведениот проект: „Винарија Валандово“ -Валандово, „Пивара“ –Скопје, „МИК Гроздановски“ -Куманово, „МИС Глобус“ -Скопје, „Аманита“ -Битола, „Слога 88“ -Радовиш, „McDonald’s – Скопје);

- PACE Project-Eurochambers-Асоцијација на европските комори (кој ги покрива регионите на Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија , Црна Гора и Србија,) со цел утврдување на степенот на усогласеност на нашето стопанство со европските регулативи од областа на: животната средина, безбедноста и здравје при работа, производство на хемикалии, производство на храна и техничка хармонизација (CE-ознака ) - партиципирање на 30 фирми од Македонија;

- National Capacity Building in the field of Quality ManagementSystems and Environmental Management Systems Implementationin Montenegro, Macedonia and Bosnia and Herzegovina-”Training ofconsultants for ISO 14001-EMS”- co-operation programme between Slovakia and Eastern Europe, partner: Astraia, Slovakia (two years project 2010-2011) (Обука од страна на претставници на Astraia, во Скопје („Сковин“ и „Брилијант“);

- International workshopon commercial Quality Standards for fresh fruit and vegetables for countries of southeast, central and eastern Europe”, организирана од страна на UNECE-United Nations Economic Commission for Europe, Асоцијација на хрватски пазари на големои хрватското Министерство за земјоделство;

***7) активно учество во работата на техничките комитети при Институтотза стандардизација и акредитација на РМ:***

- ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРМ;
- ТК 9 за системи за квалитет при ИСРМ;
- ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ и
- ТК за сертификациони тела при ИАРМ;

***8) учество на семинари/обуки од областа на стандардите за менаџмент системи ИСО 9001, ИСО 14001, ХАЦЦП, ХАЛАЛ;***

***9) активно учество во имплементација и одржување на Системот за управување со квалитет во Стопанската комора на Македонија, согласно ИСО 9001:2008, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности.***

# ЕВРОПСКИ ИНФОРМАТИВЕН И ИНОВАТИВЕН ЦЕНТАР ВО МАКЕДОНИЈА (ЕИИЦМ)

Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија, како македонски национален конзорциум во рамките на Европската мрежа на претприемачи – Enterprise Europe Network, отпочна со работа кон крајот на март 2008 година.

enterprise europe network

Мрежа на бизнис можности

Во моментов, Мрежата е присутна во 47 земји. Географски ја надминува територијата на Европа и е присутна на скоро сите континенти. Неа ја сочинуваат околу 600 организации - стопански комори, универзитети, владини агенции, центри за трансфер на технологии, технолошки паркови, национални структури за поддршка на иновации и сл. Република Македонија со прифаќањето на ЦИП-програмата, преку партнерство со Европската комисија ги отвори истите можности и за македонските претпријатија. Кај нас Enterprise Europe Network е присутна преку конзорциумот Европски информативен и иновативен центар. Конзорциумот е составен од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување, Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија и Стопанската комора на Македонија. Координатор на конзорциумот е Универзитетот. Управувањето, мониторингот и евалуацијата на целата мрежа Европската комисија ги додели на Извршната агенција за конкурентност и иновации која за таа цел ја основа со седиште во Брисел.

Проектот во Република Македонија се одвива на ист начин како и во другите земји, односно во три етапи: првата 2008-2010 година, втората 2011-2012 и третата крајна етапа во 2013 година. Во истата временска рамка трае и ЦИП-програмата. Имајќи ја предвид новата Стратегија за интелигентен, одржлив и инклузивен развој Европа 2020, еден од важните елементи за развој на иновативна ЕУ ќе биде и Enterprise Europe Network кој во иста или во слична форма ќе егзистира и после 2013 година. Годишната програма за работата на ЕИИЦМ е изработена согласно Работната програма за периодот 2011 - 2012 година, доставена и одобрена од страна на Извршната агенција за конкурентност и иновации (ЕАКИ).

За проектниот период 2011-2012 година, проектните активности насочени кон компаниите нема да се разликуваат во голема мерка од досегашните.

Од аспект на реализација на Работната програма во првиот проектен период на ниво на конзорциумот, сите четири партнери организираа 73 настани на кои имаше повеќе од 3000 учесници. Учествувавме на 11 настани и кампањи организирани од страна на Европската комисија, дадовме поддршка и одговоривме на повеќе од 1600 прашања на тема ЕУ, посетивме повеќе од 200 македонски партнерства, организиравме неколку брокерски настани и компаниски мисии, а во моментов ги гледаме и првите договори за партнерства кои фирмите ги реализираат преку нас. Од аспект на реализација на Работната програма можеме да резимираме дека ЕИИЦМ направи добра работа затоа што институциите-партнери во проектот почнаа успешно да работат заеднички. Воведовме нов начин на работа и воспоставивме нови механизми кои досега не беа познати во Република Македонија. Ова пред се` се однесува на поддршката на иновации и на трансферот на технологии.

Во рамките на промоцијата на можностите на мрежата организиарани се и повеќе промотивни актвности за ЕИИЦМ и меѓународни трговски документи, одржани во рамките на ативностите на регионалите комори во:

- Регионалната комора со седиште во Велес;
- Регионалната комора со седиште воСкопје (со Тетово, Куманово, Дебар, Гостивар, Велес и Гевгелија);
- Регионалната комора со седиште во Битола (со Прилеп, Охрид и Кичево);
- Регионалната комора со седиште во Кочани (со Берово и Струмица).

Организирнаи се и први средби со компании, пополнување на бизнис-профили на компании од Македонија, и остварени контакти со партнери од мрежата за што се подготвени и доставени одговори на бараните прашања.

Органзирани се и следните активности во тековната 2011 година:

- промовирана е брошурата „Предлози за технолошки и бизнис-партнерства од Македонија“ на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ) - ПАТОКАЗ ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ ДА ДОЈДАТ ДО ПАРТНЕРИ ОД ДРУГИ ЗЕМЈИ;
- Македонско-турски бизнис-форум во организација на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ) - ЗАЕДНИЧКО УЧЕСТВО ВО ЕВРОПСКИ ПРОЕКТИ;
- промоција на барања на компании од Европа за соработка со македонски компании- СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - ДЕЛ ОД ENTERPRISE EUROPE NETWORK;
- објава на ПОНУДИ и ПОБАРУВАЧКИ од ЕУ достапни за македонските претпријатија преку Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ). www.een.mk;
- работилница на тема: „Преку иновации и нови технологии македонските компании може да ја зголемат конкурентноста и извозот„ - ПОТРЕБНИ СЕ ВЛОЖУВАЊА И ИНОВАТИВНИ ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ ГИ СПОЈАТ НАУКАТА И СТОПАНСТВОТО.

**29.3.2011 година**

**Промовирана брошурата „Предлози за технолошки и бизнис-партнерства од Македонија“ на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ) - ПАТОКАЗ ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ ДА ДОЈДАТ ДО ПАРТНЕРИ ОД ДРУГИ ЗЕМЈИ**

По повод тригодишнината од постоењето на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ), што беше отворен со поддршка на Европската комисија и Владата на РМ, а го координира Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, беше промовирана брошурата „Предлози за технолошки и бизнис-партнерства од Македонија“. Членка на Корзоциумот на ЕИИЦМ е и Стопанската комора на Македонија. Цел на брошурата е да им помогне на македонските мали и средни претпријатија во нивната потрага по партнерства во други земји. Во неа се опишани профилите кои од ЕИИЦМ се внесени во меѓународната база за бизнис, технолошка и научна соработка, креирана од земјите во кои е присутна Enterprise Europe Network - најголема мрежа на контактни центри кои им обезбедуваат информации и советувања на компаниите. Мрежата се состои од околу 600 локални партнерски организации во 47 земји, промовирајќи конкурентност и иновации.Брошурата е наменета за дистрибуција на меѓународни саеми, собири и промотивни манифестации. Ректорот на УКИМ, д-р Велимир Стојковски, промовирајќи го изданието на ЕИИЦМ рече дека Универзитетот успешно го следи темпото на глобалните научни и технолошки иновации. - По три години работа, денеска можеме да се пофалиме дека ЕИИЦМ, чиј координатор е Универзитетот, е полноправна членка и партнер во Европската мрежа на претпријатија, која работи под Европската комисија. Министерот Никола Тодоров рекол дека Владата и МОН ги поддржуваат сите активности преку кои ќе се стимулира квалитетното образование, но и трансферот на нови знаења и технологии кои ќе придонесат за силно стопанство, високи технолошки стандарди и економски развој на државата. Во 21-от век, на глобалниот европски пазар, сосема е извесно дека инвестирањето во знаењето, нови технолошки решенија и иновации е клучната димензија во технолошкиот развој, затоа што пазарот секогаш ја прифаќа поквалитетната понуда. Токму затоа, за да се одговори на сите тие предизвици на европскиот пазар, градејќи ја нашата конкурентска предност и користејќи ги нашите технолошки можности, Владата на РМ пред три години заедно со Европската комисија го поддржа отворањето на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија, давајќи значаен придонес во поврзувањето на науката, стопанството, трансферот на технологии и промоцијата на нашите мали и средни претпријатија, како клучен фактор во нашиот напредок, - истакнал министерот Тодоров.

**14.4.2011 година**

**Македонско-турски бизнис-форум во организација на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ) - ЗАЕДНИЧКО УЧЕСТВО ВО ЕВРОПСКИ ПРОЕКТИ**

Воспоставување директни контакти меѓу македонски и турски компании и заедничка соработка на европски проекти беше целта на Македонско-турскиот бизнис-форум што се одржа во Скопје, во организација на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ). Од директните средби меѓу 20-те турски и стотина македонски компании се очекува да произлезат партерства за соработка, а Меморандумот што беше потпишан во рамките на Форумот меѓу партнерите на ЕИИЦМ и две стопански комори од Турција ќе претставува основа за заедничко учество во европски проекти. - Меморандумот ќе отвори идни перспективи за заедничка соработка на европски проекти, за заедничко организирање и на други манифестации со цел да се развие економска, научно-истражувачка и технолошка соработка меѓу двете држави. Ова е долгорочен договор којшто треба да овозможи учество во заеднички европски проекти бидејќи Република Македонија и Република Турција се две земји-кандидати за членки на Европската унија кои имаат слични отворени можности за соработка во рамките на Унијата, изјави пред почетокот на Форумот Виктор Стојмановски, менаџер на конзорцуимот Европски информативен и иновативен центар во Македонија. Бизнис-форумот беше во организација на (ЕИИЦМ) кој е проектен конзорциум составен од четири партнери: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Стопанската комора на Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото и Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување. ЕИИЦМ е член на Enterprise Europe Network. Во организацијата учествуваа и коморите на Газијантеп и на Елазиг од Република Турција.



**25.5.2011 година**

**Промоција на барања на компании од Европа за соработка со македонски компании- СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - ДЕЛ ОД ENTERPRISE EUROPE NETWORK**

Глобализацијата подразбира обединување. Со создавањето на Европската унија, се обединија националните пазари во Евро-зоната и се формираше единствениот европски пазар. Овој пазар нуди огромен потенцијал, особено за малите и средни претпријатија (МСП).Заради ефикасно и ефективно искористување на овој потенцијал, Европската комисија во јануари 2008 година донесе одлука да ја формира Европската мрежа на претпријатија – Enterpirse Europe Network. Со тоа се создаде најголемата меѓународна мрежа за поддршка на МСП која работи според принципот на едношалтерски систем. Мрежата постојано се шири и во својот обем веќе почна да го надминува европскиот економски простор и има тенденција да стане глобална.Enterprise Europe Network во Република Македонија е присутна преку Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ).

**8.8.2011 година**

**Објава на понуди и побарувачки од ЕУ достапни за македонските претпријатија преку Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ). www.een.mk**

Заради ефикасно и ефективно искористување на овој потенцијал, Европската комисија во јануари 2008 година донесе Одлука да ја формира Европската мрежа на претпријатија – Enterpirse Europe Network. Со тоа се создаде најголемата меѓународна мрежа за поддршка на МСП која работи според принципот на едношалтерски систем. Мрежата постојано се шири и во својот обем веќе почна да го надминува европскиот економски простор и има тенденција да стане глобална. Enterprise Europe Network во Република Македонија е присутна преку

Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ). www.een.mk 1.Како може да ви помогне ЕЕН? Enterprise Europe Network, е мрежа на бизнис-можности која има за цел да ги понуди сите облици на деловна поддршка на малите и средни претпријатија на нивниот пат кон европските пазари. Во прв ред, тоа се однесува на услуги за сеопфатно информирање со широк спектар на прашања, можностите на единствениот европски пазар од една страна, но и надминување на пречките со кои се среќаваат македонските компании. 2.Сакате да го проширите својот бизнис? Европските претпријатија бараат други, потенцијални партнери кои се занимаваат со дејноста како Вашата, на пример, за остварување на заедничко вложување. Преку нашата База за деловна соработка (Business Cooperation Database), можеме да Ви помогнеме да пронајдете бизнис-партнер според Вашите потреби и секторска припадност, во преку 45 држави од Европа.

**11.11.2011 година**

**Преку иновации и нови технологии македонските компании може да ја зголемат конкурентноста и извозот - ПОТРЕБНИ СЕ ВЛОЖУВАЊА И ИНОВАТИВНИ ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ ГИ СПОЈАТ НАУКАТА И СТОПАНСТВОТО**




Во рамките на Проектот Enterprise Europe Network (www.een.mk), Стопанската комора на Македонија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Македонија (АППРМ), организираа работилница на тема:„Подобрување на успешноста на претпријатијата преку вмрежување, иновации и претприемништво“ (11.11.2011 година).На работилницата, преку видео-конференциска врска од Њујорк, САД, свое предавање имаше д-р Невенка Димитрова, Research Fellow Philips Research North America, Briarcliff Manor, од САД. -Македонија има луѓе со научен капацитет кои работат во познати истражувачки центри низ светот. За жал, нивната искористеност е многу мала од земјата од која потекнуваат. Треба да се следат примерите на Израел, Сингапур и Индија, – истакна во изјавата за македонските новинари д-р Невенка Димитрова. – Во Израел, на пример, до научните институти се лоцирани и старт-ап центри кои веднаш ја преземаат иновацијата и ја претвораат во бизнис. Во Стопанската комора на Македонија сметаат дека во иднина треба да се посвети поголемо внимание на иновациите, бидејќи само иновациите и технолошкиот развој носат продуктивност и развој на земјата. Стопанската комора на Македонија е подготвена преку своите членки да вложува во инвации и нови технологии. Тоа е патот македонските производи да станат поконкурентни во рамките на рагионот и воопшто на светскиот пазар и да се зголеми нивниот извоз, – нагласи на работилницата Бранко Азески, претседател на најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава. – За жал, Македонија во моментов одвојува само 0,18 отсто од БДП за иновации. Се надеваме дека со заеднички напори, и со помош на јавно-приватното партнерство во догледно време ќе ја достигнеме бројката од 2 отсто вложување за иновации.Софче Јовановска, виш советник во Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, препорача многу повеќе да се работи на иницирање иновативни проекти кои треба да направат спој меѓу науката и стопанството. Приватниот сектор, истакна, ќе се мотивира да вложува во развој на иновациите со регулирање на посебни договори во кои ќе се знае кој дел после имплементираната





иновација ќе оди за стопанството, а кој дел за авторот, односно иноваторот. Македонија во 2008 година ја донесе регулативата што ја третира областа на иновациите и регулирањето на интелектуалната сопственост. Според Лисабонската декларација земјите во Европската унија треба да достигнат 3 отсто од БДП во инвестиции за иновации до 2020 година. Во Македонија до 2001 година се бележеше зголемување на процентот одвоен за иновации, а од 2001 година наваму има драстично намалување.

## Постојан избран суд - Арбитража

Постојаниот избран суд - Арбитража дејствува при Стопанската комора на Македонија, како независен орган кој е надлежен за решавање на определен спор доколку странките тоа го договориле.



Во 2011 година се започнати три нови постапки пред Арбитражата, од кои две се завршени, а две се во тек. Започнатата постапка од ноември 2010 година е завршена во јуни 2011 година.

Во 2011 година, беа преземени повеќе активности насочени кон унапредување на работата на Арбитражата како и на нејзината промоција, како алтернативен начин на решавање на спорови. За таа цел во 2011 година се донесоа нови акти за работа на Постојаниот избран суд-Арбитража при Комората: Правилник на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, кој е донесен на 20.04.2011 година и изменет и дополнет на 15.12.2011 година; Правила за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, донесен на 26.10.2011 година); нови Листи на арбитри, со истакнати домашни и странски експерти од областа на арбитражното право и постапка и Етички кодекс на арбитрите.

Во 2011 година се преземаа активности во функција на запознавање на субјектите со новите правила, како и за информирање за предностите од договарање на надлежноста на арбитражата, како побрз и поефикасен начин за решавање на споровите помеѓу стопанските субјекти, преку организирање на: прес-конференција за Арбитражата, советувања (во Банско, Бугарија и во Скопје), презентации на актуелни теми од областа на арбитражата (со компании од РК Прилеп, РК Битола), рекламна кампања во печатените медиуми. Во едукативните и промотивните активности, посебен внимание се посвети на предностите на решавањето на спорови пред арбитража во однос на судењето пред државни судови (пократко времетраење на постапката, намалени трошоци, непристрасност и стручност на арбитрите, доверливост на постапката, едностепеност во одлучувањето, олеснето признавање и извршување на арбитражните одлуки во странство). Во функција на промоција на арбитражата, се пристапи кон изработка на промотивен материјал за Арбитражата – брошура на тема: Што треба да се знае



за арбитражата, во која, преку прашања и одговори, се разработени најзначајните прашања поврзани со постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија.

## ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува Проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени и глобалната криза во текот на 2011 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството, со цел амортизирање на негативните влијанија врз бизнисот.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

Врз основа на планираната програма за 2011 година успешно се воведоа уште 3 типа на покровителства од повисоко ниво: ЗЛАТЕН ПАРТНЕР, ПРЕМИУМ И СИЛВЕР ПОКРОВИТЕЛСТВО, кои во себе вклучуваат и поголем број на услуги и придобивки по однос на истите во интерес на покровителите.

Според планираната Програма за 2011 година:

- зголемен е бројот на покровители;
- активиран е Проектот „Меѓусебна соработка меѓу покровителите преку размена на стоки и услуги попосебни услови“;
- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации,промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- реализирано е покровителство - Единствен златен партнер со 1 компанија;
- склучени се договори за ПРЕМИУМ Покровителство со 4 компании;
- направена е поделба на покровителствата по типови со различни услуги и цени наведени во договорите;
- активирана е можноста за договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите), за промоција, на барање на покровителите;
- остварени се поинтензивни контакти и работни средби и активности со покровителите од страна на координаторот за покровители при Стопанската комора на Македонија;
- изготвени се рекламни сталажи за пропаганден материјал од покровителите;
- изготвени се стоечки/светлечки рекламни паноа за Премиум-покровителите;
- целосно се исполнети точките од договорите за покровителство кон покровителите;
- во текот на 2011 година уште 5 реномирани компании се приклучија во овој проект – Покровители на Стопанската комора на Македонија, и на крајот на годината вкупниот број на покровители на Стопанската комора на Македонија изнесува 29.

Воедно, целосно се реализирани планираните финансиски и технички активности во работната програма за 2011 година на Центарот за покровители, со надминување на планот за 37 %.

**ЗЛАТЕН ПАРТНЕР**
на Стопанската комора на Македонија

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД
Скопје

**ПРЕМИУМ ПОКРОВИТЕЛИ**
на Стопанската комора на Македонија

FENI INDUSTRIES

VERO
Супер за цел град

ALPHA BANK

Капитал...

**ПОКРОВИТЕЛИ**
на Стопанската комора на Македонија

EVN macedonia
OKTA
vitaminka
TING
PERPETUUM MOBILE SECURITY
ТИКВЕШ
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
EVROPA
МАКПРОГРЕС
РЕ МЕДИКА
Мени
VASIDORA
TEHNOMETAL VARDAR
Duna
РАДЕ КОНЧАР - ТЕП
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС
HALKBANK
АГРОФИЛА
eurolink
Comfy Angel
ДЕ-НИ
Orfej